**УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ- БИТОЛА**

**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ**

АНДОН ЛАЗАРОВ

# ПРОЦЕНКА НА ЗАКАНИТЕ И РИЗИЦИТЕ ЗА СПРОТИВСТАВУВАЊЕ НА САМОУБИСТВЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ

(магистерски труд)

Скопје, 2024

<u>**Ментор**</u>

**Проф. д-р Злате Димовски**

редовен професор на Факултет за безбедност- Скопје

Универзитет „Св. Климент Охридски„- Битола

**Членови на комисија:**

**Проф. д-р Борис Мургоски**

редовен професор на Факултет за безбедност- Скопје

Универзитет „Св. Климент Охридски„- Битола

**Проф. д-р Драгана Батиќ**

редовен професор на Факултет за безбедност- Скопје

Универзитет „Св. Климент Охридски„- Битола

**Датум на одбрана--------------------------------**

**Датум на одбрана---------------------------------**

**Предмет: Изјава**

Јас, Андон Лазаров, студент на Факултетот за безбедност- Скопје, со место на живеење во Кавадарци, изјавувам дека поднесениот магистерски труд под наслов „Проценка на заканите и ризиците за спротивставување на самоубиствен тероризам,, претставува мој самостоен труд и истиот претставува резултат на самостојна работа во текот на изработката. Согласен сум да ги сносам сите обврски и одговорности кои произлегуваат од неовластено користење на туѓ текст или плагијаторство, согласно важечките законски и подзаконски акти кои ги регулираат авторските и сродните права.

**Андон Лазаров**

**АБСТРАКТ**

Терористичките организации преземаат самоубиствени акции само ако имаат подршка од својата заедница (или во некои случаеви од спонзори). Така политичките и економските санкции против заедницата од која терористите доаѓаат, комбинирани со дипломатски притисоци на нивните заштитници можат да го намалат интензитетот на самоубиствениот тероризам. Борбата против самоубиствениот тероризам мора секогаш да биде потпомогната со големи оперативни притисоци, владите треба да ги подобрат и прилагодат постоечките антитерористички и контратерористички мерки и да ги искористат слабостите на самобијците. Безбедносно-разузнавачките институции во една држава преку процеот на разузнавање треба да дојдат до одредени суштински информации за организацијата. Како на пример кои се луѓето кои ги регрутираат кандидатите за идните самоубијци, каде и кој ја врши обуката на самоубијците, кој ги планира нападите, од каде се финансира организацијата, од каде и како ги набавува оружјето и опремата што ги употребува во акциите и сл. За таа цел надлежните институции треба да применуваат посебни истражни мерки како што се: следење на комуникации, тајно набљудување, следење и визуелно тонско снимање на лица и предмети со технички средства, контролирана испорака и превоз на лица и предмети, користење на лица со прикриен идентитет за следење и собирање на информации или податоци и сл.

Оперативците преку антитерористички мерки секако по претходно собрани податоци треба постојано да вршат притисок врз терористичката организација преку чести вооружени напади врз клучните луѓе во организацијата за регрутација, обука и планирање на напади, врз базите за обука како и пресекување на каналите за снабдување со оружје, опрема и финансии се со цел да се намали ефектот на самоубиствената терористичка организација.

Клучни зборови: тероризам, самоубиствени напади,стратегија, матоди на делување

**Abstract**

Terrorist organizations only take suicidal actions if they have the support of their community (or in some cases sponsors). Thus, political and economic sanctions against the community from which the terrorists come, combined with diplomatic pressure on their protectors, can reduce the intensity of suicide terrorism. The fight against suicide terrorism must always be supported by major operational pressures, governments need to improve and adapt existing anti-terrorism and counter-terrorism measures and exploit the weaknesses of suicide bombers. The security-intelligence institutions in a country should obtain certain essential information about the organization through the process of intelligence. For example, who are the people who recruit candidates for future suicides, where and who carries out the training of suicide bombers, who plans the attacks, where the organization is financed, where and how it acquires the weapons and equipment it uses in the actions, etc. . For this purpose, the competent institutions should apply special investigative measures such as: monitoring of communications, secret observation, monitoring and visual audio recording of persons and objects with technical means, controlled delivery and transportation of persons and objects, use of persons with a concealed identity for tracking and collecting information or data, etc.

The operatives through anti-terrorist measures, of course according to previously collected data, should constantly put pressure on the terrorist organization through frequent armed attacks on key people in the organization for recruitment, training and planning attacks, on training bases as well as cutting off the supply channels of weapons, equipment and finances are aimed at reducing the effect of the suicide terrorist organization.

Keywords: terrorism, suicide attacks, strategy, methods of action

Содржина


ГЛАВА 1 ..... **Error! Bookmark not defined.**

Формулација на проблем на истражувањето ..... **Error! Bookmark not defined.**

Определување на предмет на истражување ..... **Error! Bookmark not defined.**

Теоретско определување на предметот на истражување ..... **Error! Bookmark not defined.**

Појмовно-категоријален апарат ..... **Error! Bookmark not defined.**

Операционално определување на предметот ..... **Error! Bookmark not defined.**

Цели на истражувањето ..... **Error! Bookmark not defined.**

Хипотетичка рамка- хипотези ..... **Error! Bookmark not defined.**

Начин на истражување– методи и техники на истражување ..... **Error! Bookmark not defined.**

Научна и општествена оправданост на истражувањето ..... **Error! Bookmark not defined.**

ГЛАВА 2 ..... **Error! Bookmark not defined.**

ТЕРОРИЗАМ ..... **Error! Bookmark not defined.**

ПОИМ НА ТЕРОРИЗМОТ ..... **Error! Bookmark not defined.**

ДЕФИНИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗМОТ ..... **Error! Bookmark not defined.**

Појавни облици на современиот тероризам ..... **Error! Bookmark not defined.**

Вооружени напади ..... **Error! Bookmark not defined.**

Сакатење ..... **Error! Bookmark not defined.**

Атентати ..... **Error! Bookmark not defined.**

Киднапирање ..... **Error! Bookmark not defined.**

Земање на заложници ..... **Error! Bookmark not defined.**

Киднапирање на авиони ..... **Error! Bookmark not defined.**

Подметнување на пожари ..... **Error! Bookmark not defined.**

Саботажи ..... **Error! Bookmark not defined.**

Напади со хемиски и биолошки агенси ..... **Error! Bookmark not defined.**

Бомбашки напади ..... **Error! Bookmark not defined.**

ГЛАВА 3 ..... **Error! Bookmark not defined.**

САМОУБИСТВЕН ТЕРОРИЗАМ ..... **Error! Bookmark not defined.**

Самоубиство ..... **Error! Bookmark not defined.**

Историски осврт на самоубиствените напади ..... **Error! Bookmark not defined.**

Поим и дефинирање на самоубиствениот тероризам ..... **Error! Bookmark not defined.**

Процес на радикализација ..... **Error! Bookmark not defined.**

Профилирање на терорист-самоубиец ..... **Error! Bookmark not defined.**

Логоа и симболи ..... **Error! Bookmark not defined.**

Предности на самоубиствените напади ..... **Error! Bookmark not defined.**

Идеологија и обука на терористите самоубијци ..... **Error! Bookmark not defined.**

Терористички организации кои практикуваат самоубиствен тероризам**Error! Bookmark not defined.**

Експлозивни направи ..... **Error! Bookmark not defined.**

Експлозии и видови експлозивни материи ....... **Error! Bookmark not defined.**
ГЛАВА 4 ....... **Error! Bookmark not defined.**
СТРАТЕГИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ САМОУБИСТВЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ **Error! Bookmark not defined.**
ЕЛЕМЕНТИ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА БОРБА ПРОТИВ САМОУБИСТВЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ ....... **Error! Bookmark not defined.**
РАЗУЗНАВАЊЕ ....... 103
Поим и дефинирање на разузнавањето ....... 104
Циклус на разузнавање ....... 105
Пред-индикатори на извршување на самоубиствен напад ....... 110
Придонеси и функции на разузнавањето ....... 114
ГЛАВА 5 ....... 116
ФИНАНСИСКИ ДЕЈСТВА ПРОТИВ САМОУБИСТВЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ ВО МАКЕДОНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО ....... 116
ГЛАВА 6 ....... 121
ЗАШТИТА ОД ТЕРОРИСТИЧКИ НАПАД ....... 121
Безбедносен опетативен план ....... 122
Заштитна безбедност ....... **Error! Bookmark not defined.**
Физичка безбедност ....... **Error! Bookmark not defined.**
Мерки за физичка безбедност ....... 141
Информациона безбедност ....... 148
Мерки за информациона безбедност ....... 151
Безбедност на персоналот ....... **Error! Bookmark not defined.**
Мерки за безбедност на персоналот ....... **Error! Bookmark not defined.**
Проценка на ризик ....... **Error! Bookmark not defined.**
Планирање деловен континуитет ....... **Error! Bookmark not defined.**
Комуникациски планови ....... **Error! Bookmark not defined.**
Индикатори за подготвување ини постоење на терористички активности **Error! Bookmark not defined.**
ГЛАВА 7 ....... 170
ИСТРАЖУВАЊЕ И АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ....... 170
Тек на истражувањето ....... 170
Преглед на самоубиствените напади во периодот од 2010 година до 2016 ....... 171
Статистичка анализа на самоубиствените напади ....... 172
ГЛАВА 8 ....... 178
ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ....... 178
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ....... 187

**ГЛАВА 1**

**Вовед**

**Формулација на проблем на истражувањето**

Една од најголемите, ако не и најголема глобална безбедносна закана на современото живеење на денешницава е тероризмот. Зачестеноста на овој вид криминалитет во последните години е до толку голема, што речиси и да не постои ден, а да не биде регистриран некој терористички акт или обид за таков акт. Насловните страни во најголемите светски медиумски куќи, најавните шпици во телевизиските вести, ударните содржини на интернет порталите се сè почесто резервирани за тероризмот.

Тероризмот како појава не е производ на XXI век, но како и целото човештво и тој ги користи придобивките од современото живеење и успева да ги насочи кон остварувањето на своите цели. Целиот технолошки, индустриски, електронски развој му оди во прилог на современиот тероризам. Брзиот проток на информации му овозможува брзо разбранување на масите и целната популација, како и зголемување на степенот на застрашување и ужаснување. Како еволуира човештвото, така еволуира и криминалитетот, а со него еволуира и тероризмот.

Во последните години покрај класичните форми на тероризам како резултат на развојот се јавуваат и нови или таканаречени современи форми на тероризам. Самите терористички организации се сè поорганизирани и по професионални. Напредуваат, ги развиваат своите методи, средства, техники и тактики. Современите терористички организации се карактеризираат со огромни финансиски средства кои истите можат да ги добијат преку вршењето на некој финансиско-профитабилен криминал (трговија со луѓе, трговија со наркотици, кражби на уметнички дела, артефакти, луксузни возила...), преку спонзорства, од страна на одредени влади кои помагаат и финансираат тероризам... Овие организации во своите редови имаат обучени кадри. Почнувајќи од високообразовани лица од сите профили, па и лица кои ќе бидат одговорни за извршувањето на самите акти. Располагаат со најсовремена и софистицирана опрема, поседуваат модерно оружје, имаат разгрането свои мрежи низ целиот свет, постојано регрутирајќи и обучувајќи нови припадници во своите редови. Максимално ја користат моќта на масовните медиуми, како за да извршат терор и заплашување по изведувањето на одреден акт, така и заради привлекување на нови кадри.

Ако ги согледаме случувањата во последните години не е тешко да приметиме колкава е опасноста од тероризмот во современиот свет. Ни најсилните безбедносно-разузнавачки системи не успеаја да му се спротивстават доволно ефикасно. Не постои земја во светски рамки кој е имуна на оваа појава. Од тероризмот се загрозени сите припадници на меѓународната заедница. Нападите над светскиот трговски центар во САД од 11.09.2001, нападот на училиштето во Беслан, (Русија) на 01.09.2004, нападот на лондонското метро на 07.07.2005, нападот на четирите воза во Мадрид, убиството на филмскиот продуцент Тео Ван Гог во Амстердам на 02.11.2004, нападот над Чарли Ебдо во Париз од 07.01.2015, бомбашките напади и пукањата од Париз од ноември 2015, како и бомбашките напади во Брисел кои се случија во март 2016 се доказ за тоа дека тероризмот може секому да му се случи. Кога успеаја да ги нападнат лулката на модерната демократија, главниот град на Европската Унија и двете светски велесили САД и Русија, не би било изненадување ни чудо да биде нападната било која земја во светот.

Граѓанската војната која започна во Сирија на 15 март 2011 изврши големо влијание на целокупното модерно живеење. Првото негативно влијание за меѓународната заедница е тоа што за време на оваа војна се појави и се зацврсти досега најопасната, најсуровата и најрадикална терористичка организација наречена Исламска Држава. На геополитички план пак оваа војна предизвика раселување на голем број сириски државјани низ европските земји. Миграциите се одвиваа преку Турција, Грција, Македонија и Балканот кон западноевропските земји. Проверката на идентитетот на овие луѓе беше минимална а во одредени периоди речиси и да немаше никаква проверка. Па оттаму е лесно да се претпостави дека покрај оние бегалци од војната на европско тло се имаат пробиено и многу терористи кои би се приклучиле на ќелиите кои се инсталирани низ Европа. Истите тие во погоден момент би биле извршители на терористички акти. Значи, после импликациите од војната во Сирија, изложеноста на терористички напади на европскиот континент е подигната на повисоко ниво.

По советската инвазија над Авганистан во 1979 година и особено по исламската револуција во Иран, тероризмот навлегува во една фаза која слободно може да се нарече „Религиозен бран“ на тероризмот каде најголемиот дел од нападите се базираат на религиозна основа. Во овој период расте верскиот фундаментализам и искористувањето на религијата за остварување на своите зацртани цели. Првично станува збор за припадници на исламската религија, но исто така иако во значително

помал обем може да се споменат и сикиите (пунџаби) и евреите(Хеброн 1994 и Рабин 1995).

Во овој период доаѓа до зголемување на бројот на атентатите, заложничките драми, бомбашките напади со импровизирани експлозивни направи а особено до израз доаѓаат самоубиствените бомбашки напади. Религијата отсекогаш била најлесниот начин за регрутирање на воини. Уште од најстарите времиња воените лидери пред секоја битка ги мотивирале своите војници со зборовите „ова е битка на нашите богови против нивните богови“. Слична е мотивацијата и на денешницата. Терористите се регрутираат всадувајќи им во главата дека: а) убивањето во име на Господ не се смета за убиство и грев; и б) убивањето на неверник и самоубиството заради религиозна кауза носат награда во задгробниот живот.

Ако се запрашаме зошто имаме експанзија на самоубиствените напади и зошто расте бројот на терористичките организации кои го практикуваат овој појавен облик пред нас ќе се појават многу причини за тоа. Постојат голем број на предности кои ги нуди овој вид на тероризам за разлика од другите, да споменеме само неколку од нив: самоубиствените напади предизвикуваат голем број на жртви, имаат големо медиумско покривање, план за бегство не е потребен и нема опасност за откривање на ќелијата, нуди економичност и дава оптимална ефикасност.

Во палестинско-израелскиот конфликт, поранешниот лидер на „Хамас“ - Абдула ал-Азис Рентиси ги опишува самоубиствените напади како најважно стратегиско оружје на палестинскиот отпор. Главниот секретар пак на „Палестински исламски џихад“ вака ја сумира ползата од самоубиствените бомбашки напади: „Нашиот непријател го поседува најсофистицираното оружје во светот и неговата армија е многу добро обучена... Ние немаме ништо со што би се спротивставиле на убивањето и насилствата над нас, освен со оружјето на маченииштвото. Тоа е лесно и не чини само нашите животи... Луѓето бомби не можат да бидат поразени...“[1]

Согледувајќи ги случувањата на полето на тероризмот во последните неколку години, влијанието на светските трендови кои истите успеаја да го наметнат со употребата на бомбашите самоубијци и нивната голема ефикасност и економичност, реално е да се очекува дека овој вид на тероризам може само да се шири и да зема уште поголем замав и уште пострашно да делува на целокупната светска популација. Опасноста од овој тероризам е реална. Никој не може да претпостави до каде можат да

[1] Димовски, З., Меѓународен тероризам, Скопје, 2011 год., стр.143

одат овие фундаменталисти, а секој може да биде нивна потенцијална жртва. Независно од тоа дали станува збор за неразвиена земја, земја во развој, развиена држава или светска суперсила, опасноста од бомбашите самоубијци постои над сите и е реална потенцијална опасност.

Заради тоа потребно е сериозно разработување и проучување на овој вид на тероризам. Потребно е проучување на потеклото, регрутацијата, обуката, начините, техниките, тактиките, каналите, оружјето, експлозивните направи кои овие луѓе ги користат. А потоа и креирање на планови и стратегии за борбата против него. Нашата држава како членка на НАТО алијансата во извршувањето на мисии во Ирак, Иран, Авганистан е ставена на мапата на потенцијалните идни жртви на самоубиствени напади. Ако на тоа се додадат и негативните ефекти од големиот проток на мигранти од овие краеви кои поминаа низ нашата држава, неколкуте закани со бомби во главниот град, проектилите кои беа исфрлени кон Владата на Р. С. Македонија како и случувањата од 09 мај 2015 во Куманово реално е да се пристапи кон донесување на стратегија за превентивно постапување и евентуален репресивен одговор доколку дојде до акт на самоубиствен бомбашки напад во територија на нашата држава. Оттука доаѓа и идејата да во овој труд го истражувам самоубиствениот тероризам, како и методите, начините и постапките на справување со истиот, сакајќи да дадам свој придонес во проучувањето на оваа проблематика која реално е „рак рана“ на современото живеење.

Првите самоубиствени напаѓачи кои се идентификувани во историјата, а чии дела можат да се поистоветат со денешните терористички се Зелотите[2]. Нив ги опишува Јосиф Флавиј во неговите „Еврејски антики“ и во делото „Војната на Евреите“ кои ги пишува во I век од новата ера во чест на императорот Веспазијан кај кого работел како советник за еврејски прашања. Тој ги опишува со терминот „Сикарии“ што во превод значи убијци и доаѓа од терминот sicarius што значи оној кој убива со дага.[3]

Зелотите имаат извршено голем број на атентати врз видни политички и верски личности. Тие, „сикариите“, ги колеле своите жртви со помош на нивната дага најчесто дејствувајќи меѓу народот, особено на пазарите. Со ова тие сакале да нанесат страв и да му укажат на целокупното население дека е ранливо, терористичка тактика која и

[2] З. Димовски- Тероризам, Графотранс, 2007 Скопје
[3] Шалијан, Ж. и Блин,А., Историја на тероризмот од антиката до Ал каеда, табернакул, 2009 год., стр.61

ден денес ја користат современите терористички организации. Сикариите можеле да дејствуваат каде било и кога било, тука била нивната моќ.[4]

Иако и во дејствувањето на Зелотите имаме одреден степен на религиозна замешаност, сепак нивната главна цел била политичка, а тоа било ослободување на Јудеја, добивање автономија и свои права. За прва секта или култ кој почнал да го употребува верскиот тероризам можеме да ги посочиме Асасините. Тие се култ кој подолг период егзистирал на територијата на Арапскиот Полуостров а особено биле активни во XII век. Првите муслимани кои се појавиле на Арапскиот Полуостров, за да опстанат морале да се организираат во заедница слична на племе, односно во организација каде во рацете е и политичката и верската моќ.

Со право можеме да речеме дека денешните бомбаши-самоубијци се наследници на Асасините. Многу тактики, методи и начини на делување тие научиле или преземале од овие нивни легитимни претходници. Религиозниот бран кој го зафати светот по 1970 година е во постојан раст, неговите облици и појавни форми постојано еволуираат и се усовршуваат. Метите и целите кои тие си ги поставуваат се сè повисоки и станува збор за објекти и личности кои имаат големо значење за целокупната светска популација. Денешните организации се осудуваат да им се заканат на многу денешни Влади, да влезат и да се замешаат во внатрешните политики на одделни држави, да предизвикаат граѓански војни и сл.

Бројот на терористичките организации во светот кои користат бомбаши самоубијци е голем и постојано расте. Прво се појавуваат нови терористички организации, второ се појавуваат организации во самите организации и трето они кои досега не користеле бомбаши самоубијци почнуваат да ги применуваат. Не можеме да ги наброиме сите терористички организации кои ги користат самоубиствените методи, затоа ќе ги споменеме само најпознатите и најопсните за човештвото:

- радикалната сунитска муслиманска мрежа Ал Каеда (Базата), најпозната и најмоќна организација која има извршено голем број на напади ширум светот, главна цел и е борбата против САД и христијанството и отфрлањето на нивното влијание во исламскиот свет;
- Ал Шабаб (младина), милитантска група формирана во Сомалија во 2004 и ја споделува идеологијата на Ал Каеда, главна цел и е воведување на исламска сунитска држава во Сомалија;

[4] Ибид, стр.65

- Лашкар е Таиба, основана е во раните 90-ти и главна цел и е отстранувањето на индиските сили за безбедност од Кашмир и воспоставување на исламски калифат во регионот;
- Хамас, се појавува во 1987, таа е владејачка партија во појасот Газа а крилото „Бригадите на Изедин ал Касам“ се нивното воено крило, главна цел им е уништување на Израел и формирање на Исламска држава во Палестина. Оттаму и војната која сега се води отворено со Израелската држава;
- Кавкаски емиратска организација која има намера да спроведе шеријатски закони во Кавкаскиот Емират, користи црни вдовици како бомбаши самоубијци, се претпоставува дека има симпатизери и воини „во мирување“ во Европа;
- Исламска Држава на Ирак и Левант, најсурова и најбрутална организација, светот ја дознава по учеството во граѓанската војна во Сирија, нивниот лидер Абу Бакр ал-Багдади на 29 јуни 2014 прогласува калифат на светско ниво и повикува на целосен Џихад; [5]
- Боко Харам, основана кон крајот на 2009 година во Нигерија, главна цел ѝ е создавање на исламска држава во Северна Нигерија која ќе биде водена од шеријатскиот закон и протерување на немуслиманското население од Нигерија;
- Ел Нусра, основана во 2012 година, цел им е рушење на Владата на Башар ал Асад и создавање исламска држава во Сирија, имаат јаки врски со ИСИС;
- Хезболах („Партијата на Алах“), позната е уште и како „Исламски Џихад“ е радикална шиитска група формирана во 1982 година, лоцирана главно во долината Бека во Либан, а главна цел и е воспоставување шиитска исламска влада во Либан и елиминација на не исламското население во Либан, западните држави и Израел;
- Организацијата на Тамилските тигри, организација создадена во 1976 која како главна цел има создавање на независна Тамилска држава во северните и источните делови на Шри Ланка.

[5] Џихад-света војна во Исламот, војна против неверниците.

Голем е бројот на терористичките организации кои го употребуваат самоубиствениот тероризам. Иако се наоѓаат на различни делови од светот сепак може да се каже дека сите тие имаат одредени заеднички особини. Мотиватор и главен двигател на сите овие организации е радикалниот ислам. Заедничко им е и тоа што сите овие организации се залагаат за формирање на исламски држави во регионите каде се активни. Речиси кај сите, една од поставените цели е чистење на теренот од немуслиманското население и борба против западните сили, пред се САД и Израел. На пониско или на повисоко ниво сите организации кои употребуваат бомбаши самоубијци соработуваат меѓу себе. Повикувањето на Џихад е уште една од лепезата на заеднички карактеристики кои ги имаат.

Опасноста од бомбашите самоубијци е висока и постојано присутна. Речиси и да не може да биде предвидена нивната следна жртва. Бомбашките напади можат да се случат во секое време, на секое место и против секого. Извршителите т.е. бомбашите самоубијци немаат свој специфичен изглед, пол, возраст, што ја отежнува работата на безбедносните органи во нивното откривање и рано превенирање. Целите кои што тие ги избираат се фреквентни места каде истите лесно би се вмешале во локалното население и каде бројот на жртвите би бил значително поголем, а и самата вест повеќе би одекнала во медиумите и би извршила поголем терор и страв меѓу популацијата.

Ако тероризмот е „рак рана“ на современото живеење тогаш бомбашите самоубијци се неговиот понапреден стадиум. Со употребата на бомбашите самоубијци се постигнуваат резултати какви што со ниту еден од другите форми на тероризам не можат да се постигнат, притоа со релативно мали и небитни загуби. Заради оваа негова економичност, заради популарноста која истиот ја ужива кај пошироките радикални маси се очекува овој вид на тероризам да почне да се употребува во уште поголеми размери. Реално е и сите останати терористички организации да почнат со негова употреба бидејќи е најбрзиот и нај економичниот пат до остварување на своите замислени цели.

Заради тоа, безбедносно-разузнавачките системи мора да посветат поголемо внимание на оваа проблематика. Потребни се детални проучување и креирање на планови, програми и стратегии за успешна борба против бомбашите самоубијци. Меѓународната заедница мора да заземе еден и единствен став во беспоштедната борба против овој вид на тероризам, а тоа потребно е да се стори што е можно побрзо. Овој вид на тероризам мора да се следи од самиот старт т.е. процесот на радикализација на одредена персона. Се почнува од тука, од промената на вообичаените животни навики,

однесување, промена на местата на посета, интернет страниците кои ги посетува, промена на друштвото, начинот на облекување, својот имиџ и сл. Сите овие индикатори не се сигурен доказ дека одредено лице е радикализирано, но поседување на повеќето од нив веќе преминуваат во основано сомнение и можност за поведување т.е. отворање на криминалистичка обработка за одредено лице.

Во оваа борба на безбедносно-разузнавачкиот сектор му е потребна и помошта од граѓанскиот сектор и од секое едно совесно лице. Сè се сведува на довербата која граѓаните ја имаат во безбедносните органи, безбедносните служби постојат заради граѓаните, а од интерес на граѓаните е давање на правовремени информации со цел остварување на безбедноста на повисоко ниво. Граѓанскиот сектор има улога на главен стратешки партнер на органите задолжени да се грижат за безбедноста во државите. А борбата со самоубиствениот тероризам е една од најтешките пред која се исправиле безбедносните системи во целиот свет.

**Определување на предмет на истражување**

Иако во истражувањето ќе биде опфатен тероризмот во глобала, сепак главниот акцент ќе биде ставен на „бомбашите самоубијци“ и самоубиствениот тероризам. Поточно, како главен и основен предмет на истражувањето е поставен самоубиствениот тероризам, постапките, начините и методите во борбата против истиот, како и подготвување на стратегија за континуирано и долгорочно справување со оваа проблематика. Самоубиствениот тероризам е доста сложен, добро организиран и конспиративен вид на тероризам, за кој е потребен повисок степен на теоретско познавање, но и на практично искуство за да со него можат да се справат безбедносно-разузнавачките структури. Но, каква и да е неговата комплексност сепак постојат начини и методи како би се справиле со истиот. Утописки е да се очекува да истиот се искорени, но со добро смислена стратегија и координирана работа на безбедносните служби, разузнавачките агенции, меѓународните организации и граѓанскиот сектор можно е истиот да се сведи на минимум.

Разузнавачите агенции мора постојано да добиваат информации, истите да ги анализираат и навремено да ги препраќаат и искористуваат. Информациите и нивното следење се еден од најбитните сегменти во борбата со самоубијците. Заради тоа потребно е и правилно и навремено употребување на посебните истражни мерки со кои се зголемуваат шансите за добивање на корисни и конкретни информации и докази кои

на друг начин не би ни било возможно да се добијат или нивното добивање би било отежнато. Таквите информации се однесуваат на: регрутори на лица, кампови за обука, начини на регрутација, места на регрутирање, извори на финансирање, канали на вооружување, места за прикривање, идни планови и акции.

Безбедносните служби пак откако ќе добијат анализирани и сигурни податоци и информации потребно е да изведуваат конкретни оперативни акции. Блокирање на сметките и каналите на финансирање, замрзнување на имотот со цел да се спречат набавките на оружје, финансирањето на терористите и на сите фази со кои е опфатен еден акт на самоубиствен тероризам. Потребно е постојано репресивно одговарање, напади на водачите на ќелиите и на самите организации, напади на нивните бази, кампови за обука, места за сокривање, напади на процесите и каналите на транспорт и сл.  Потребна е постојана 24/7 борба со цел да им се стави до знаење дека некој ги следи, дека државите и меѓународната заедница имаат начини и мерки со кои би им се спротиставиле и би ги поразиле. Но и со цел да не се дозволи граѓаните да ја изгубат довербата во државните институции и да истите не се почувствуваат незаштитени и немоќни. Граѓаните мора да бидат убедени и да видат дека државата прави се за да ги заштити, дека тие не се оставени на милост и немилост на терористите самоубијци.

## Теоретско определување на предметот на истражување

Самоубиствениот тероризам слободно може да се нарече најсмртоносниот  и најопасниот вид на современ тероризам и секако е една од најголемите глобални безбедносни закани. Иако е нај застрашувачкиот, овој вид на тероризам е само еден од повеќето појавни облици на современиот тероризам. Покрај самоубиствениот тероризам во современите општества доста често ги имаме и киднапирањата, грабнувањето на воздухоплови, атентатите, бомбашките напади, сакатењата и др. Со цел да можеме добро да го разбереме самоубиствениот тероризам мораме прво да се обидеме да го дефинираме и современиот тероризам.

Дефинирањето на современиот тероризам е исклучително тешко. Сеуште во светски рамки не постои ниту една општо прифатена официјална дефиниција. Дефинициите кои се дадени во големиот број протоколи, конвенции, декларации, резолуции се разликуваат едни од други. Голем е бројот на автори кои дале свои дефиниции за современиот тероризам. Постојат разлики помеѓу сфаќањата на авторите од различните држави. Постојат разлики меѓу авторите од исти држави , дури и помеѓу

авторите од исти школи, но сепак постојат и голем број на сличности помеѓу дефинициите што дава надеж за добивање на една општо прифатена дефиниција. Како најзастапени елементи во поголемиот дел од дефинициите се наметнуваат: сеење страв и терор, употреба на сила, насилство, закана, очекување на психолошки ефекти и реакции, политички карактер, непостоењето хуманитарни димензии.

Тешкотиите за дефинирањето на современиот тероризам доаѓаат од различна природа. Првенствено, најголемиот дел од терористичките акции имаат политичка позадина и цел, па таквите за едни претставуваат тероризам додека за другите борба за слобода, права или пак демократија. Големиот број на автори не можат да се сложат со одредени сегменти од дефиницијата за тероризмот имајќи свои различни гледишта. Тука мора да ги напоменеме и големиот број на појавни облици на современиот тероризам кои исто така го отежнуваат дефинирањето.

Иако не постои официјална дефиниција за тероризам сепак ќе ги наведам ставовите и дефинициите на авторите од нашето поднебје кои дале свои ставови и дефиниции за овој комплексен глобален феномен.

Злате Димовски ја дава следната дефиниција: „Како терористички акт се смета секоја организирана и поединечна незаконска употреба на сила изразена со примена на оружје (биолошко, хемиско, радиолошко, нуклеарно) или закана со употреба на сила против луѓе или имот заради принудување или заплашување како средство за постигнување политичка, религиозна или идеолошка цел“[6].

Според согледувањата на Митко Котовчевски „тероризмот претставува нелегална противзаконска примена на закана за употреба на сила и примена на систематско насилство, односно извршување на убиства, закани, сеење страв од страна на поединци, групи или организации, насочени против невино население (или негови делови), сопственоста и владата со цел да се промени политичкиот курс и да се остварат нивните политички и социјални цели“[7].

Според Љупчо Арнаудовски: „Тероризмот во современиот свет е политичка пракса и во своето општо и политичко значење претставува примена на непосредно и организирано насилство од страна на поединец односно држави, кои се подготвени по физички пат вклучувајќи ги тука и атентатите, убиства и малтретирања да ја наметнат

[6] Димовски З., Меѓународен тероризам,Скопје, 2011,стр.17
[7] Котовчевски М.,Современ тероризам, Македонска цивилизација, Скопје,2003,стр.27

својата волја во државата, да применат психички терор кај масите, предизвикувајќи колективни комплекси на страв, апатија и несигурност.[8]“

Од македонските автори ќе ја спомeнеме уште дефиницијата на Миодраг Лабовиќ. Според него „Тероризмот претставува криминална активност со употреба на груба сила или разни други методи на насилство од страна на поединци, групи, терористички организации, терористички мрежи или држави заради предизвикување масовен страв, несигурност и недоверба кај граѓаните кон институциите на системот, со цел за принудување на владите да остварат интереси што што произлегуваат од политичко-идеолошки и економски, национал-сепаратистички или верски каузи.“[9]

Голем број на автори од САД, Русија, Германија, В. Британија и останатите светски држави дале свои согледувања на тероризмот, но овде ќе ја наведам само уште работната дефиниција за современиот меѓународен тероризам која ја дал тогашниот генералниот секретар на Организацијата на Обединетите Нации, Кофи Анан во 2005 година, а истата гласи: „за терористички акт ќе се смета секој чин чија последица е смрт или повреда на цивили со цел да ја натера јавноста, владите или меѓународната заедница да извршат или да не извршат определено дејствие.“[10]

Иако како што кажавме стојат различните ставови во теоретското дефинирање на тероризмот, секоја држава во рамките на своите законодавства го има дефинирано поимот тероризам на свој начин сѐ со цел борба и сузбивање на овој вид на криминалитет. И покрај тоа што има разлики во тоа како е перцепирано ова дело, сепак државите соработуваат на ова поле и постапуваат заеднички, бидејќи во индивидуална битка сите држави се немоќни против овој феномен.

Македонското кривично право, тероризмот првично го сместува во член 313 од Кривичниот Законик на Македонија.[11] Членот 313 првенствено беше именуван како „Тероризам“, но со измените кои настапија во јануари 2008 година тој се преименува во „Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста“ а казната затвор од најмалку 3 години прераснува во казна затвор од најмалку 10 години. За сметка на ова „Тероризмот“ се појавува како дополнување или нов член и е поставен како член 394-б од КЗМ кој гласи: „тој што ќе изврши дело на убиство, телесно повредување, грабнување на лица, уништување на јавни објекти, транспортни средства, објекти на

[8] Ибид.стр.18
[9] Лабовиќ,М., Николовски, М., Организиран криминал и корупција, Факултет за безбедност, Скопје, 2010, стр.117.
[10] Димовски З., Меѓународен тероризам, Скопје, 2011, стр.35
[11] Кривичен законик на Република Македонија, Службен весник на Република Македонија бр.08-2803/1 од 23.07.1996, Скопје, стр,206

инфраструктура, информациони системи и други објекти во општа употреба, грабнување на авиони или други средства на јавен транспорт, производство, поседување или трговија со нуклеарно оружје, биолошки, хемиски и други видови оружја и опасни материи, пуштање на опасни радиоактивни, отровни и други опасни супстанции или предизвикување пожар или експлозија, уништување на постројки за снабдување со вода, енергија или други основни природни извори, со намера загрозување на животот и телото и создавање на чувство на несигурност или страв кај граѓаните ќе се казни со казна затвор од најмалку десет години или со доживотен затвор.“[12]

Покрај овие две дела, Кривичниот Законик на Македонија после сите измени и дополнувања ни дава уште седум други дела кои се поврзуваат со тероризмот т.е. дела кои имаат терористички карактер. Тоа се следниве:

- Терористичка организација, член 394-а;
- Финансирање на тероризам, член 394-в;
- Меѓународен тероризам, член 419;
- Загрозување на лица под меѓународна заштита, член 420;
- Земање заложници, член 421;
- Грабнување воздухоплов или брод, член 302;
- Загрозување на безбедноста на воздушниот сообраќај, член 303.
- Учество во странска паравоена или параполициска војска, член 322-а

Република С. Македонија го има инкриминирано тероризмот во десет различни кривични дела и активно е вклучена во борбата со тероризмот како на теоретско така и на практично поле. Потписничка е на голем број на меѓународни документи, протоколи, декларации и конвенции чиј составен дел е и борбата против тероризмот. Постојано се врши адаптација на домашното законодавство со европското со цел поедноставување на соработката и надминување на пречките  во соработката заради поефикасна и поефективна борба со криминалот во целост.

Самата средина во која се наоѓа нашата држава и наложува ефикасно и организирано користење на разузнавачко-безбедносните служби и постојана готовност за евентуална благовремена реакција. Географската положба Македонија ја сместува на криминалните патишта од Азија кон Европа, од Источна кон Централна и Западна Европа. Македонија е пред сè земја на транзит на криминалот, а во последните години

[12] Димовски З., Меѓународен тероризам,Скопје,2011,стр.64

и земја низ која транзитираа голем број на бегалци од арапскиот свет (Сирија, Авганистан...). Голема е веројатноста да помеѓу овие бегалци се прикриваат и терористи со цел да дојдат на европско тло и тука да извршат терористички акции. Постои опасност да дел од нив останат или останале на наша територија, што е сериозен проблем. Според информациите на различни агенции на Балканот па и во самата Македонија постојат терористички кампови за регрутација и обука на терористи како за во битките во арапските земји така и за идни дејствија на Балканот. Македонските служби располагаат со информации за македонски државјани кои загинале во борбите на исток, за лица кои учествувале во тие борби и се вратиле назад. Сите овие лица се потенцијална голема опасност за безбедноста на државата. И секако не смеат да се заборават и територијалните претензии кои одредени соседни земји нескриено ги имаат кон Македонија. Севкупно земено, постојат голем број на безбедносни ризици кои ја таргетираат Македонија и кои ја принудуваат будно да ги следи и да се справува со тековните настани на полето на тероризмот.

Од осамостојувањето на Р. С. Македонија на нејзина територија не е евидентиран самоубиствен терористички акт, а евидентиран е случај на група која имала подготвени самоубиствени елеци (Куманово). Следејќи ги светските криминално-терористички трендови и порастот на самоубиствените акти и имајќи ги во предвид погоре наведените безбедносни ризици реално е да се стравува од можно присуство и извршување на акти.

Паралелно со тоа под влијание на арапските невладини организации, заминувањето на повеќе групи студенти на теолошки студии во арапските земји, врските и контактите на македонските државјани со одредени исламски радикални групи од земјите на ЕУ при престојот во нив, како и учеството на македонски државјани во муџахединските единици во воените конфликти на Балканот придонесоа да се појават и одредени ограноци на радикалниот Ислам во нашата држава. Од радикалните групи кај нас постојат основи на сомнение дека егзистираат Вахабисти[13] и Селефии[14].

---

[13] Радикална сунитска исламска група именувана по нејзиниот основач Мухамед ибн Абад Ал-Вахаб (1703-1792), која е карактеристична по нејзиниот ултраконзервативен фундаменталистички „чист Ислам“.

[14] Радикална сунитска исламска група која настанала во Египет во втората половина на XIX век како одговор на европскиот колонијализам и повикува на практикување на традиционалните стари форми на муслиманската религија .Името доаѓа од арапскиот збор „салаф“ кој значи претходници или предци.

**Појмовно-категоријален апарат**

Во самиот труд ќе биде зачестена употребата на одредени стручни термини од областа на безбедносните науки. Бројот на овие термини е голем , па затоа ќе ги наведам само оние кои ќе бидат најмногу употребувани и оние кои се најбитни за реализирањето на овој научен труд. Истите тие се образложени во текстот што следува.

-Терор е цврсто организирана власт над ограничувањата, апарат на принуда така што стравот станува дел од секојдневното живеење на нај широките граѓански слоеви.[15]

-Терористичка организација претставува група, банда или друга злосторничка организација која има политичка позадина и употребува насилство за да ги оствари своите замислени цели.

-Терорист самоубиец е член на терористичка организација кој го користи методот на самоубиствен напад со цел остварување на целите на организацијата чиј член е, и истиот најчесто свесно го жртвува својот живот заради постигнување повисоки цели.

- Самоубиство се оние случаи на смрт кај кои таа е последица на директна или индиректна дејност на жртвата, која знае каква ќе биде последицата од тој чин. (David Emile Durkheim), или акт на одземање на сопствениот живот.

-Безбедносен систем е збир на државни и недржавни институции, хармонично поврзани меѓу себе во организациска и функционална смисла, кои постапуваат според нормите на безбедносното право и имаат права, должности и одговорности во областа на безбедноста.[16]

-Безбедносна превенција претставува пресретнување, попречување, на некоја појава со која се загрозува безбедноста, односно се нарушува безбедносниот стабилитет на некое општо или индивидуално добро.[17]

-Безбедносна проценка е целосен аналитички опис и приказ на условите и факторите што ја стабилизираат, односно дестабилизираат безбедносната состојба, организираноста и способноста на субјектите кои ја остваруваат безбедносната функција.[18]

---

[15] Димитриевиќ,В. ,Тероризмот во современиот свет-специјална војна психолошко-пропагандни аспекти, СЦЈССНО, Белград,1978, стр.23

[16] Батковски,Т., Николовски,М., Спасески,Ј., Современи бесбедносни системи, Факултет за безбедност,Скопје, стр.14

[17] Ибид.,стр.36

[18] Ибид., стр.57

-Тактика, самиот поим има грчко потекло и означува вештина на водење војна или умешност на целесообразно постапување при работата.[19]

-Разузнавачка тактика подразбира примена на специфични методи во насока на прибирање податоци од оперативен, стратегиски и тактички карактер и реализирање други дејства а во рамките на утврдениот делокруг и во насока на остварување на поставените цели и барања од страна на државниот врв.[20]

-Стратегија е глобална концепција за плански ориентирано разрешување и реализирање на подолгорочни задачи и цели во конкретната научна и практична општествена дејност и тоа преку изнаоѓање на најсоодветни тактички начини и научни или практично засновани методи за спроведување во живот на таквите задачи во конкретната област.[21]

-Контратероризам здружени технички и оперативни активности составени од отворено, офанзивно и директно дејствување против сите видови на терористички дејства, организации и последиците кои настануваат од нивното дејствување.[22]

-Антитероризам претставува дејствување во правец на намалување или анулирање на причините за појава на тероризам преку преземање на соодветни идентификувани мерки и активности насочени кон лица, средини или подрачја каде се идентификувани терористички идеи и дејствија и претставува многу поширока дејност од контратерористичкото делување. Вакво делување се реализира со дефанзивна тактика од страна на сите предвидени органи и субјекти кои се занимаваат со оваа проблематика.[23]

-Криминалистичка контрола претставува систем од оперативно-тактички мерки кои се насочени во правец на прибирање и обработување на оперативни информации во случаите кога постои само општа индиција за потенцијално сомнително однесување, односно за конкретно недефинирано нечие криминално однесување во криминален пункт или во криминална средина.[24]

---

[19] Батковски.Т .,Тактика на работа на разузнавачката служба и службата за безбедност и контраразузнавање,Скопје,2008, стр.29
[20] Ибид,стр.29
[21] Ангелески,М., Криминалистички теории, Скопје, 2014,стр.148
[22] Димовски,З., Тероризам, Графотранс,Скопје,2007, стр.255
[23] Ибид,стр.259
[24] Ангелески,М. , Криминалистички теории, Скопје, 2014,стр.109

-Криминалистичка обработка е систем од оперативно-тактички мерки насочени кон тоа да се открие и утврди конкретно одредено кривично дело, да се открие и утврди одреден сторител на кривично дело и да се приведе кон кривичен прогон.[25]

-Оперативно тактички мерки (заседа, рација, блокада, потера, претресување) се мерки и активности кои ги презема полицијата во рамките на криминалистичката контрола и криминалистичката обработка, поточно во предистражната постапка и со нив доаѓа до сознанија за подготовка, планирање или постоење на кривично дело.

-Заседа претставува дискретна оперативно-тактичка мерка што се состои од тајно или прикриено распоредување на определен број на припадници на безбедносните сили и опколување на однапред утврдено критично место на отворен или затворен простор, односно онаму каде што со најголема веројатност се очекува да наидат лица по кои се трага, со цел таквите лица ненадејно да се пресретнат и да се фатат заради натамошно криминалистичко постапување.[26]

-Рација претставува молскавична оперативна акција која се состои од опколување и блокирање на определено место што се наоѓа на отворен или затворен простор, а се спроведува заради ненадејно лишување од слобода на определен број на лица или за пронаоѓање и утврдување на идентитет на сомнителни лица кои произлегуваат од проактивно и ретроактивно криминалистичко постапување.[27]

-Потера претставува систем од тактички и технички мерки и активности, со цел откривање и фаќање на извршителите, помагачите или организаторите на терористички акт.

-Блокада е оперативно-тактичка мерка која опфаќа одреден простор и се изведува брзо и тајно со затворање на сите приоди и не се дозволува влез или излез на ниедно лице без истото да се легитимира.

-Посебни истражни мерки, кога е веројатно дека на друг начин не можат да се обезбедат податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка, можат да се преземат следниве посебни истражни мерки:

1. следење и снимање на телефонски и други електронски комуникации во постапка утврдена со закон;

[25] Водинелиќ, В., Криминалистика,стр.54
[26] Ангелески, М. Димовски З., Криминалистичка тактика I, Факултет за безбедност, 2019 год
[27] Ибид, стр.7

2. следење и снимање во дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие простории заради создавање услови за следење на комуникации;
3. тајно следење и снимање на лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен;
4. таен увид и пребарување во компјутерски систем;
5. автоматско, или на друг начин, пребарување и споредување на личните податоци;
6. увид во остварени телефонски и други електронски комуникации;
7. симулиран откуп на предмети;
8. симулирано давање и примање поткуп;
9. контролирана испорака и превоз на лица и предмети;
10. користење на лица со прикриен идентитет за следење и собирање на информации или податоци;
11. отворање симулирана банкарска сметка и
12. симулирано регистрирање на правни лица или користење на постојни правни лица за собирање на податоци.[28]

**Операционално определување на предметот**

Во рамките на овој труд ќе се истражува тероризмот во целина (неговото дефинирање, неговите појавни облици, терористичките организации ), а посебен акцент ќе се стави на самоубистveniот тероризам. Самоубиствениот тероризам и самоубиствените терористички напади се тие кои ќе бидат опсервирани и детално истражени. Профилирањето на „бомбаш самоубиец“, финансирањето на самоубиствените терористички напади, експлозивните средства кои се користат при бомбашките напади, терористичките организации кои практикуваат самоубиствен тероризам ќе бидат анализирани исто така, во овој труд.

Посебен осврт ќе се даде на начините, методите и постапките за спречување на овој вид на тероризам. Употребата на оперативно-тактичките дејствија, истражните мерки, посебните истражни мерки, разузнавањето, антитерористички и контратерористичките мерки, се само дел од дијапазонот на мерки кои стојат на располагање и со можат да се употребат во борбата со современиот тероризам.

[28] Закон за кривична постапка, член 252

Условите кои придонесуваат за појава на самоубиствен тероризам можат да бидат од различна природа: политички, општествени, економски, религиозни, идеолошки, геополитички, надворешни, како и од субјективен карактер. Гледано генерално за да имаме појава на самоубиствен тероризам потребно е да имаме склоп на неколку од овие услови иако не се исклучени можностите и во ситуација кога имаме само еден услов да се појави самоубиствен напад.

Учесници во извршувањето на самоубиствен тероризам се само одредени членови на терористичките организации. Во рамките на една организација постои поделба на надлежностите и улогите помеѓу членовите. Постојат членови кои служат за пропаганда, за регрутација, за обука на членството, набавка на оружје и останати потребни средства, организирање на напади, следење и опсервација на терен и секако членови за извршување на самиот акт. Нас најмногу нѐ интересираат овие последните. За да се дојде до нив потребно е да се направи нивно профилирање, но како би изгледал еден „бомбаш самоубиец“. Не постои таков профил, идејата за постоење на роден криминалец не е издржана, така што и оваа за роден самоубиец не е одржана, а во праксата дознаваме дека може да се работи за маж или за жена, може да биде стара, но и млада личност, па дури и дете, образован или необразован, богат или сиромашен, со што и тоа како се отежнува борбата со самоубиствениот тероризам.

Најчестиот мотив кај овие терористи се претпоставува дека е религиозниот. Радикалните исламистички групи ги индоктринираат своите членови и симпатизери со поттикнување на мачеништво заради доближување до Бога и искупување на своите гревови. Тежнеењето кон религиозна чистота или голема посветеност е тоа што ги поттикнува лицата да преземат самоубиствени напади. Патриотизмот исто така може да се спомене, знаејќи дека одредени групи вршат самоубиствени напади надвор од религиозниот аспект. Не би требало да се исклучи ни економскиот аспект, но тој речиси секогаш има секундарна улога кај овие напади или само така првенствено изгледа.

Целите на напад се најчесто многу фреквентни места т.н меки цели (плоштади, улици, стадиони, автобуски станици, шопинг центри, пазари и др.) кои овозможуваат нанесување на поголеми материјални штети и човечки жртви или пак високи државни функционери, објекти од витално значење на државите и меѓународните заедници.

Овие акции терористичките организации ги преземаат бидејќи тие имаат одредени предности кои ги немаат другите видови на терористички напади. Самоубиствените напади резултираат со големи материјални штети и голем број на

човечки жртви. Тие напади резултираат со поголем број жртви од било кој друг вид терористички напад. Тоа што по природа овие напади се шокантни им овозможува широко медиумско распространување и постигнување на секундарната цел, ширењето на страв и ужас помеѓу масите во општеството. Ефектот оди до таму што предизвикува неверување во органите на државите и создава чувство на беспомошност. За овој вид на напади не е потребен ниту планот за бегство, што ги прави полесни за организирање знаејќи дека се прескокнува една фаза од вообичаените, а таа е планот за бегство. Исто така поради можноста лицето да се движи и да проценува, се викаат уште и „паметни бомби„.

Активностите кај самоубиствените терористички организации се одвиваат по однапред утврден распоред на активности. Ако се обидеме да ги подредиме тоа би изгледало вака: ширење на пропаганда, регрутирање на нови членови, обука и селекција на новите членови, набавка на материјално технички средства, набавка на оружје, избор на објект на напад, избор на време за напад и избор на начинот на кој ќе се изврши самиот напад.

Методите и средствата кои ги користат бомбашите самоубијци се разновидни. Сепак ако се согледа подобро најчесто станува збор за индивидуалци или мали групи на луѓе кои се инфилтрираат во средините во кои има висока фреквенција на движење. Истите тие на себе или во ранец имаат експлозивни направи кои со еден потег и во даден момент можат да ги активираат. Експлозивните направи се најчесто импровизирани експлозивни направи или пак стандардни воени експлозиви.

Резултатите кои ги постигнуваат бомбашите самоубијци се ефикасни и ефективни, изразени низ голем број на жртви што кај пошироките народни маси сее страв и ужас, се намалува довербата во Владите, расте чувството на несигурност и беспомошност што многу често може да доведе и до пад на одредени гарнитури на власт. А од друга страна со успешно реализираниот акт, терористичките организации се придобиваат со симпатии и воедно добиваат свои потенцијални идни членови.

**Дисциплинарно, временско и просторно определување на предметот**

Истражувањето на феноменот наречен самоубиствен тероризам е невозможно доколку на истиот не му се пристапи мулти дисциплинарно. За да може што подобро да се проучи и анализира потребно е да се земат знаења од повеќе науки и научни дисциплини. Криминалистика, Криминологија, Полициски науки, Меѓународни односи, Меѓународна полициска соработка, Кривично право, Меѓународно кривично

право, Психологија, Теологија се главните науки и научни дисциплини на кои се заснова проучувањето на самоубиствениот тероризам.

За да може квалитетно да се истражи овој феномен потребно е да се стави во една разумна временска рамка која не би требало да опфаќа голем период. Заради тоа ова истражување ќе биде временски одредено, од 2010 година до 2016, затоа што мојот студиум го започнав 2012 и веќе од 2015 почнав со истражување и ги обезбедив овие податоци. При што посебен осврт ќе се стави на самоубиствените напади кои во овој период се случија на територииите на „Блискиот Исток“.

Анализирајќи ги овие напади ќе може да се добие знаење за начините и тактиките на овие терористички организации, нивните методи и средства. Да се согледа како до сега безбедносните системи се справиле на превентивен и на репресивен план со бомбашите самоубијци. Кои се грешките кои тие ги направиле и да се преземат мерки за нивно поправање и не повторување во иднина. Главната цел на анализата ќе биде да преку странските искуства може да се извлечат корисни информации и знаење како во иднина доколку затреба домашните безбедносно-разузнавачки служби успешно се справат со самоубиствените терористички напади.

**Цели на истражувањето**

Ова истражување има за цел подобро да ни го објасни феноменот наречен самоубиствен тероризам. Како што знаеме тероризмот има повеќе појавни облици, а во последните неколку години најчест практикуван од нив е самоубиствениот. Ниту еден друг вид на тероризам не постигнува толку големо внимание меѓу масите, ниту пак сее таков страв и немоќ. Самоубиствениот тероризам е одговорен за најголемиот број на жртви од терористичките напади во последната декада.

За да можат безбедносно-разузнавачките служби успешно да се справат со самоубиствениот тероризам потребно е прво истиот добро да се проучи теоретски, добро да се дефинира за да може подоцна да се применат соодветна тактика и стратегија во борбата со него. Борбата против самоубиствениот тероризам е исто така уште една цел на ова истражување. Начините, методите и постапките за спречување се во основата на ова истражување. За да може да се одлучи кои од нив ќе бидат применети потребно е првенствено да се има добра теоретска основа и да се располага со соодветни информации.

Колку подобро се познаваат терористичките организации кои применуваат самоубиствен тероризам, толку се поголеми шансите на безбедносните агенции

успешно да се справат со нив и да го спречат нивното дејствување. Со цел подобро запознавање на овие терористички организации мораме првенствено да дадеме одговор на следните прашање:

- Кои и колку терористички организации применуваат самоубиствени напади?
- Како терористичките организации се финансираат?
- Кои се каналите преку кои терористичките организации набавуваат оружје и други потребни средства за нивните активности?
- Која е целта на самоубиствениот тероризам?
- Зошто самоубиствениот тероризам е доста практикуван вид на тероризам?
- На кој начин терористичките организации вршат пропаганда?
- Како терористичките организации ги регрутираат своите членови?
- Како терористичките организации успеваат да ги натераат на самоубиствен чин своите припадници?
- Како и каде се вршат обуките на новите членови?
- Како ја обезбедуваат и осигуруваат конспиративноста на своите акции?
- Како изгледаат бомбашите самоубијци т.е. каков е психолошкиот профил на еден бомбаш самоубиец?

По одговарањето на овие прашање ќе се добие солидна база на податоци и информации кои можат да се искористат за понатамошната борба со тероризмот. Тактиките и начините, постапките и методите кои ќе се употребат треба внимателно да бидат избрани со цел да се направи една генерална стратегија за борбата со самоубиствениот тероризам, како и со тероризмот во целост.

Воедно ова истражување има за цел и да ги согледа и анализира досегашните антитерористички и контра терористички мерки кои ги применуваат безбедносно-разузнавачките служби. Од оваа анализа ќе се согледа кои мерки дале најголем успех, кои мерки имаат делумен успех и тоа кои мерки се неуспешни. Така, би се исфрлиле неуспешните, а делумно успешните би се применувале само како секундарни и во ретки и исклучителни ситуации.

Главната цел која ја има ова истражување е да се успее да се направи една генерална антитерористичко-контратерористичка стратегија која ќе ги опфати најуспешните тактички комбинации, методи и начини кои ќе се применуваат во иднина во борбата со самоубиствениот тероризам и јасна поделба на улогите на агенциите и службите при што секоја ќе го истражува својот сегмент на интерес како би имале најдобри резултати на полето на борбата со самоубиствениот тероризам.

**Хипотетичка рамка- хипотези**

Според тоа што го имаме на располагање од досегашните испитувања на оваа тема може да се дадат одредени претпоставки во вид на хипотези.

,,Самоубистveниот тероризам е поефикасен поради можноста самите извршители можат да ги одберат местото, времето, начинот и средствата, но зависат од долго планирање и подготовки, таргетирање на целите и да опфати поголема група на луѓе,,.

Како помошни хипотези би биле:

- Не постои единствен профил на поимот „бомбаш самоубиец", но сепак не е тешко да претпоставиме дека постојат сличности и заеднички особини со кои се одликуваат сите терористи самоубијци.
- Доколку успееме да ги проучиме подобро техниките и тактиките кои би применуваат терористите самоубијци, би можеле да искреираме подобра одбранбено -превентивна и репресивна тактика и успешно би се справиле со нив.
- Следењето на финансиските текови на терористичките организации би овозможиле и следење на активностите на организациите и се добар начин за прибавување оперативни информации.
- Со преземањето на одредени превентивни мерки би се намалил бројот на самоубиствени терористички напади.
- Употребата на разузнавачките техники и добивањето на разузнавачки информации се од круцијално значење.

**Начин на истражување– методи и техники на истражување**

Со цел да може подобро да се согледаат одредени случувања околу самоубиствениот тероризам мора да се применат одредени методи кои пред се имаат дескриптивен карактер. Дескрипцијата ќе ни овозможи од една страна да видиме како постапуваат терористичките организации, кои се нивните тактики и методи, каде и како тие ги извршуваат своите напади. Додека од друга страна ќе ни овозможи да ги согледаме и тактиките и техниките на безбедносните служби и тоа како тие досега се справувале со самоубиствениот тероризам. Воедно методолошки ќе дојдеме и до одредени статистички податоци кои се особено битни за самоубиствениот тероризам. Пред се тука се мисли на учеството на самоубиствените напади во вкупниот број на

терористички напади, нивната зачестеност, жртвите и штетата што истите ја причиниле. Заради тоа, примена во ова истражување ќе имаат следниве методи:

Историскиот метод ќе биде применет со цел да се согледаат и искористат искуствата од минатото. Со овој метод ќе се опишат активностите на терористите самоубијци, државите во кои нападите се случиле, техниката која самоубијците ја примениле, каков ефект предизвикале.

Компаративниот метод ќе биде искористен знаејќи дека споредувањето на појавите или на предметите на истражувањето е еден од основните начини спознајни процеси при оформувањето на секое ново знаење. На пример, за да го одредиме добро поимот „бомбаш самоубиец", прво треба да извршиме анализа на повеќе лица , да ги споредиме нивните својства и одлики за да можеме да ги извлечеме заедничките особености што ја чинат содржината на поимот „бомбаш самоубиец". Значи без споредувањето не е можно да се забележат ниту сличностите, ниту пак разликите и спротивставеноста на својствата на појавите, а без тоа не е можно научно сознание.

Како посебен метод исто ќе се искористи и историско-компаративниот метод со кој ќе се направи споредба на современите општествени случувања на полето на самоубистveниот тероризам со сличностите и разликите од минатото.

Методот на анализа и синтеза на со цел да се сумираат претходни истражувањата и резултатите на други истражувачи кои го имале за предмет на истражување самоубиствениот тероризам. При што ќе се врши анализа на стручна литература, протоколи, конвенции, декларации, резолуции, написи, статии, текстови, списанија, весници, веб-страници и др.

**Научна и општествена оправданост на истражувањето**

Собирањето на научно засновани сознанија кои би помогнале во сузбивањето на самоубиствениот тероризам, како и тероризмот во целост ни ја дава неговата научна оправданост. Добивањето на нови погледи во борбата со самоубиствениот тероризам и изнаоѓањето на нови тактики и начини на борба со самоубиствениот тероризам и нивно споредување со постоечките заради креирање на тактички комбинации кои би дале најдобри резултати во сузбивањето на тероризмот и креирање на една генерална стратегија за сузбивање на самоубиствениот тероризам.

Гледајќи од општествен аспект самоубиствениот тероризам е најчестиот и најопасниот појавен облик на тероризмот. Се поголем е бројот на терористички организации кои пристапуваат кон негова примена. Тие ги користат големиот број на

предности, а пред се ефикасноста која ја нуди самоубиствениот тероризам. Терористичките организации умешно увиделе дека многу лесно можат на религиозна база да регрутираат потенцијални самоубијци и истите да ги доведат до состојба да го жртвуваат животот за целите на организацијата. Религијата ја користат само како индоктринација, за да успеат да изградат цврста верба и став кај оние лица кои претходно се приклучиле кон организацијата иако вистинските причини за самоубиствениот акт се сосема други.

Самоубиствениот тероризам брзо и лесно се шири. Зема замав и на одредени територии на кои претходно не бил идентификуван. Опасноста од него постои во сите делови на светот. Не постои ниту една држава која само по себе може да му се спротивстави. Ниту светските велесили не се имуни на овој феномен. Како пример ќе ги напоменеме нападите на светскиот трговски центар во САД на 11 септември 2001 година и нападот на аеродромот Домодедово во Москва, Русија на 24 јануари 2011, при кои загинаа голем број на луѓе и уште повеќе беа повредени.

На тло на Р. С Македонија, досега не е евидентиран ваков напад. Но, кога ќе ја согледаме геостратешката положба на Македонија и нејзиното опкружување ни станува јасно дека е потребно сериозно преземање на превентивни мерки и држење во готовност и будност на безбедносните сили. Првенствено, кога светските суперсили не се имуни на оваа рак рана, зошто би била Македонија. Македонија се наоѓа како попатна станица на многу криминални канали кои од Азија и Африка водат кон Европа. Македонија е земја низ која мора да поминат бегалците од кризните региони погодени од воени дејствија, како што се Сирија, Авганистан, Сомалија и др. Наивно е да се верува дека меѓу нив нема терористи кои бараат привремено прибежиште во Европа, пред да се активираат и извршат напад. Не е исклучена и можноста нивното прибежиште да биде во Македонија. Голем број на припадници на армијата на Република Македонија учествувале во мировни мисии како сојузници на НАТО во регионите на Авганистан и Ирак па од таа причина и нашата држава е ставена на мапата за идни операции и непријател на тамошните власти. Од друга страна, македонското разузнавање располага со информации за македонски државјани кои заминале да се борат на страна на одредени радикални групи во Сирија. Дел од нив се вратени во Македонија и се секојдневна потенцијална опасност.

Распадот на СФР Југославија и воените конфликти на Балканот, војната на Косово во 1999 и воениот конфликт во Р. С. Македонија во 2001 овозможија егзистирање на радикални структури на овие простори кои меѓу другото би можеле да

извршат и самоубиствени напади. Според информациите најголемите и нај озлогласените терористички организации Ал Каеда и ИСИС преку своите портали имаат објавено дека на териториите на Балканскиот полуостров имаат инсталирано свои ќелии.

## ГЛАВА 2

### 1. ТЕРОРИЗАМ

#### 1.1. ПОИМ НА ТЕРОРИЗМОТ

Современото живеење, брзиот развој на науката и технолошката револуција покрај големиот број на позитивни придобивки, го задолжија светот и со голем број на негативни појави и опасности. На полето на безбедноста се создадоа такви проблеми кои го загрозуваат и самото егзистирање на човековата раса и севкупниот живот на планетата Земја. Овие проблеми во безбедносните науки се познати како глобални безбедносни закани.

Како глобални безбедносни закани може да се споменат организираниот транснационален криминал (трговијата со дрога, тровијата со оружје, трговијата со нуклеарни материи, трговија со луѓе), пролиферацијата на оружјето за масовно уништување (биолошка пролиферација, хемиска пролиферација, радиолошка пролиферација, нуклеарна пролиферација), владеењето на диктаторите во одредени традиционално-концзервативни држави (С.Кореја, Брунеи, Ирак, Сирија...), еколошките закани, верските секти, генетскиот инженеринг и секако меѓународниот тероризам.

Тероризмот секако претставува глобална безбедносна закана број еден. Сите останати споменати закани можат да бидат во склоп или пак резултат на дејствувањето на одредена терористичка организација.

Развојот на тероризмот оди правопропорционално со развојот на човештвото. Терористичките организации ги модифицираат и модернизираат старите класични форми на дејствување, а заедно со нив почнуваат ѝ со употреба на нови современи и софистицирани облици на дејствување.

Тероризмот претставува рак рана на безбедноста на државите како поедини членки во меѓународната заедница, но и на целата меѓународна заедница во целина. Не постои ниту една држава која е способна самата да се справи со тероризмот, ниту пак постои држава која е имуна на него.

Терористите своите акции никогаш не ги ограничуваат на територијата на само една држава, нападите се вршат насекаде ширум светот. Најголемиот број на терористички организации се спонзорирани од една или неколку определени држави. Терористичките организации добиваат целосна поддршка од владите на државите-

спонзори, односно за своите активности примаат охрабрување во вид на финансиска помош, обука и на крај заштита.[29]

Тероризмот станува составен ден од човековото живеење и е присутен на насловните страници на најголемите и највлијателните медиумски куќи ширум светот.

Експанзијата и влијанието кое денеска го има тероризмот се должи на низа фактори, кои на глобално ниво се случувале во светот во изминатиот век. Во глобала истите тие можат да се поделат на четири главни бранови, меѓу кои нема некоја стрикна поделеност. Напротив, помеѓу нив има измешаност, првенствено таа се должи на локализирачкиот фактор на дејствување.

Како прв бран може да се смета „анархистичкиот бран", кој се карактеризира со активна улога на студентите и жените, реорганизација на државите, отфрлањето на било каква форма на авторитет. Првенствено се појавил во Русија, а се шири во другите делови на Европа, Америка и Азија. Периодот во кој егзистира овој бран е временскиот интервал од 1890 до 1920 година, и уште е познат како златно време на атентатите. Од позначајните настани може да се споменат убиството на американскиот претседател Мек Кинли во 1901 година , бомбардирањето на Вол Стрит во 1920 година и солунските атентати на Гемиџиите во 1903 година .

Вториот бран почнува некаде по завршувањето на првата светска војна и потишувањето на Версајскиот мировен договор и трае до 1960-тите години. Познат е како „анти-колонијален бран". Пред се è окарактеризиран преку герилски тактики со цел самоопределување, автономија и независност на одредени поробени народи.За времето на овој бран почнуваат активностите на Ирската Републиканска Армија, баскиската сепаратистичка групација ЕТА, како и немирите на тло на Израел со формирањето на независната еврејска држава и потчинувањето на палестинската муслиманска заедница.

Третиот бран е познат како „левичарски бран". Започнува со војната во Виетнам и се проширува во Западна Европа, Советскиот сојуз, Латинска Америка и Азија. За овој период се карактеристични распадите на одредени држави како СССР и СФР Југославија, појавата на герилските движења во Латинска Америка. Во овој период се појавува и грабнувањето на авиони како нов облик на терористичко дејствување. За време на олимписките игри во Минхен се убиени 9 атлети, убиен е италијанскиот

---

[29] Котовчевски, М .,Национална безбедност на Република Македонија- III дел,Скопје, 2000, стр.112.

премиер Алдо Моро, во Германија се активира групата РАФ, додека при распадот на Југославија се води крвава војна помеѓу поранешните федеративни единици.

Четвртиот бран е бран кој трае и до ден денешен. Тоа е религиозниот бран, кој се смета дека е започнат со советската инвазија на Авганистан и исламската револуција во Иран. Периодот е карактеристичен со атентати, заложнички кризи и бомбашки напади. Главните одлики се убивањето во името на Господ и стекнување на награда во задгробниот живот, а новите техники се бомбашите самоубијци и импровизираните експлозивни направи. Овој бран трае и денес и истиот е проширен насекаде низ светот.

Во последните неколку години се појавија терористички организации, кои користејќи го радикалниот ислам успеаа да предизвикаат страв, трепет, ужас и паника каков што досега не е виден. Појавата на терористичката организација ИСИС ги помести граници на дејствување и организираност многу повисоко отколку што тоа претходно го имаше постигнато Ал Каеда, терористичката организација која важеше за најголема опасност по светскиот мир и безбедност.

Едноставно, колку понапред оди софистицираноста, толку понапредни се и теросистилките организации. Тие преку свои канали успеваат да го добијат најсовременото оружје и опрема, и истите ги применуваат во своите дејствија. Па така при терористичките напади, се повеќе се зголемува бројот на човечките жртви и на материјалната штета што тие ја предизвикуваат. Стравот и чувството на незаштитеност кај граѓаните, дури и во најбезбедните држави оди пропратно на повисоко ниво.

Опасноста од употреба на нуклеарно оружје е исто така присутна и загрижувачка. Постојат организации кои се претпоставува дека поседуваат нуклерно оружје. Неговата евентуална примена би предизвикала непоправливи штети врз човештвото.

## 1.2.Дефинирање на тероризмот

За да можеме добро да го дефинираме терминот тероризам мораме да тргнеме од неговото потекло и значењето на неговиот поим. Терминот тероризам својата основа ја има во латинскиот збор terror кој значи насилство, предизвикување ужас,страв и трепет.[30] Францускиот збор terreure пак има неколку значења и подобро ни го доловува неговото значење. Така теророт значи насилство кое парализира,

[30] Миќуновиќ, Љ .,Современ лексикон на странски зборови и изрази,Наша книга, Скопје,1995, стр.585.

катаклизма која предизвикува страв кај населението, диктатор кој се одржува на власт со насилство или пак лице кое предизвикува голем страв меѓу населението.[31]

Тероризмот пак е кованица од зборот терор и суфиксот „изам" со што се доаѓа до термин кој означува некоја доктрина или систем.[32] Исто така преведено од латински тероризам значи вршење терор, владеење со заплашување, тиранство.[33]

Напливот на тероризмот денес, неговите разновидни појавни облици, вмешаноста на политички елементи, неговото толерирање од одредени режими, експанзијата на верскиот фундаментализам, зачестените бомбашки и самоубиствени напади, вклучувањето на деца во терористичките акции се само дел од аспектите кои укажуваат на сериозен облик на загрозување на човековите права кој бара единствен меѓународен одговор. За жал меѓународната заедница е далеку од еден таков одговор.[34]

Дефинирањето на терминот тероризам е многу тешко. Во светски рамки сеуште не постои една универзална дефиниција со која би можеле да го опишеме овој мултидисцилинарен феномен. Голем број на еминентни професори, научници, истражувачи дале свои дефиниции за тероризмот. Секој од нив пробува да го дефинира на свој начин и да му даде своја димензија. Воедно дефиниции за тероризмот се состојат и во многуте меѓународни договори, протокли, конвенции и декларации донесени од големиот број на меѓународни конференции кои ја опфаќаат оваа проблематика.

Една од првите дефиниции е онаа од двете меѓународни конвенции (Конвенција за спречување и казнување на тероризмот и Конвенцијата за меѓународниот суд за судење за терористички акти од 1937) кои биле потпишани во Женева, кои биле резултат на неколкуте атентати во Европа(врз романскиот министер Дука, австрискиот канцелар Долфус, југословенскиот крал Александар...), и гласи: криминалните акти чијашто цел или природа е да предизвикаат страв кај одредени луѓе, групи или јавноста се терористички. Меѓутоа поради почетокот на Втората светска војна овие конвенции не биле потпишани од потребниот број држави.[35]

По Втората светска војна, почнувавајќи од раните 60-сети донесени се голем број на меѓународни документи кои го опфаќаат тероризмот, пробуваат да го

---

[31] http://www.larousse.fr/dictionnaires/francais/terreur/77456#ZkGSHwrtRehB5mIe.99
[32] Сулејманов,З.,Криминологија, Институт за социолошки и политичко правни истражувања, Скопје, 2003, стр.615.
[33] Миќуновиќ,Љ.,Современ лексикон на странски зборови и изрази,Наша книга, Скопје,1995, стр.586.
[34] Камбовски,В.,Меѓународно казнено право,Просветно дело,Скопје,1998,стр.270.
[35] Камбовски,В.,Меѓународно казнено право,Просветно дело,Скопје,1998,стр.270.

дефинираат, објаснат, нудат мерки за заштита и справување со истиот. Од глобален научен аспект, најбитни од нив се следниве:

- ❖ Конвенција за казниви дела и одредени други акти извршени на воздухоплов-Токио,14.9.1963 година
- ❖ Конвенција за казнување на грабување на воздухоплови-Хаг,16.12.1970 година
- ❖ Конвенција за казнување на противзаконските акти со кои се загрозува безбедноста на цивилното воздухопловство-Монтреал,23.9.1971 година
- ❖ Конвенција за спречување и казнување на кривичните дела против меѓународно заштитени лица, вклучително и дипломатските агенти-Њујорк,14.12.1973 година
- ❖ Европска конвенција за сузбивање на тероризмот-Стразбур, 27.1.1977 година
- ❖ Конвенција против земање заложници-Њујорк,17.12.1979 година
- ❖ Конвенција за физичка заштита на нуклеарни материјали-Виена, 3.3.1980 година
- ❖ Протокол за сузбивање на незаконските насилни дејствија на аеродромите на меѓународната авијација, дополнето на Конвенцијата за сузбивање незаконски дејствија против безбедноста на воздухопловите-Монтреал, 24.2.1988 година
- ❖ Конвенција за сузбивање незаконски дејства против безбедноста на поморската навигација-Рим, 10.3.1988 година
- ❖ Протокол за сузбивање на незаконските дејства против безбеднста на платформите во континенталните води-Рим, 10.3.1988
- ❖ Конвенција за означување на пластичните експлозиви за да се детектираат-Монтреал, 1.3.1991 година
- ❖ Конвенција на ОН за сузбивање на терористичките подметнувања на бомби- Њујорк, 15.12.1997 година
- ❖ Конвенција на ОН за сузбивање на финансирањето на тероризмот-Њујорк, 9.12.1999 година.[36]

[36] ccvista.taiex.be/showDoc.asp?celex=32001E0930 преземено од: Заеднички став на Советот на европска унија од 27 декември 2001 година за борба против тероризмот (2001/930/ЦФСП)

Посочените меѓународни документи се само еден мал дел од оние во кои се застапени дефиниции за тероризмот. Баквите дефиници како што спомнавме погоре можат да се најдат во делата на голем број на автори, истражувачи, научници...

Владата на САД уште во 1953 година ја дава една од првите дефиниции за тероризмот. Поимот тероризам претставува промислено, политички мотивирано насилство извршено против невоена цел од страна на субнационални организации или тајни агенти.[37]

Американскиот стејт департмент пак ја користи следнава дефиниција: „Политички мотивирано насилство во прв степен, кој ќе се одржи против цивилни (нонкомбатант) цели од локалните групи или лица со прикриен идентитет, обично се наменети да влијаат врз јавното мислење", „незаконско користење на сила или насилство против лица или имот за да ги заплаши Владата, цивилното население или други сегменти и да се промовира на политички и општествени цели"[38]

Американското министерство за одбрана пак тероризмот го дефинира како: „незаконско користење на сила или заканата од незаконско користење на сила или насилство против лица или имот за да ги заплаши владите или општствата, почесто за да се постигне политички, религиозни или идеолошки цели".[39]

Американскиот експерт за тероризам Брајан Мајкл Џенкинс ја дава следнава дефиниција „Тероризмот претставува нелегитимна употреба на сила и поттикнување на политичка цел кога невините луѓе служат како мета".[40]

Голем број на познати еминентни професори од нашето поднебје исто така се обиделе да дадат свои дефиниции за поимот тероризам. Еден од тие е и Љупчо Арнаудовски. Според него: „Тероризмот во современиот свет е политичка пракса и во своето општо и политичко значење претставува примена на непосредно и организирано насилство од страна на поединец односно држави, кои се подготвени по физички пат вклучувајќи ги тука и атентатите, убиства и малтретирања, да ја наметнат својата волја во државата, да применат психички терор кај масите, предизвикувајќи колективни комплекси на страв, апатија и несигурност..."[41]

Според согледувањата Митко Котовчевски „тероризмот претставува нелегална противзаконска примена на закана за употреба на сила и примена на систематско

---

[37] http://www.slideshare.net/neebitno/65-terorizam-i-antiterorizam

[38] Banicevic, N.,Medjunarodno pravni I institucionalni aspekti borbe protiv terorizma, 1.2.Definicija terorizma, str.11

[39] Ибид, стр.11

[40] Котовчевски М.,Современ тероризам, Македонска цивилизација,Скопје,2003,стр.26

[41] Димовски З., Меѓународен тероризам,Скопје,2011,стр.18

насилство, односно извршување на убиства, закани, сеење страв од страна на поединци, групи или организации, насочени против невино население (или негови делови), сопственоста и владата со цел да се промени политичкиот курс и да се остварат нивните политички и социјални цели“[42].

Злате Димовски,ја дава следната дефиниција: Како терористички акт се смета секоја организирана и поединечна незаконска употреба на сила изразена со примена на оружје (биолошко, хемиско, радиолошко, нуклеарно) или закана со употреба на сила против луѓе или имот заради принудување или заплашување како средство за постигнување политичка, религиозна или идеолошка цел“.[43]

Од македонските автори ќе ја споменеме уште дефиницијата на Миодраг Лабовиќ. Според него „тероризмот претставува криминална активност со употреба на груба сила или разни други методи на насилство од страна на поединци, групи, терористички организации, терористички мрежи или држави заради предизвикување масовен страв, несигурност и недоверба кај граѓаните кон институциите на системот, со цел за принудување на владите да остварат интереси што што произлегуваат од политичко-идеолошки и економски, национал-сепаратистички или верски каузи“.[44]

Во светски рамки постојат уште многу вакви дефиниции. Холандскиот истражувач со швајцарско потекло Алекс Питер Шмид (денес член на Кралската холандска академија на науките и умотностите) направил едно истражување во кое низ достапната литература наишол на 109 различни дефиниции за терминот тероризам. Истите ги подвргнал на квантитативна анализа и дошол до заклучок дека 22 елементи се повторуваат. Тие 22 елементи ги изложувам по редот на зачестеноста:

1. употреба на сила и насилство (83,5%);
2. политички карактер(65%);
3. предизвикување страв и ужас(51%);
4. закана(47%);
5. очекување психолошки ефекти и реакции(41,5%);
6. разликување на жртви и поширока цел на напад(37,5%);
7. планирано, организирано, систематско дејствување(32%);
8. метод,стратегија,тактика на борба(30,5%);

[42] Котовчевски М.,Современ тероризам, Македонска цивилизација,Скопје,2003,стр.27
[43] Димовски З., Меѓународен тероризам,Скопје,2011,стр.17
[44] Лабовиќ,М., Николовски, М., Организиран криминал и корупција, Факултет за безбедност, Скопје, 2010, стр.117.

9. „екстранормалност“ кршење на прифатените правила, непостоење хуманитарни димензии (30%);
10. уцени, принуда, наведување на послушност (28%);
11. желба за публицитет (21,5%);
12. самоволие, лицемерие, непостоење на дискриминација (21%);
13. цивилни жртви, неборци, неутрални, лица неповрзани со активности (17,5%);
14. застрашување (17%);
15. нагласок на невинста на жртвите (15,5%);
16. извршител е група, движење, организација (14%);
17. симболична природа, покажување на други (13.5%);
18. непредвидливост, неочекуваност на појавата на насилство (9%);
19. тајност, прикриеност (9%)
20. повторување-кампања на акти на насилство (7%);
21. криминален, злосторнички чин (6%);
22. барање на трети лица (4%).[45]

Иако зборуваме за постоењето на голем број дефеници, сепак од истражувањето на А.Шмид може да заклучиме дека во глобала на сите им се заеднички и најчесто употребувани елементи, кои даваат надеж дека во иднина ќе биде прифатена една општоприфатена универзална дефиниција за тероризмот.

Чекор напред кон добивањето на официјална дефиниција за тероризам е обидот на Кофи Анан, поранешниот генерален секретар на Организацијата на Обединетите нации кој на 21.03.2005 дава предлог за дефиниција од универзален карактер која гласи: „за терористички акт ќе се смета секој чин чија последица е смрт или повреда на цивили со цел да се натера јавноста, владите или меѓународната организација да извршат или да не извршат определено дејствие.“[46]

## 1.3. Појавни облици на современиот тероризам

Тероризмот е сложена општествена појава која се карактеризира со голем број на појавни облици и форми. Динамиката на човековото живеење од антиката до денес се одразува и на полето на криминалот, вклучувајќи го тука и тероризмот. Најновите

[45] Schmidt,A., Political terrorism,Amsterdam, Nort-Holland,1983,p.76-77
[46] Георгиева,Л., Менаџирање на ризици,Скопје,2006 година,стр.74

научни, техничко-технолошки, биолошки, хемиски , медицински откритија се користат од страна на терористичките организации, заради остварување на своите цели. Со користењето на нови знаења, нови тактики и техника се зголемува и репертоарот на појавни облици кој го користат терористите.

Разновидноста во терористичките напади се согледува во различните пристапи кои ги имаат. Додека едни вршат терористики акти на база на идеолошка основа, други истите ги извршуваат на религиозна основа. Политиката, културата, интересите кои ги имаат се разликуваат од една до друга терористичка организација. Методите на регрутирање, оружјето кое го употребуваат, начинот на финансирање се исто така различни.

Во современиот свет, терористичките организации ги применуваат класичните форми на тероризам кои се познати подолг временски период, но истовремени користејќи ги придобивките на современите живеење применуваат нови досега непознати облици на терористичко работење.

Анализирајќи ги случувањата на полето на тероризмот во последните неколку децении, како најчести облици на тероризмот се појавуваат: бомбашките напади, самоубиствените бомбашки напади, сакатење, атентати, киднапирања, киднапирања на авиони, вооружени напади, заземање на објекти, земања на заложници, подметнување на пожари...

### 1.3.1. Вооружени напади

Вооружените напади се еден од омилените облици на дејствување на терористите. Речиси и да не постои терористичка организација во светски рамки која не го практикува вооружениот напад. Нападот се врши најчесто од група на вооружени напаѓачи, но истиот може да биде изведен и од една особа. Цел на вооружените напади се објекти од витално значење, ВИП личности, објекти (трговски центри, спортски сали, автобиски станици, железнички станици, аеродроми, кина, театри,училишта) или отворен простор (спортски стадиони, плоштади, пазари) на кои може да се очекува поголема фрекфенција на луѓе и каде може да се направи поголема материјална штета.

Вооружените напади се комплексна материја. Можат да се изведат од блиска но и од подалечна дистанца. Под помала дистанца најчесто се изведуваат со инфилтрација на одредена група во даден објект и со отварање оган врз тамошното опкружувањето. Додека класичен пример за вооружен напад од поголема дистанца се снајперските напади, кои се изведуваат од прикриена и подалечна точка.

Во поновата историја на терористички вооружени напади, доста често употребувани се и нападите од возило во движење. При овие напади групата или индивидуата се приближуваат кон целта на напад, вршат дејство и со голема брзина го напуштаат местото на извршувањето на дејството.

Заседите пак се најопасниот подоблик на вооружените напади. Можат да се изведат и во рурална и во урбана средина, а нивната цел е убивање или земање на заложници. Заседите најчесто се поставуваат на места на кои се очекува да помине одредена важна личност или воен конвој. За погодни места се бираат оние на кои движењето на возилата е отежнато, со цел нападот да биде што е можно поуспешен. Доколку објектот на интерес влезе во добро организирана заседа, речиси и да не постојат шанси за безбедно извлекување.

1.3.2. Сакатење

Сакатењето е појавен облик на тероризмот кој пред се се користи како казна и санкционирање на членовите во организациите. Доколку се верува или доколку водечките лица во една организација располагаат со информации дека одреден член издал некоја тајна, прекршил некој принцип на работење, потфрлил во извршувањето на дадената задача се пристапува кон преземањето на сакатење. Со сакатењето се одржува конспиративноста, редот и хиерархијата во самите организации. Психолошкиот ефект кој го има овој чин ја одржува стравопочитта и покорноста на членовите.

Во последните неколку години терористичките организации, а пред се „Исламска држава“ почна со употреба на сакатењето и надвор од рамките на организацијата. Целна група станаа сите таканаречени неверници. Како неверници се означени сите христијани, евреи, но и муслиманите кои не живеат по правилата на изворниот ислам и куран. При постапувањето со муслиманското население, првенствено се врши сакатење на делови на телото со цел прифаќање на нивната доктрина. Доколку не пристапат кон нив, се применува обезглавување. Кај немуслиманското население се прескокнува првиот чекор и директно се оди на вториот т.е. обезглавувањето. Со цел да се привлече поголемо внимание и да се зголеми психолошкиот ефект се извршуваат групни обезглавувања кои се снимаат, а снимките се пуштаат на најпосетените интернет портали.

1.3.3.Атентати

Атентатите се еден од најстарите појавни облици на тероризмот. Постоеле уште од самата антика, кога биле многу често користени. Самиот збор води потекло од латинскиот збор tento кој значи се обидувам. Подоцна латините го употребуваат и зборот atentatus кој значи напад на некого или на нечии права; убиство или обид за убиство на некоја истакната личност (обично политичка).[47] Атентатот претставува тајно подготвен вооружен напад над едно или повеќе лица со цел нивно убивање или заплашување. Станува збор за напад над важна личност (владетел, политичар) , и истиот се изведува со ладно оружје, огнено оружје или експлозивни направи.

Во различните епохи од човечкиот развој, на различни поднебја биле употребувани различни оружја и методи за вршење на атентатите. Во антиката познати се нападите кои ги вршеле сикариите во древен Израел, убиството на Гај Јулие Цезар... Во средновековниот период биле секојдневие, а на македонска почва познати се голем број на атентати врз видни македонски дејци и револуционери. Најпознати атентати на домашна почва се „Солунските атентати“ од 1903 и убиството на југословенскиот крал Александар во Марсеј. Во XX век голем е бројот на жртви на атентати,а најпознати меѓу нив се атентатите врз Џон Ленон, Мартин Лутер Кинг и Џон Кенеди, кај нас атентатот на поранешниот претседател Киро Глигоров, во соседството убиството на Зоран Ѓинѓиќ и др.

Атентатите во современото живеење пред сè се употребуваат во форма на напади со снајперски пушки, бидејќи истите му овозможуваат безбедна дистанца на напаѓачот и шанса за бегство која е значително поголема за разлика од другите појавни облици на тероризмот. Покрај снајперските напади, евидентирани се и напади со нож, пиштол или експлозивна направа со кои исто така може да се исполни целта на нападот.

1.3.4 Киднапирање

Киднапирањето претставува чин на фаќање и задржување на лица, против нивна волја, на одредена локација со цел истите да се искористат во преговори за да се постигнат одредени претходно планирани замисли и да се остварат барањата на киднаперите. Барањата на киднаперите се насочени кон власта и истите најчесто се ослободување на затворени истомисленици и соборци, плаќање на уцена, добивање на парични средста и стекнување повисок публицитет.

[47] Микуновиќ, Љ., Современ лексикон на странски зборови и изрази,Наша книга, Скопје,1995година, 63 стр.

Киднапирањето вообичаено се изведува со грабнување на видни личности и нивно држење на одредена локација, најчесто непозната од каде се комуницира преку тајни канали и тие преговори траат подолг временски период. Освен со грабнувањето на видна личност, киднапирањето може да се изведе и со фаќање на одредени групи на лица кои исто така би предизвикале медиумско внимание. Може да станува збор за група деца, група на припадници на религиозна група, група на припадници на одредена професија (војници, полицајци, доктори, новинари...).

1.3.5.Земање на заложници

За разлика од киднапирањето, земањето на заложници е чин кога лицата кои се затекнати во одреден објект се задржуваат против своја волја а терористите поставуваат одредени барања, како услов за ослободување на заложниците. За разлика на киднапирањето, кај земањето на заложници не мора да станува збор за витална личност, објектот не е таен а локацијата му е позната и немаме никакво преместување на заложниците, тие се чуваат во завземениот објект.

Исто како и кај киднапирањето и заложничките ситуации привлекуваат големо медиумско внимание, а барањата на терористите најчсто се поклопуваат. Терористите ги користат заложничките ситуации за изнудување на парични средства и ослободување на своите затворени истомисленици. Задолжителен дел при барањата се и да им се овозможи безбедно напуштање од завземаниот објект, т.е. да им се обезбеди превозни средства и одреден период на негонење. Ова барање терористите го осигуруваат со чување на одреден број на заложници кои ги пуштаат во моментот кога сметаат дека имаат солидна оддалеченост од безбедносните сили.

Најчести места на кои се врши земање на заложници се : трговски центри, кина, театри, болници, училишта и сите останати објекти на кои може да се очекува голема концентрација на луѓе.

1.3.6.Киднапирање на авиони

Киднапирањето на авиони е еден од поновите облици на дејствување на терористичките организации. Грабнувањето на авионите само по себе овозможува голем публицитет, голем број на жртви и голема материјална штета, па заради тоа и покрај постојаното зголемување на безбедносните мерки и интензивирање на казните, терористите го применуваат овој метод.

Постојат неколку главни причини заради кои терористите вршат грабнување на воздухоплови. Авионот кој што е киднапиран, може да се наполни со големо

количество на експлозив и  истиот да се употреби како средство за напад и да се насочи кон одреден витален објект. Ефектот врз масите и последиците од еден ваков чин се разорни. Исто така авионот може да се искористи и само за еден вид масовно убиство. Бидејќи без разлика каде и да заврши експлодираниот авион, бројот на жртви ќе биде голем. Терористите можат да го искористат авионот и како средство за бегање после извршен терористички напад, на пример после земање на заложници.

Секако не треба да се избегне и можноста киднапирање на авион заради исполнување на одредени барања од страна на државите и меѓународната заедница.

1.3.7.Подметнување на пожари

Подметнувањето на пожари е еден од терористичките појавни облици за кои е потребно помала и пократкотрајна обука, не е потребна некоја посебна опрема за негово извршување, а и самиот ризик е помал. Овој вид на тероризам најчесто е наменет за почетничките групи. Со цел истите да стекнат самодоверба, но и организацијата да стекне доверба во нив, да ја провери нивната насоченст, посветеност и конспиративност. За да во иднина истите можат да преземаат далеку посложени тајни напади, младите терористи мора првенствено да се докажат преку подметнувањето на пожари.

1.3.8.Саботажи

Зборот саботажа во нашиот јазик доаѓа од францускиот збор sabotage кој означува противзаконско  спречување на работа во индустријата и во други дејности или пак  прикриен, смислен отпор на поробен народ против окупаторот ( рушење на објекти, сообраќајници, врски и др.). Од тука и зборот saboter означува намерно спречување на работа и нанесување штета на непријателот.[48]

Значи саботажата може да се употреби пред се во сферата на комуникациите и транспортот. Со нивно прекинување трпи целата индустрија, а негативностите ги чувствува целото општество. Со прекинување  на телекомуникациите и електричната енергија пак се оневозможува функционирањето и на најесенцијалните човекови потреби. Какво и да било нарушување на комуникации, транспортни канали, врски, комерцијални, воени објекти  предизвикува големо медиумско внимание.

---

[48] Микуновиќ, Љ., Современ лексикон на странски зборови и изрази,Наша книга, Скопје,1995година, 531стр.

Со употребата на саботажата се оневозможува привремено и долготрајно функционирањето на одредени дејности во дадена држава. Саботирањето ја прави државата или даден сектор во неа немоќна и ранлива. Со употребата на саботажа пред се терористите ја покажуваат ранливоста на општествата и кај граѓаните предизвикуваат несигурност која сама по себе носи и голема количина на страв.

### 1.3.9.Напади со хемиски и биолошки агенси

Нападите со хемиски и биолошки агенси се едни од поновите појавни облици на тероризам, кои се резултат т.е. нус појава на научно-технолошкиот развој на човештвото. Терористичките организации денес во своите редови имаат кадар кој има солидно познавање од областа на хемијата и биологијата. Тој кадар истите го употребуваат за производство на хемиски и биолошки оружја.

Иако хемиските и биолошките агенси се разликуваат според смртоносноста, начинот на примена, брзината на дејствување, токсичноста, векот на траење, агрегатната состојба, сепак тие имаат одредени заеднички слични карактеристики. Хемиските и биолошките агенси се карактеризираат со токсичност, смртоносност и голема брзина на дејствување, па нивната примена предизвикува експресна паника и тешки последици по здравјето на луѓето, како и смрт во полошите ситуации. Нивната употреба обезбедува загарантирана широка медиумска распространетост.

Од хемиските агенски најупотребувани се иперитот, водородниот цијанид, луизитот, табунот, саринот, додека од билошките најчести се антракс, бруцелоза, колера, чума, туларемија и тифузна треска.[49]

### 1.3.10. Бомбашки напади

Анализирајќи ги и сумирајќи ги терористичките активности и дејства на терористичките организации, слободно може да се каже дека бомбашките напади се нивниот најомилен и најраспространет метод на дејствување. Речиси половина од вкупниот број на терористички напади во последните две децении се извршени со употреба на бомби или други експлозивни средства.

Набавувањето на бомби или на експлозивни супстанции е лесно. Материјалите за нивна изработка се лесни. Лесен е и процесот на нивно изработување. По интернет

[49] Димовски, З., Меѓународен тероризам, Скопје, 2011 година, 131 стр

порталите се достапни инструкции за производство на бомби и на импровизирани експлозивни направи.

Нивното употребување исто така ни нуди повеќе можности. Бомбата може да се употреби рачно, да биде лансирана со асистенција на некое помошно орудие или оружје, може да биде поставена заедно со временски тастер или пак така што би се активирала при некое механичко дејствие. Бомба или друга експлозивна направа може да биде доставена по пошта како поштенска пратка, или пак во возила кои популарно се нарекуваат возило-бомби.

Ефектот кој го предизвикуваат експлозиите е страшен. Речиси секогаш имаме голем број на човечки жртви и ѐ приченета голема материјална штета. Бомбите предизвикуваат страв и паника кај граѓаните, а воедно го привлекуваат и вниманието на најголемите медиумски куќи.

Како што е голем бројот на бомбашки напади, многу поголем е бројот на лажни бомби односно заканите со бомби. И заканите со бомби предизвикуваат речиси ист ефект како бомбашките напади. Единствено кај нив отстапуваат материјалната штета и човечките жртви, додека стравот и паника се исто така присутни. Со употребата на заканите со бомби, терористите успеваат пред се да го свртат вниманието на јавноста и да ги дезориентираат безбедносно-разузнавачките институции. Терористичките организации успеваат добро да ги балансираат лажните бомби со вистинските напади, па така им создаваат големи маки и напор на безбедносните служби ширум светот.

Бомбашките напади рековме имаат широк репертоар и дијапазон. Од сите тие подоблици на бомбашки напади најразорен, најстрашен, а од друга страна и најекономичен и најпривлечен за терористичките организации е самоубиствениот тероризам. Самоубиствениот тероризам нуди одредени поволности и предности кои другите облици на тероризам ги немаат. Полека но сигурно тие го преземаат приматот на најчесто употребуван облик на терористичко дејствување. Тоа пред сѐ се должи на неговата ефикасност, економичност, влијанието врз масите и мас медиумите, тешкото откривање и спречување, минимумот ризици кои ги нуди за деконспирација. Се очекува неговата експанзија да продолжи и се почесто да почне да се уптребува, дури и во места кои досега биле имуни на терористички напади. Од таа причина, во продолжение на овој труд ќе се обидам што е можно подобро да го објаснам самоубиствениот тероризам, неговите карактеристики, како ѝ тактиките, техниките, начините и методите за спречување на истиот.

## ГЛАВА 3

## 3. САМОУБИСТВЕН ТЕРОРИЗАМ

### 3.1 Самоубиство

Самоубиствата претставуваат еден вид на социо-патолошка појава која е карактеристична за сите општества. Самоубиствата се карактеристични за сите епохи на човечкото егзистирање. Менталните нарушувања и штетната употреба на алкохол придонесуваат за многу самоубиства во светот. Раната идентификација и ефикасното менаџирање е клучот за да се добие сигурност дека луѓето ја добиваат грижата што им е потрбна.[50]

Самоубиството е свесно и волево посегање по сопствениот живот, ѝ истото се смета за општествено патолошка појава која претставува предмет на интерес на многу науки, меѓу кои се:

- психологија;
- психопатологија;
- социологија;
- криминологија;
- криминалистика.
- кривично право[51]

Методи на самоубиство

Труењето со пестициди, бесењето и самоубиството со огнено оружје се меѓу најчестите методи на самоубиство на глобално ниво. Се проценува дека околу 30% од глобалните самоубиства се должат на труењето со пестициди, од кои повеќето се случиле во руралните средини во земјите со низок и среден приход.[52]

Етилогојата на самоубиствата е различна. Како причини за самоубиства кај помладите (до 30 години) се јавуваат нарушувањата на личноста и злоупотребата на дроги, а кај постарите: депресија, шизофренија и алкохолизам. Има и други сфаќања кои сметаа дека процентот на душевните растројства кај самоубиствата е голем (50-60%).[53]

---

[50] Драгана Батиќ, Роза Крстева- „Психопатологија„Факултет за безбедност- Скопје, 2016
[51] М.Бошковиќ, Криминалистичка методика-1, друго измењено и допуњењо издање, Полициска академија, Београд, 1998, стр.353
[52] Драгана Батиќ, Роза Крстева- „Психопатологија„Факултет за безбедност- Скопје, 2016, стр 180
[53] Ибид, стр 181

Иако самоубиството само по себе не е кривично дело, тоа е многу интересно за криминалистиката и безбедносните науки. Криминалистиката пред се има за цел да провери дали навистина се работи за самоубиство или пак станува збор за убиство кое некој сака да го прикаже како самоубиство и да се сокрие објективната вистина за делото. Безбедносните науки пак имаат за цел да го проучуваат самоубиството како дел од самоубистveniот тероризам. Постои дискусија во врска со соодветноста на терминот ,,изврши,, самоубиство, а неговата употреба е да се опише самоубиство. Оние кои се противат на употреба на ,,изврши,, тврдат дека тоа со себе носи импликации дека самоубиството е криминално, грешно или неморално дело. Постои растечки консензус дека посоодветно е да се користи ,,завршено самоубиство,,, ,,умре од самоубиство,, или едноставно ,, да се убие себеси,, за да се опише чинот на самоубиство[54]. Самоубиство се оние случаи на смрт кај кои таа е последица на директна или индиректна дејност на жртвата, која знае каква ќе биде последицата од тој чин. (David Emile Durkheim), или акт на одземање на сопствениот живот. Овој француски социлог, социјален психолог и филозоф, татко на социологијата, во своето дело ;;Самоубиство,, (1897) генерално, го третира самоубиството како општествен проблем. Познавањето на психолошките особености, социолошките страни и влијанието на религијата врз самоубиствата се од особен интерес на безбедносните науки.

Со извршувањето на самоубиствен напад терористичките организации имаат за цел да направат што е можно поголема штета, да привлечат што е можно поголемо внимание на јавноста, да посеат страв и секако да пренесат некоја порака или тоа да го направат во името на некоја идеја. Во своето дејствување терористичките организации ги користат индиректните, тенденциозните и алтруистичките самоубиства.

### 3.1.2.Историски осврт на самоубиствените напади

Како што споменавме во претходната глава, самоубиствата не се феномен на денешница, а со тоа индиректно и самоубиствените напади се феномен кој го прати човекот и неговиот развој од антиката до денес. Денешните методи на дејствување се далеку поразорни, пософистицирани, поразновидни, имаат поголема уништувачка моќ, но самиот акт на самоубиствен тероризам е познат од многу поодамна.

[54] Драгана Батиќ, Роза Крстева- ,,Психопатологија,,Факултет за безбедност- Скопје, 2016, стр 172

Една од првите појави на организиран тероризам историјата забележала на Средниот Исток, во Палестина, во првиот век од нашата ера. Станува збор за сектата на Зелотите, група која употребувала терор на систематски начин и која е најстарата група за која имаме пишани документи. За нив во книгите „Еврејски антики“ и „Војната на Евреите“ пишувал Јосиф Флавиј, кој работел како советник за еврејски прашања кај Тит и Веспазијан. За нив Флавиј го употребува терминот „Сикарии“ кој доаѓа од латинскиот збор sicarius, оној што убива со дага[55].[56]

Флавиј Јосиф во своите дела сикариите ги опишува како бандитите, но истовремено објаснува дека тие имаат дејство кое е религиозно и политички мотивирано. Нивните напади започнале во оние моменти кога евреите во Палестина почнале да ја губат својата независност и целосно станале потчинети од страна на Римската империја. Флавиј Јосиф истакнува дека Зелотите се криминални и неморални и дека елитните еврејски заедници на нив гледале со лоши очи, бидејќи тие претставувале своевидна закана за нивниот статус и безбедност. Но, од друга страна Зелотите се здобиле со голема популарност меѓу еврејскиот народ, особено меѓу младите. Иако за нивниот статус малку се знае, се претпоставува дека потекнуваат од побогатиот слој и дека биле учени луѓе.[57]

Зелотите пред се дејствувале со вооружена борба слична на герила, а прибегнувале и кон психолошка стратегија. Нивните акции траеле повеќе децении, па така и нивните техники се менувале во зависност од периодите. Зелотите имаат извршено голем број на атентати врз видни политички и верски личности. Ги напаѓале архивите и објектите каде што се чувале сите добра кои се однесувале на позајмување, со цел да добијат подршка од локалното население, кое било оптоварено со долгови. Сикариите дејствувале ги колеле своите жртви со помош на својата дага и тоа го правеле пред се на јавни места, меѓу народот. Најчестите места за напад биле пазарите, форумите, храмовите, плоштадите, со што сакале да дејствуваат психолошки и да им укажат на масите дека никој не е неранлив, класична терористичка тактика која и денес е присутна во терористичките напади.Сикариите можеле да дејствуваат каде било и кога било. Тука била нивната сила.[58]

---

[55] Широк еврејски меч со кусо сечило. (Заб. на прев.)

[56] Шалијен, Ж., Блин,А., Историја на тероризмот од антиката до Ал-Каеда, Табернакул, Скопје, 2009, стр.61

[57] S.G.F. Brandon, Jesus and the Zealots, A study of the political factor in primitive Christianity, Manchester, Manchester University press, 1967, стр.56

[58] Шалијен, Ж., Блин,А., Историја на тероризмот од антиката до Ал-Каеда, Табернакул, Скопје, 2009, стр.65

Сикариите имале цврста волја и биле решени по секоја цена да го извршат планираниот напад, макар тоа резултирало и со нивна смрт. Многу често по извршувањето на самиот чин тие биле фаќани, мачени и потоа убивани од страна на римските легионери. Заради таа причини при заземањето на некои објекти, а при опсада од римски трупи, сикариите претпочитале да се самоубијат отколку да паднат во раце на римските легионери.

Уште еден пример за класична терористичка организација од постарите времиња е „Сектата на Асасините". Активностите на Асасините се многу подобро документирани за разлика од тие на Зелотите. Нивното дејствување се појавува во период кој е особено бурен во арапско-муслиманскиот свет, па така покрај документирањето на секојдневните настани добиваме и многу информации за Асасините.

Иако оваа секта егзистира многу подолг период, сепак најплодотворен период за Асасините е периодот од 1090 година  до 1272 година, кога се бореле против крстоносците од Европа кои се обидувале да ги ослободат „светите" територии во Сирија и Персија. Терминот „асасин", кој на повеќе светски јазици значи убиец е изведен од името на сектата. Неговото етимолошко потекло не е со сигурност објаснето. Се претпоставува дека потекнува од терминот хашиш ( вид на дрога кој се добива од коноп). Според некои автори, асасините земале хашиш пред да ги изведуваат своите напади, па истите нив ги нарекуваат и „хашишини" или „хасасини", иако не е потврдено со никаков доказ дека тие навистина го користеле овој вид на дрога. За прв пат зборот асасин се употребил во Сирија, и тоа за да се опише секта составена од странци кои потекнувале од Персија.

Асасините, како и Зелотите напаѓале и убивале само со даги, а убиствата ги извршувале на местата за молитва или на пазарите. За време на нападите тие се преправале како верниците за да можат да дојдат поблиску до нив и да ги убијат, пред се додека тие се молат. Најголемиот дел од нив биле убивани после извршувањето на својот напад.  Оваа техника станала ритуална и карактеристична за нив.

Асасините првично уживале доверба и симпатија помеѓу народните маси, бидејќи тие во името на религијата се бореле со крстоносците од Запад. Но, потоа во XIII  век, мамелучкиот султан Бајбар тргнал во контраофанзива сметајќи ги за

опасносни по безбедноста на својата империја. Тој успеал да ги порази и да ги сведе на минимум нивните активности.

Асасините, се еден вид предци на модерните бомбаши-самоубијци. Тие први оделе во напад, свесни дека нема да се вратат живи, единствено со мотивот дека ако загинат за време на нападот ќе отидат на величественото небо, директно во рајот[59].Исто како и нивните историски-следбеници и тие се бореле против христијаните од западниот свет „кои сакаат да ги окупираат“.

Во истиот овој период додека биле активни Асасините, забележан е и првиот самоубиствен чин од страна на христијански воини.  За време на крстоносните војни за ослободување на „Светиот грал“ од рацете на муслиманите, витезите Темплари уништиле еден од своите бродови за да успеат да уништат 10 пати поброен непријател За време на битката повеќе од 2000 Сарацени успеале да се качат на бродот на крстоносците, кои се имале сокриено под палубата на бродот. Знаејќи дека немаат шанси да преживеат решиле да ги повлечат со себе во смрт и своите противници, а тие да умрат во служба на Господ. Така тие со своите секири направиле дупки во бродот кој потонал и кој со себе однел 140 Крстоносци и повеќе од 2000 Сарацени.[60]

Неколку векови подоцна, во XVIII, XIX и XX век на муслиманските териториите на азиско тло кои биле окупирани и колонизирани од страна на европските земји, пред се Шпанија и Британија се појавиле самоубиствени напади. Целта била јасна. Поради тоа што немале сили и средства да им се спротивстават рамномерно на странските колонизатори, локалните борци се одлучиле со самоубиствени напади да им нанесат штета на своите непријатели. Пред да ги извршуваат своите напади, извршителите оделе на верски обреди со што истите ја прикажувале својата тенденциозност, алтруистичност, религиозност и статусот на маченик, поради што многу наликуваат на денешните модерни бомбаши-самоубијци.

Со развојот на воената технологија, со секој постепен чекор нанапред, се интензивирале и нападите и нивната усовршеност од страна на терористите. Така тие почнале да употребуваат огнено оружје, а по пронаоѓањето на динамитот започнале и првите детонации и употреби на динамит. Со употребата на динамитот, започнува еден

[59] Одењето во рајот доколку се загине во битка е регистрирано во историските учебници и многу порано од Асасините. Викинзите верувале дека единствен начин да одат во Валхала, рајот е да загинат во борба. Сепак разликата е во тоа што Викинзите никогаш не вршеле напади кои на кој било начин подналикувале на терористички.

[60] Масонско огледало-издание 19,4 јули 1868,стр.524

повисок стадиум на тероризмот каде бројот на жртвите и материјалната штета започнува нагло да се зголемува.

Во XIX век, низ Европа, а и на територијата на САД се развиваат анархистички движења, кои резултирале со таканаречениот анархистички тероризам. Во француското општество се забележани голем број на атентати, употреба на динамит, употреба на нитроглицерински бомби. Во еден период биле публикувани и спасанија со текстови за подготовка на бомби во домашни услови. Целта на анархистите била да секој французин, за минимални парични средства да може да изработи експлозивна направа и да им помогне на анархистите во борбата со постоечкиот систем.

Анархистите не ги криеле своите идентитети. Тие се прикажувале самите себе како жртви и херои за подобар живот во државата. Најекстремните од нив завршувале со изречена смртна казна, смрт на гилотина. Нивните потези наликуваат на индиректни самоубиствени напади. За француското општество имаме и случаеви на директни самоубиствени напади. Таков е случајот со белгискиот анархист Амеде Паувелс, кој делувал во анархистичкиот кружок на Сен-Дени. Тој на 15 март 1895 година, во паришката црква Мадлен, експлодирал заедно со бомбата која ја активирал.[61]

Во Русија анархизмот е составен дел од револуционерните движења на крајот од XIX век и почетокот на XX век, а самиот тероризаам е задоцнета компонента која се појавува во последните револуционерни стадиуми. Извршителите на терористичките акции во Русија биле свесни за опасноста која ги демне и за најверојатниот исход од актот, а тоа е смртта. Тероризмот во Русија бил применуван само од две групи кои се надополнувале една со друга: Народна волја и Социјалистичко-револуционерната партија. Второспоменатата група индиректно произлегла од првоспоменатата и фатички може да се рече дека станува збор за нејзин легитимен наследник. Методите кои ги употребувале руските анархисти биле разноврсни: напади со нож, напади со пиштол, употреба на динамит, минирање на железнички пруги и сл.

Најзначајниот напад на рускиот анархизам е убиството на царот Александар II во Санкт Петерзбург на 13 март 1881, кога тројца бомбаши од Народна волја го нападнале и го убиле рускиот цар.

[61] Шалијен, Ж., Блин,А., Историја на тероризмот од антиката до Ал-Каеда, Табернакул, Скопје, 2009, стр.146

Анархистички тероризам, кој бил искажан и манифестиран со напади со ножеви, пиштоли и динамити се појавил и во Италија, Шпанија,Германија и САД, но со многу помал обем и интензите од тој што го имало во Русија и Франција.

Низ историјата се запишани голем број на случаеви каде револуционери или војници во одредени битки, претпочитаа да извршат самоубиство како истите не би биле заробени, измачени или убиени од странските окупатори.

За вакви ситуации не треба да одиме многу далеку, истите ги имаме во нашата богата историска ризница. Познати се голем број на самоубиства на наши револуционери кои после долги битки со последните куршуми или со бомба си го одземале животот за време на османлиското владеење во Македонија. Првенствено,за да го заштитат населението од подоцнежните зулуми на аскерот, а секундарно да не паднат живи во непријателските раце каде би биле жестоко мачени.

Ќе спомeнеме само неколку такви случаи, иако навистина е голем нивниот број. Војводата Методи Патче на 7 април 1902, заедно со своите соборци извршил групно самоубиство со последните куршуми после десетчасовна борба со турскиот аскер во Кадино Село, прилепско.

Во селото Ѓавато, гевгелиско кај месноста Ѓуров дол на 2 септември 1905 се самоубива војводата Леонид Јанков кој со своите соборци успевал долго да го држи отпорот на турската триилјадна војска. Во моментот кога остануваат на минимум муниција, Војводата одлучува сите комити да се самоубијат и живи да не паднат во непријателски раце.

Најпознати самоубиства од овој период се таканаречените Солунски атентати од 28 април до 1 мај 1903 година во Солун. На почетокот на XX век анархистичката револуционерна група попозната како „Гемиџии“ ги извршила познатите Солунски атентати. Целта на оваа млада група била да преку напади и бомбардирања врз виталните објекти во Солун, да се разбуди свеста кај европските сили за состојбата и положбата на угнетениот македонски народ во османлиската империја.Гемиџиите планирале со бомбардирање да ги опфатат сите витални објекти ширум Солун, да нанесат голема материјална, но не и невина цивилна човечка штета, а за сметка на тоа тие да се самоубијат под паролата „се арчиме за Македонија“. Атентатите траеле неколку вечери.

На 28.04.1903 атентаторот Павел Шатев го потопува францускиот брод Гвадалкивир. Бродот бил целосно уништен, сите патници спасени, а се спасил ѝ самиот атентатор кој не собрал храброст да се самоубие. Истата вечер е минирана

железничката пруга Истанбул-Солун, повторно без жртви, но предизвикан е голем хаос во железничкиот сообраќај. Следната вечер е уште побурна, Константин Кирков поставува 2 килограми динамит во гасоводните цефки и во водоводот по што градот останува без светлина и вода и завладува општ хаос. Најмногу половина час по останувањето на градот без струја, Јордан Поп-Јорданов го активира експлозивот од под Отоманската банка и ја разнесува. Останатите гемиџии фрлаат бомби пред Египет Хотел, Гранд Хотел, на главната улица, во летниот театар Алхамбра, Бошњак-ан, Топхалето (турската градска управа) и кафеаната Ноја. Оваа вечер Владимир Пингов е застрелан откако фрла бомба врз Топхането, а Илија Трчков и Димитар Мечев се самоубиле во станот каде се вратиле по акцијата, бегајќи од турската војска. Тука тие исфрлиле 50-60 бомби и не сакајќи да паднат во рацете на османлиските војска се самоубиле. Следната вечер и Јордан Поп-Јордан е убиен во престрелка со турската армија, откако решил да се бори со нив до смрт. На 1 мај се последните напади. Кирков пробува да ја крене во воздух телеграфско-поштенската станица, но е убиен од стражарот. Цветко Трајков се самоубива активирајќи бомба, откако неуспеал во атентатот над солунскиот Валија, Хасан Фехми Паша.[62]

Целта на Гемиџиите била остварена. Тие ја извеле најголемата и најорганизирана терористичка акција на своето време. Успеале да го онеспособат од нормален живот и да го стават во хаос најважниот европски град на Османлиската империја. Така сите амбасадори и дипломатски претставници испратиле информации до своите матични земји и своите влади. Извесен период Европа пишувала за солунските атентатори и нивните идеали.

Најзначаен и најмаркантен акт на самоубиство во постилинденскиот период е групното самоубиство по битката на Ножот, врв на Плетвар во близина на селата Ракле и Никодин. На 14 јули 1907 година по долга битка со турскиот аскер, откако им снемува муниција, 54 македонски борци (од костурско, солунско и велешко) одлучуваат да ги наредат преостанатите бомби и да легнат врз нив. На тој начин го извршуваат самоубиството и живи не паѓаат во непријателски раце. Наредниот ден пред да бидат погребани на местото пристигнал италијанскиот капетан Џузепе Луци и со својот апарат ги овековечил хероите. Сликата била објавена во многу светски весници.

[62] Силјанов, Х., Ослободителните борби во Македониа, Том I, стр.254-255

Во перидот по балканските војни во Македонија се случуваат голем број на атентати и убиства кои ги обавува Внатрешната Македонска Револуционерна Организација. Како најпознат атентат може да го споменеме самоубиствениот атентат кој го извел атентаторот Владо Черноземски. Во содејство на ВМРО и усташката организација на Анте Павелиќ во Марсеј на 10 Октомври 1933 е убиен југословенскиот крал Александар I Караѓорѓевиќ. Откако кралот пристигнал во Марсеј бил качен на автомобил и полека бил возен кон резиденцијата,. Во градот била насобрана голема маса да го пречека и поздрави југословенскиот крал. Черноземски успеал во масата да се приближи и качи на платформата на автомобилот и да ги застрела кралот и францускиот министер за надворешни работи Барту. Повредил уште неколку полицајци и граѓани од масата. Набрзо бил застрелан и онеспособен. По прегледот на неговото тело, кај него била пронајдена и отровна ампула која имал намера да ја проголта со цел жив да не биде фатен по атентатот.

Случаи на самоубиства во македонската историја имаме и во Втората светска војна, а ќе го споменеме само самоубиството на народните херои Стив Наумов и Мите Богоевски, кои на 12 септември 1942 се самоубиле при нерамна борба со бугарскиот окупатор кај селото Болно,Ресенско.

Втората светска војна е период кога правилата за ритуален акт на самоубиство го смениле јапоските бомбаши камикази. Камиказите биле пилоти на авиони натоварени со експлозивно полнење кои имале за цел да се насочат директно кон непријателот и да експлодираат при контакт со него. Овие операции биле успешни само со сигурна смрт на управувачите на авионите. По големиот успех кој го постигнале камиказите, јапонците почнале да ги развиваат и шинио (моторен чамец со експлозив во клунот, кој имал задача да потопува американски бродови), фукури (човечка мина, нуркачи кои донесувале и закачувале експлозиви на американските бродови), никаку (човечка противтенковска мина, каде војниците имале прикачен експлозив на нивните тела), каитен (човек-торпедо) и други слични техники при кои војниците биле користени заради сигурен транспорт на експлозивот до целта на напад.[63]

Бранот на самоубиствени напади, базиран на религиозна основа и омраза кон западниот свет, се смета дека започнал со нападот на американската касарна во Бејрут, Либан во октомври 1983. Касарната била нападната со камион-бомба а како резултат

[63] Димовски, З., Тероризам, Графотранс, Скопје, 2007г., стр. 141-142

на експлозијата загинале 241 америкнански маринци, а повредени биле повеќе од 100 лица. Речиси истовремено, сличен камион-бомба експлодирал во кампот на француските мировници, кој се наоѓал недалеку од американската воена база. Одговорноста за нападите ја презела дотогаш непозната група „Хезболах" и резултирала со повлекување на американските и француските сили од Либан. По нивното заминување, Хезболах се насочува кон самоубиствени напади против израелските вооружени сили и нивните активности во Јужен Либан.[64]

На 5 јули 1987 година, „Црниот тигар", група која е огранок на Тамилските тигри го извела својот прв самоубиствен напад. Валипурам Васантан, наречен капетан Милер со мал камион наполнет со експлозив влегол во воениот камп на армијата на Шри Ланка во Нелиади и убил повеќе од 40 војници.[65] Од тогаш Тамилските тигри стапуваат на сцена и се одговорни за најголемиот дел од самоубиствените напади во светот.

На 6 јули 1989 година се случува првиот самоубиствен палестински напад, а воедно ѝ првиот напад на територијата на Израел. Во автобусот со реден број 405, на релација од Тел Авив за Ерусалим, лицето Абид Ал Хади Џанеим насилно го презема воланот.Истиот го насочува автобусот во провалија со карпи во клисура блиску до местото Кират Јеарим. Во нападот загинале 16 цивили, додека 27 биле повредени. Одговорноста за нападот ја презема Палестински исламски џихад. Со овој напад започнуваат големиот број на самоубиствени напади на територија на Израел кои се пред се изведувани од Палесински исламски џихад и од Хамас, и мал број изведени од Народниот фронт за ослободување на Палестина.

После 90-тите години се појавија голем број на терористички организации кои извршуваат самоубиствени терористички напади. Нивниот број е голем, па затоа ќе наведеме само некои: Гама ал-исламија, Египетски исламски џихад, Курдската работничка партија, Вооружената исламска група ГИА, Барбар калса интернационална (БКИ), Авганистанските талибани, Ал Каеда и Исламската држава (ИСИС/ИСИЛ).

Последноспоменатите две организации ги променија сфаќањата за самоубиствените напади и истите ги интензивираа на многу повисоки стадиуми. Ал-Каеда, со нападот на светскиот трговски центар на 11 септември 2001 укажа на тоа дека никој, па ни САД не е имун на самоубиствениот тероризам. За разлика од Ал

[64] Злате Димовски, „Меѓународен тероризам„ Факултет за безбедност, Скопје, 2011
[65] Gambetta, D., (2005). *Making sense of suicide missions*. Oxford; New York: Oxford University Press. p. 50. ISBN 978-0-19-927699-8

Каеда, ИСИЛ укажа на тоа дека самоубиствениот тероризам нема граница, и дека истиот е спремен да се прошири насекаде низ светот и во огромни размери.

### 3.1.2.1.Исламскиот фундаментализам и самоубиствените напади од страна на терористите

Исламските фундаменталисти ги упатуваат луѓето преку разни пораки да се ориентираат во начинот на практикување на верата и животот на претходните муслимани. Во подоцнежните векови тие започнале да се борат со исламските внатрешни неусогласености, од XIX век нивен главен противник стануваатзападните држави, што го привлекува вниманието на муслиманите кои започнуваат да се прилагодуваат на западниот свет. Поради оваа причина фундаменталистите сметаат дека целта на западниот свет е да се промени муслиманскиот свет од неговите рамки. Денес приврзаниците на исламскиот фундаментализам се спротивставуваат на две клучни точки: на вниманието на западниот свет и „неправилниот ислам“, кој сега е во фаза на ширење кон муслиманските земји. Овој аргумент доведува до потребата за детална анализа на исламскиот фундаментализам и западниот свет.

Во исламот фундаментализмот или исламскиот екстремизам, различно наречен како исламска преродба или радикален ислам, е верско образовно, социјално и политичкодвижење во исламскиот свет. Главната карактеристика на неговата доктрина е комбинацијата на традиционалните муслимански вредности, врз основа на исламскиот шеријатски закон, со модерните социјални и економски програми. Политичките проекти кои се појавуваат, камуфлирани под наметката на исламот, настојуваат социјалните формации во исламските земји да бидат изградени целосно во согласност со исламските принципи, неисклучувајќиго насилството како средство за постигнување на својата цел и длабокиот антизападен дух на нивните политики. Исламскиот фундаментализам, како политичко движење, има намера да дојде на власт во муслиманските земји и да ја искористи организацијата и конечно да ги оствари своите цели. Во многу случаи меѓу оние политички движења кои имаат за цел да ја преземат власта на мирен начин, постојат милитантни екстремистички организации кои имаат за цел итни промени по пат на револуција на секуларните режими. Според нив тоа е должност на сите муслимани да се борат против секуларните режими за воспоставувањеисламска теократска држава. Ова се денес т.н. исламски терористи. Убивањето и самоубиствените акти од страна на терористите, иако извршени во име на исламската религија, доаѓаат отворен судир со саматаисламската религија. Исламот е

религија на мир и толеранција, тој нема никаква врска со тероризмот. Исламските фундаменталистички движења често се поврзуваат директно или индиректно со таквите милитантни групи, кои претставуваат и нивновооружено крило. Овие групи денес се организирани во меѓународни мрежи и, за да ги постигнат своите цели, избираат разни објекти во многу земји во светот. Повеќето од терористичките организации во Блискиот Исток и нивните филијали кои работат на Запад дејствуваат во име на исламот. Тие не застануваат кога е неопходно дури и пред убиството на некој муслиман. Тероризмот, со или без верска боја, денес стана сериозна закана за глобалната безбедност. Современата инфраструктура и комуникации на движење направија светот да изгледа мал и терористичките мрежи се во можност да нападнат во секоекатче на светот.

### 1.3.3.2.КАРАКТЕРИСТИКИ НА ИСЛАМСКИОТ ФУНДАМЕНТАЛИЗАМ

Исламскиот фундаментализам има две главни карактеристики, и тоа:

1) Исламскиот фундаментализам е религиозно движење, тоа исто така се смета како политичко движење чија цел е да се создаде „држава на верници“.Оваа појавае спротивна на идејата за секуларна национална држава прифатена во многу земји, како што е Египет, каде што има фундаментализам .

2) Исламските фундаменталисти се соочуваат со она што се гледа како западна хегемонија, што всушност се верува дека претставува заканаза нив. Западната хегемонија не е ограниченасо западните земји, ова се однесува и на секуларните луѓе до муслиманскиот свет кои се сметаат како полоши од „странците без вера“. Тие се сметани за луѓе кои „ги претставуваат интересите на поранешните колонијални сили“. Ова повторно доведувадо конфликт помеѓу секуларните власти, како на пример Египет и фундаменталистичките групи. Конечно, фундаменталистичките групи очигледно се согласуваат со барањата на џихад (светата војна)со цел да се заштити муслиманската заедница. Меѓутоа, групите се разликуваат во толкувањето и практикувањето на џихадот. Додека некои, како на пример муслиманската група „Џамат Теблик“, гледаат на џихадот како ненасилен, другите, како што се некои исламски џихадски организации, гледаат на џихадоткако насилен.

Кастелс(Castells)гледа на идентитетот на исламскиот фундаментализам како отпорен, односно како разумен идентитет против доминантните институции / идеологии. Ставовите на Кастелс за фундаментализмот се важни, бидејќи укажуваат на создавање исламски фундаментализам како антагонист/противник на „идеологиите

напостколонијалниот поредок“ (1997, стр.17), како национализмот, капитализмот и социјализмот.

## 3.3. РАЗГРАНИЧУВАЊЕ ПОМЕЃУ ТРАДИЦИОНАЛНИОТ ИСЛАМ И ЕКСТРЕМНИТЕ ФОРМИ НА ИСЛАМСКИОТ ФУНДАМЕНТАЛИЗАМ

Исламот е една од трите најраспространетите религии во светот. Како религијазапочнува во седмиот век, со мисијата на Мухамед.Според традиционалната исламска вера, Куранот е книга на трајно сожителство со Господ во вечноста, чија порака е дадена на секој пророк – вклучувајќи ги иМуса (Мојсеј) и Иса (Исус) − започнувајќи од Адем (Адам).

Исламот тврди дека од VII век пораката на Куранот не е целосно прифатена, алтернативно или погрешно,поради тоаМухамед добил задача да го заврши прогласувањето на Куранот. Муслиманите веруваат дека Мухамед бил последниот пророк и декаКуранотбилнапишан по неговата смрт идека тоа се вистинските зборови на Бога. Главната порака на Куранот е дека постои само еден Бог и дека верниците треба да ја прифатат оваа божествена работа и да живеат праведен живот, врз основа на правилата и упатствата на еден Бог коиводат во рајот. Врз основа на традиционалниот ислам, Бог има многу атрибути, Бог е милостив, ведар, семоќен.

Четвртина век по смртта на Мухамед, доаѓа до граѓанска војна во исламот за да се утврди нејзиниот соодветен наследник. Дали тој да е од членовитенасемејството или да биде потомок на правична застапеност? Оваа војна доведува до поделба која постои и денес меѓу сунитскиот ислам (што го практикува најголемиот дел на исламската заедница во светот) и шиитскиот ислам (голем број од нив се наоѓат во Иран, Ирак, Сирија, Либан, Индија, Пакистан, како и делови во Централна Азија).

Во исто времедоаѓа до уште поголема поделба,по што ќе се развијат четири традиции, а подоцна, и петта традиција во исламот, за да се дефинира суштинското значење на муслиманската вероисповест.

1) Една од традиционалните богословски училиштае Мутазилитес (Mutazilites), коего истакнуваразумот и ригорозната логика. Мутазилитеситесе читатели на грчката филозофија и се слични со европските средновековни схоластици. Тие верувале дека, иако Куранот бил потребен, „разумот“ може дапостигне значителни знаења за тоа што е добро, а тоа е сигурен начин за постигнување на таа блискост со Бога. Ова училиште ја отфрла идејата дека Куранот постоел од вечноста и тврди дека Куранот е божјатворба.

2) Втората група, наречена „мурџитес“ (murjites), негува директна и едноставна филозофија. Тие верувале дека политичкото владеење на исламот не треба да доведе до војна, дека мирот е должност на сите муслимани,дека не треба да постои расна или свештеничка хиерархија во исламоти дека сите муслимани се рамноправни. И, конечно,дека сите луѓе, без оглед на расата, националноста, верата или класата, имаат право да влезат во рајот. Ова е поради влијанието на мурџиите кои веруваат дека исламот има силен егалитарен карактер. Мурџиите беа силни поддржувачи на исламот во легалистичка смисла.

3) Третата традиција е „легалистичката“, која го изразувасунитскиот ислам. Од оваа традиција се создал шеријатот, светиот поредок на исламот. Денес легалистите се застапенипомалку од современите фундаменталисти, кои мислат дека шеријатот би требало да биде животот и уставот на исламот.

4) Четвртата традиција, наречена kариџитес (Kharijites), се состоела одрадикални лица − кои инаку може да се наречат фанатици. Kharijites имале насилен поим, политизиран ислам, страшно вршење на масакри. Нивниот став бил дека Бог ќе го открие вистинскиот водач на исламот на бојното поле и секој муслиман кој не се придржува кон религијата како кариџитесите ќе се прокламира какоотпадник и поради тоа ќе треба да биде убиен. Тие се бореле против секој муслиман што не ја следи нивната верзија на исламот. Во еден момент од нив дури е убиен и Али, во четвртиот калиф, ацелта била да се уништи секоја верзија која ќе се натпреварува со исламот.

5) Петтата традиција− нареченасуфизам− следи два века подоцна, на реакција и противлегалистите. Суфиите биле мистици и верувале дека тие би можеле да добијат соединување со Бога преку внатрешниот живот и прочистувањена моралот. Суфиската традиција и легалистичката традиција често биле во тешка тензија во текот на изминатите векови.

Врз основа на горенаведените ставки и промени со кои луѓето од целиот свет ги имаат воведено во исламската религија, можеме да кажеме дека толкувањето на исламската религија врз основа на традиционалниот ислам, речиси и не постои заедничка точка со она што екстремистите готолкуваат на свој начин.

До пред два века претходно споменатите традиции скоро и да не постоеле, сите биле поврзани со исламот како една исламска традиција. Иако постоеле училишта со различни мислења и толкувања, овие училишта повторно припаѓаат,во голема мера, на исламската традиција, што значидека тие му припаѓале на божественото потекло, корени кои му припаѓаат на Куранот и на традициите на пророкот на исламот.

Традиционалниот ислам ја прифаќа содржината на светиот Куран без каквобило сомнение како Слово Божје.Традиционалниот ислам светиот текст не го толкува во буквално значење или врз основа на историско расудување, туку според неговата долга традиција која датира од самиот пророк Мухамед, потпирајќи се на усно толкување, усни говорници, како и писмени забелешки.

Традиционалниот ислам целосно го штити светиот закон/шеријатот, на ист начин како што е протолкуван и разбран со векови. Традиционалниот ислам исто така ја признава можноста да се дадат свежи погледи (џихад), базирани на традиционални принципи кои се повикуваат на примената на Законот, на новосоздадени ситуации. За мнозинството во традиционалниот ислам моралот потекнува од Куранот и Хадисот.Во поглед на уметноста и архитектурата, традиционалниот ислам инсистира на нејзина исламизација, поврзување на уметноста со внатрешната димензија на исламоти потврдување дека уметноста и архитектурата се кристализација на духовното богатство на исламот, на прикажаната форма или во формата на сослушувањето. Според традиционалниот ислам, Бог е убав и ја сака убавината. Тој ја претставува убавината од верски аспект како доктрина која ја презентира вистината.

Традиционалните училишта се против одземањето на власта и окупација на територија со употреба на сила, во име на исламот. Признавајќи дека исламот не прави поделбиво доменот на религијата во секуларна, традиционалниот ислам не ја прифаќа како легитимна употребата на кој било тип политички механизам,измислен целосно од антиисламскиизвори, со цел дасе преземе власта во име на исламот.

Понатаму, традиционалниот ислам не го прифаќа покајанието предизвикано од омраза и гнев, ниту пакја гледа омразата како легитимен избор да се изберат интелектуалните проблеми, морални, социјални, економски и политички,сокој исламскиот свет се соочува денес.

За разлика од традиционалниот ислам, екстремистите се многу поблиску до кариџитесите (Kharijites) –(високо политизирана форма на исламот). Тие немаат милост при убивање на муслимани кои не го почитуваат она што тие сметаат дека е совршен исламски код. На овој начин тие се враќаат назад кон една секта што го отфрла традиционалниот ислам и го нарекува неисламски. Никој од традиционалните муслимани никогаш не смее даприфати дека убивањето е легитимно, дури и во војната. Убивањето невини луѓе е грев. Но, исламските екстремисти никогаш не престанале да го повредуваат светиот исламски закон, со цел да се здобијат со моќ и власт.

Според мислењето на екстремистите, секој што ќе сеспротиставина нивните концепции е во војна со исламот и мора да се смета за непријател. Поради оваа причина Осама бин Ладен ги нападна и Јордан и Египет. Ова е начинот кога исламските екстремисти го киднапираат традиционалниот ислам и се авангарда на новиот ислам,кои мислат да му го наметнат на муслиманското општество, па дури и на целиот свет.

### 3.1.3. Поим и дефинирање на самоубиствениот тероризам

Во природата на човекот е да сака да живее. Инстинктот за живот го одржува човекот и во најлошите и најтешки ситуации. Се претпоставува дека и при изведување на оние операции кои самите по себе се со висок ризик и мали шанси за преживување, терористите сепак се надеваат дека ќе се одржат во живоот. Но, модерниот самоубствениот тероризам базиран пред се на религиозна основа ни отвора едно ново поглавие во историскиот развој на тероризмот. Поглавие во кое извршителите одат да ја исполнат својата задача, знаејќи дека истата нема да ја преживеат. Извршителите на самоубствениот тероризам се свесни дека нема никакви шанси да го преживеат нападот.

Самоубствениот тероризам е еден од најопасните и најчесто употребуваните појавни облици на тероризмот во последните неколку децении. Делува застрашувачки. Неговата моќ и влијание се огромни. На него никој не е имун, така да кај секого предизвикува чувство на страв и соживување со улогата на „глинен гулаб". Како никој друг подвид на тероризам предизвикува недоверба во органите на власта, особено недоверба во заштита од страна на безбедносните служби.

Ако се запрашаме зошто имаме експанзија на самоубствените напади и зошто расте бројот на терористичките организации кои го практикуваат овој појавен облик пред нас ќе се појават многу причини за тоа. Постојат голем број на предности кои ги нуди овој вид на тероризам за разлика од другите, да спомeнеме само неколку од нив: самоубствените напади предизвикуваат голем број на жртви, имаат големо медиумско покривање, план за бегство не е потребен и нема опасност за откривање на ќелијата, нуди економичност и дава оптимална ефикасност.

Крајно спротивставени се гледиштата за извршителите на самоубствениот тероризам. За едни тие претставуваат злосторници, крвопролевници, неетички борци без морал, фанатици, лица со ментални растројства, додека за други тие се херои, маченици, борци за права, револуционери, легални борци кои го користат правото на

одбрана против посилниот непријател со свои сопствени методи. Како што тоа го опишува лидерот на Палестинскиот исламски џихад „ Нашиот непријател го поседува најсофистицираното оружје во светот и неговата армија е многу добро обучена... Ние немаме ништо со што би се спротиставиле на убивањето и насилствата над нас, освен со оружјето на маченииштвото. Тоа е лесно и не чини само нашите животи... Луѓето бомби не можат да бидат поразени...“[66]

Самоубиствените напади се трансисториски, транснационален, транскултурен феномен. Тој го надминува времето и просторот. Ако е константен, тој не е редовен. Тука се појавува па се брише. Таму одново се појавува, на други места, за други каузи.

Луѓето кои го извршуваат не се истите, нормално, но иста е постапката: човечкото битие се претвора себеси во оружје за да убие други човечки битија.[67]

Гледањето и сликата за бомбашите самоубијци најчесто зависи од тоа на која религиска група припаѓаат луѓето, од која држава доаѓаат луѓето, од кој дел на светот се бомбашите самоубијци, на која етничка група припаѓаат. Не постојат едни и единствени ставови. Ставовите зависат од многу сегменти. Едноставно, бомба поставена од ЕТА во Мадрид, за шпанската популација претставува терористички чин, додека истиот тој чин за баскиската популација претставува револуционерен и херојски чин. За остатокот од светот станува збор за бомбашки напад, но дали ќе се окарактеризира како терористички ќе зависи многу дополнителни фактори.

Да се обидеме да го дефинираме самоубиствениот тероризам. За разлика од терминот тероризам за кој постојат голем број на дефиниции, за неговиот подвид самоубиствен тероризам имаме многу мал број на дефиниции. Причината најверојатно е заради тоа што во секоја од тие дефиниции би можел да се додаде еден израз од типот „напад при кој извршителот е решен да го даде животот за исполнување на целта“.

Што всушност претставува самоубиствен напад? Самоубиствен напад е насилен напад при кој напаѓачот очекува да умре. Од тука секој самоубиствен напад изведен од страна на терористичка организација би можело да се смета за самоубиствен терористички напад.

Анализирајќи го малиот фонд да дефиниции за терминот самоубиствен тероризам може да се забележи дека станува збор за насилен напад. Насилството е

[66] Димовски, З., Меѓународен тероризам, Скопје, 2011 год., стр.143
[67] Шалијен, Ж., Блин,А., Историја на тероризмот од антиката до Ал-Каеда, Табернакул, Скопје, 2009, стр.420

задолжителен елемент на овие напади. Начинот на извршување е разновиден, бомбашки напад, активирање на елек со експлозив, убиство со ладно или огнено оружје по кој следи самоубиство со испукување, прободување, голтање отров или пак неизбежно убиство од страна на безбедносните сили, како и испуштање отровни материи при што и самиот би умрел од штетните последици. Загинувањето, смртта е уште еден основен елемент на самоубиствените напади. Без смрт нема означување како таков. Извршителите се најчесто свесни за својата смрт, но тоа не би требало да е услов за да нападот стане самоубиствен. Постојат голем број на случаеви каде лицата го вршат нападот во алкохолизирана состојба, лицата се под дејство на наркотични средства, лицата се со пречки во развојот, извршителите се деца, извршителите се измамени. Исто така, постојат голем број на ситуации каде лицата не сакаат да го извршат нападот, но истите се приморани или присилени на него. Киднапирани се членови на неговото семејство, закани дека ќе убијат некое нему блиско лице или пак лично него, извршителот е во лоша финансиска состојба и единствен излез е да се жртвува за да неговото семејство може да живее нормален живот.

Според достапните дефиниции, анализата на самоубиствените напади и нивните основни елементи може да се состави следната дефиниција „како самоубиствен терористички напад може да се смета секој насилен напад извршен свесно или несвесно, волево или неволево во име на терористичка организација, при кој извршителот на актот не го преживува нападот“.

Појавата на самоубиствените исламистички напади се должи пред се на појавата на радикалниот ислам. Првенствено исламот е мирољубива религија. Во една од сурите, пророкот Мухамед вели: „секој кој ќе си го одземе животот ќе го искуси огнот на пеколот и вратата на рајот за него засекогаш ќе остане заклучена“.[68] Доколку доследно се чита, таа го забранува самоубиството, но постојат голем број на стихови кои се двосмислени. Таквите стихови се искористени од припадниците на радикалниот ислам, и истата религија ја прикажуваат како немирољубива и воинствена. Според радикалите самоубиството е оправдано според исламот. Исто така постојат и стихови кои се додавани од страна на радикалите, со цел што повеќе да ја милитаризираат религијата.

Во сурата 2, 191-193 пишува: И напаѓајте ги таквите (се мисли на неверниците т.е. немуслиманите ) каде и да ги сретнете и прогонете ги таму од каде тие ве прогонија

[68] Петровиќ,Д., Самоубилачки тероризам, Институт за упоредно право, Београд,2009 год.,стр.74.

(се мисли на Мека) . А злоупотребувањето е потешко од убивањето! И не борете се со нив кај чесниот храм (Ќаба), додека тие не ве нападнат вас. Ако ве нападнат, тогаш убијте ги!-таква нека биде казната за неверниците. А ако се откажат од војна, Алах навистина простува и е милозлив. И борете се против нив се додека многубоштвото не исчезне и додека верата на Алах не може слободно да се исповеда. Па ако се откажат (се мисли на злоупотребувањето), тогаш непријателството престанува, единствено останува против насилниците". Вториот дел од оваа сура според одредени автори (Иван Бабановски во ОНА-терористичка паравојска во Република Македонија) емизрадикализиран како „се додека и последната камбана бие, целта не е остварена".

Во сурата 22:29 се вели: „Им се дозволува одбрана на оние кои ќе бидат нападнати од други, затоа што им се врши насилство – а Алах, навистина е кадарен да помогне."

Сурата 9:29 пак пишува: „Борете се против оние кои не веруваат во Алах, против оние што нема да поверуваат, ниту во него ниту во неговите пророчување, оние што нема да ја следат неговата вера и вистината, дадени во книгата, се додека не го плати данокот и не ја признае супериорноста и не се доведе во состојба на потчинетост.[69]

Терористичките водачи ги прикажуваат западните сили како угнетувачи, окупатори, грабачи кои треба да бидат казнети и кои треба тоа да го плата со цената на својот живот. Фразата „се додека и последната камбана бие, целта не е постигната" истите ја прикажуваат како потреба од уништување на сите црковни христијански храмови и уништување на христијанската и еврејската заедница во целост. Џихадот, за нив е света војна преку која на секаде низ светот треба да завладее исламски калифат.

Тие пропагираат дека самоубиството е дозволено само во функција на заштита на исламот. Во овие ситуации, извршителите се всушност маченици во земниот живот. Но, во другиот живот, оној кој почнува по смртта овие лица ги уживаат сите благодети од кои се лишиле во земниот живот. Во тој живот нив ги чека статус на херои, слава, привилегирани места, изобилство од храна, изобилство од девици или пак млади мажи доколку станува збор за жена...

Согледувајќи ги сите исламски секти и движење може да се забележи дека едни го оправдуваат самоубиството додека други не го прифаќаат тој потег, но ниту еден правец не го критикува самоубиствениот тероризам. Сеуште не сме сведоци на

[69] http://okno.mk/node/45572

ситуација во која после одреден самоубиствен напад, се јави лидер на исламска верска заедница и да истиот го осуди, како би извршил евентуално одвраќање од следен таков потег. Недостига критиката и осудата од исламските заедници. Недостига пацифичкото ширење и дисеминација на исламот, кои јавно и недвосмислено би забраниле самоубиствени напади и насилство од страна на сите верници. Самоубиствените напади во име на Алах, не би исчезнале доколку сеуште „Куранот“ има двојни или тројни толкувања. Потребно е еднообразно ширење на исламот, бидејќи само така ќе се намали резот помеѓу муслиманите и христијаните. Само така и би се намалила и исчезнала исламофобијата, која засега егзистира на реална основа.

#### 3.1.4 Процес на радикализација

За да одредено лице изврши самоубиствен терористички напад, потребно е истото претходно да помине низ процесот на радикализација. Сите терористи кои извршуваат самоубиствени напади се припадници на радикалниот ислам. Според радикалните исламистички водачи, во моментов исламот е нападнат од западните земји и обврска на секој муслиман поединечно е да се вклучи во Џихад, света војна. Според радикалите, насилната борба (низок џихад) е многу побитна отколку што е ненасилното тежнеење да се живее по принципите на верата (виш џихад). Маченииштвото пак, вклучително и планирањето на својата смрт, загинувањето во име на Алах се едни од највозвишените начини на борба во џихадот. Според радикалите, како непријатели се сметаат сите христијани и евреиите.

Радикализацијата е подолг процес, кој нема точно дефиниран временски период, ниту фази на развој. Но, сепак може да се зборува за најчесто сретнуваниот модел и неговите фази. Најчестите чекори кои водат до тероризам се општествената изолација, активизам, екстремизам и како завршна фаза, тероризам. Додека времето кое е потребно за радикализација е најчесто подолг временски период, кој трае најмалку неколку месеци, а почесто и години.

Врз радикализацијата на лицата влијаат повеќе фактори, кои едноставно можат да се поделат на надворешни и внатрешни. Како внатрешни фактори или фактори кои зависат од индивидуата се: личната желба, фрустрација, лични трауми, дискриминација, перцепција за неправда, невозвратена љубов, ризик, смрт на блиско лице, желба за стекнување повисок статус, претерана употреба на интернет, злоупотреба на droги.

Надворешните фактори пак се претставени преку економскиот, образовниот, политичкиот и културниот статус на индивидуата, дисфункционално семејство, медиумите и нивното влијание, отсуство на теолошка основа, отсуство на силна фигура како пример во животот.

Еден фактор изолиран не би требало да го започне процесот на радикализација, но комбинирањето на неколку фактори ги зголемува шансите многукратно. Процесот на радикализација може да се случи секаде, доволна е само пристапност на интернет. Шансите да се појави се возможни како во муслиманските земји, во кои значително е истакната антиамериканската и антихристијанската пропаганда (Ирак, Авганистан , Сирија, С.Арабија, Пакистан...), така и во земјите во кои муслиманската популација е малцонство ѝ не е доминантна.

Одкако ќе се појават доволен сплет на фактори на радикализација, лицето почнува со потрагата на канал преку кој би дошло до контакт со радикална група. Почнува да пребарува по интернет порталите, да набавува списанија, книги и компакт дискови со радикални содржини, да ги бара местата каде би можеле да се состануваат таквите групи.

Доколку личноста цврсто е убедена во тоа да се радикализира, а врз нејзе не делуваат одреден број на фактори кои би ја одвикнале, по извесен период ќе успее да стапи во контакт со радикалните групи. По стапувањето во контакт со нив, започнува втората фаза од процесот на радикализација. Личноста почнува полека но сигурно да навлегува во радикалниот ислам. Вештите радикални лидери, лесно ќе успеат да создадат дополнителна омраза против христијаните и евреите, да го величат и глоризираат маченииштвото и да ѝ ги покажат радикалните патишта на ширење на исламот. А тие патишта се насилни и во најголем број од случаите завршуваат со екстремизам и тероризам, чиј најчест појавен облик се самоубиствените напади.

Дека процесот на радикализацијата е започнат може да ни покажат голем број на индикатори. Анализирајќи ги случаите, најчести и најсигурни индикатори на радикализација се:

-промена на имињата, лицата кои почнуваат да се радикализираат ги менуваат своите имиња и почнуваат да користат псевдоними. Псевдонимите ги користат пред се заради извесна конспирација како и заради тоа што тие нудат поголема впечатливост за разлика од личните имиња;

-менување на стилот на облекување, најчесто станува збор за купување претежно широка спортска гардероба или пак традиционална исламска облека од

страна на лица кои претходно не биле забележувани во таква. Панталоните со кратки ногавици се карактеристични за припадниците на вахабизмот;

-промена на физичкиот изглед, оваа промена се согледува во промената на фризурата, најчесто се карактеризира со пуштање на долга коса. Исто така пуштањето на долга брада е елемент на кој е потребно да се посвети доволно внимание;

-тетовирањето, сокриените тетоважи, пред се оние со голем број на сокриени симболи и логоа на нив. Потребно е големо познавање на логоата и симболите, тие можат да дадат многу корисни информации;

-контакти со лидери на радикални групи, лицата кои често комуницираат или пак се обидуваат да исконтактираат со лидерите на радикалните групи се исто така група на интерес;

-поседувањето на пропаганден материјал, брошури, книги, компакт-дискови чија содржина е со радикални елементи;

-промената на религиозната практика;

-учество на тајни затворени состаноци;

-користи интернет преписки со радикална содржина, објавува статуси со таква содржина на социјалните мрежи;

-го издигнува и го слави мачеништвото и насилството како елемент во џихадот;

-промените во начинот на патување и промената во изборот на дестинации за патување;

-станува гласноговорник со екстремистички гледишта, почнува отворено да ги презентира своите радикални ставови;

-општествена изолација и промена на нормалниот тек на живот;

-промена во однесувањето и комуникацијата со останатите, користи специфична терминологија карактеристична за радикалниот ислам;

-врши мали кривични дела, покажувајќи непочитување кон општеството и владата.

Бројот на индикатори е навистина голем. Наведениве индикатори се само дел од постоечките примери за индикатори.  И повторно како кај факторите, еден индикатор не значи радикализација, додека поголемиот број на индикатори отвораат сомнежи за зголемување на будноста и отворање на криминалистичка обработка. Но, мора да се има на ум дека индикаторот не значи доказ. Тој само е факт, информација или состојба која укажува на евентуален доказ.

### 3.1.5.Профилирање на терорист-самоубиец

Доколку се обидеме да изготвиме и да утврдиме профил на терорист самоубиец, ќе наидеме на сериозни пречки и потешкотии, како и кај обидите да го дефинираме тероризмот или пак самоубиствениот тероризам. Не можеме да зборуваме општо за профил на терорист самоубиец и за негова генерализација. Така, задолжително е првенствено да се проверат и утврдат голем број на фактори. Која е причината заради која  терористот стапил во терористичката организација, во која терористичка организација членува, која е мотивацијата која го натерала да изврши самоубиствен напад,  за каква цел се бори, на која религиозна  и етничка група припаѓа истиот, полот, брачниот статус, возраста, степенот на образование, психолошкиот статус се само дел од оние најзначајни фактори на кои мора да им се даде примат при утврдувањето на профилот на терорист самоубиец.

До неодамна аналитичарите и експертите од областа на тероризмот сметале дека терористите, особено терористите самоубијци се личности со одредени психолошки пореметувања, бездомници, без семејства, отфрлени од општеството, необразовани и сиромашни, најчесто мажи на возраст од 22 до 25 години.[70]

Но, согледувајќи ги најновите случувања на полето на самоубиствениот тероризам, аналитичарите дошле до заклучок дека е потребна нова анализа и темелно простудирање на самоубиствените терористички напади, како би дошле до нови знаења за нив, меѓу кои и ново профилирање на терористот самоубиец. Потребата од нова анализа била неопходна. Како извршители на самоубиствен тероризам се појавиле и студенти, женети мажи на средна возраст, деца на богати бизнисмени, жени, деца. Стариот профил на терорист самоубиец е осуден на критика и задолжително треба да подлежи на промена. При промената многу повеќе внимание треба да се посвети на начинот на облекување на лицата отколку на нивниот физички изглед.[71] Воедно, подобро е да се направат повеќе профили на терористи самоубијци, во зависност на нивната религија, држава на потекло, припадноста кон одредена терористичка група и целта за која се борат.

Полот на терористите самоубијци може да биде и машки и женски. Паѓаат во вода  тврдењата на аналитичарите од не така далечни времиња, кога се сметало дека мажите ги извршуваат самоубиствените напади.

[70] Петрович, Д., Самоубилачки тероризам, Институт за упоредно право, Београд, 2009, стр.87.
[71] Прирачник за обука на тимови за реакција на кризи, Инструктори од САД, стр.141.

Курдистанската републиканска армија во своите акции против турските безбедносни сили користи жени самоубијци. Курдистанските жени, бомбите ги ставале под облеката во пределот на стомакот, импровизирајќи бременост. Така тие биле помалку сомнителни а нивната операција олесната. Многу лесно можеле да се пробијат до посакуваната дестинација.

Помеѓу Тамислките тигри, па и во нивните елитни Црни тигри, познато е дека фигурираат и голем број на „тигрици". Причината поради која тие најчесто се вовлекувале во редовите на организацијата е силување и траумите и фобиите кои истите ги имале доживеано преку него.

Чеченските сили исто така употребуваат жени таканаречени „црни вдовици" во акциите против руските сили, но и против цели во Турција. Црните вдовици се жени на починати борци кои ја одмаздуваат смртта на своите мажи, извршувајќи самоубиствени напади.

На терироријата на Израел, Хамас и Хезболах исто така користат жени самоубијци во своите редови. Така, по самоубиствениот напад од страна на палестинката Дарине Абу Ајша на 27 февруари 2002, на контролен пункт на израелската армија во близина на Ерусалим, се огласил и шеикот Ахмед Јасин, верскиот лидер и еден од основачите на Хамас. Тој официјално прогласил фатва[72], дека жените имаат право да учествуваат во самоубиствените напади, а за тоа тие ќе бидат наградени во задробниот живот.[73]

Употребата на жени во самоубиствените напади, дава една нова димензија. Жените терористи самоубијци се слават во своите општества. Тие се горди за својот акт, и за укажаната доверба сметаат дека таа е еден вид на еманципација. Иако, реално станува збор за голем чекор назад во човештвото.

Возраста на терористите самоубијци е вториот параметар кој треба да се согледа. Денешните терористи самоубијци се претежно млади луѓе на возраст од 17 до 27 години. Но, овие граници не се стриктно уредени, така да постојат и терористички организации во кои членуваат и деца под 14 години. Боко Харам во своите самоубиствени напади користи деца, секој петти напад е дело на дете, а 2/3 од тие деца се девојчиња.[74] За разлика од нив, лидерите на организациите и обучувачите, припаѓаат на една повозрасна група и истите надминуваат возраст од 40 години.

---

[72] Фатва, верско исламско правило (Заб.на прев.)

[73], John E. *Muslims and the News Media*. 2006, page 112.

[74] http://www.npr.org/sections/thetwo-way/2016/04/12/473920159/boko-haram-increasingly-using-children-in-suicide-attacks-unicef-says

Генерализирано, терорист кој работи на самоубиствени операции може да биде лице на секоја возраст, од 10 до 70 години, единствено неговата улога може да биде различна во зависност од возраста која ја има. Но, ако ги согледаме трендовите на развој, не би не чудело да се појават и извршители со возраст на 60 години. Терористичките организации можат многу вешто, преку својата пропаганда да ги регрутираат, активираат и употребат овие „истрошени“ воини, за исполнување на своите цели.

Степенот на образование кај извршителите на самоубиствени напади варира од лица без никакво образование, полуписмени лица, лица со просечно образование и лица со високо образование. Гледиштата дека терористите самоубијци се необразовани лица се напуштаат. Се почесто самоубиствените напади се извршени од лица кои имаат високо и квалитетно образование. Пример за тоа се напаѓачите од 8 септември 2001 во САД. Мухамед Ата, водачот на операцијата, израснал во египетско семјество од средна класа, студирал на универзитетот во Каиро и на техниччиот факултет во Хамбург, се чинело дека пред него е убава кариера како архитект и урбан планер. Зијад Јара, другиот пилот самоубиец, бил исто така високо образован ( дипломирал на хамбуршкиот универзитет за применети науки), добро ситуиран, и според исказите на неговото семејство требало да се жени.[75] И Марвал Ал Шеки, третиот киднапер и пилот самоубиец бил со високо образование, а истото го стекнал на универзитетите во Бон и Хамбург.

Професијата која што ја работат терористите самоубијци, надвор од активностите во терористичката организација е исто разноврсна. Помеѓу терористите самоубијци има лекари, правници, адвокати, војници, полицајци, возачи, физичари, хемичари, математичари, професори, новининари... Речиси и да не постои професија од која не испаднал некој терорист самоубиец. Самите глави на овие операции, се најчесто докажани експерти во своите области. Така, лидерот на Ал Каеда, Ајман ал-Завахири е лекар, хирург, а неговиот претходник Осаман Бин Ладен имал дипломирано економија и бизнис администрација на Универзитетот Крал Абдула во С.Арабија. Генералниот секретар на Хезболах, Хасан Насралах е дипломиран теолог, додека лидерот на Хамас, Кхалид Маршал има дипломирано Физика на Кувајтскиот универзитет. Лидерот на курдската работничка партија, Абдула Очалан има диплома од политички студии, лидерот на крилото на ИСИС во Ирак, Абдурахман Мустафа Ал

[75] Димовски, З., Меѓународен тероризам, Скопје, 2011 год., стр.144

Кадули бил наставник по физика, а лидерот на ИСИС, Абу Бакар Ал Багдади е доктор по теолошки науки. [76]

Анализирајќи ги достапните информации, и податоците за терористите самоубијци може да се каже дека тие имаат најразличен бекграунд. Терористите самоубијци доаѓаат од различни професии.

Финансиската положба исто така е варијабилна. Помеѓу терористите самоубијци имаме лица од сите социјални слоеви. Идентификувани се благородници, луѓе од средна класа, но и луѓе од најниските слоеви во општествата, па и бездомници.

Религиозната припадност на извршителите на самоубиствен тероризам ни дава скратување на можностите и намалување на списокот на потенцијални сторители. Најголемиот дел, или повеќе од 95% од терористите самоубијци се припадници на исламската религија. Позната е изјавата на Брајан Килмед, водител на американската телевизија Фикс њуз, кој веднаш после нападите од 11 септември, изјави „ не се сите муслимани терористи, но сите терористи се муслимани“.[77] Исламската религија, т.е. радикалниот ислам е тој што е одговорен за најголемиот број на самоубиствени напади, а појавата на самоубиствените напади се поврзува со појавата на радикалниот шиитски тероризам во Иран. Џихадот и загинувањето во име на Алах заради благодети во задгробниот живот се најчестите причини за самоубиствените напади.

Етничката припадност на извршителите на на самоубиствени напади треба исто така да се разгледа. Припадниците на одредени етнички групи и националности, многу повеќе се јавуваат како терористи самоубијци за сметка на другите. Така како најчести извршители се јавуваат тамилите, палестинците, курдите, египќаните, авганистанските талибанци и иранците.

Согледувајќи ги параметрите врз кои може да се изврши некакво си профилирање на терорист самоубиец, можеме да кажеме дека не постои еден и единствен таков профил. Профилите на терористите самубијци се различни и заради тоа потребно е да се занемари изгледот на потенцијалните сторители, а повеќе време да се посвети на неговиот начин на однесување и неговото облекување.

#### 3.1.5.1. Специфични симболи

---

[76] "Brutal Efficiency: The Secret to Islamic State's Success". *Wall Street Journal*. 3

[77] https://www.quora.com/All-Muslims-are-not-terrorists-but-all-terrorists-are-Muslims-Why-is-it-so-I-am-talking-about-the-major-terrorist-groups

Зошто луѓето носат лого или симбол ? Која е важноста на вистинскиот контекст на логото/симболот ? Одговорот на овие прашања можат да ни отворат нови гледишта во потрагата по профилот на терорист самоубиец. Најчесто логото или симболот имаат за цел да ни покажат некои јавни чувства или идеи. Тие јавни чувства или идеи не мора секогаш да имаат негативна конотација, но нас сега нè интересира негативната конотација. Со самото покажување на своите идеи во јавноста се бара истомисленици и подржувачи на идеите кои се промовираат. Овие симболи може да се отворени но и суптилно двосмислени. Заради тоа е потребно внимателно проучување на симболите и информациите што тие ни ги нудат.

Освен што служат за идентификација и пронаоѓање на следбеници, симболите/логоата можат да се употребат и за да се отргнат одредени компоненти, да се предизвика провокација или пак да предизвикаат шокирање.

Проучувањата на симболите/логоата е многу сложена проблематика и бара вложување на сериозни напори. Значењето на симболите во различни култури, религии, временски периоди е различно и мора да се внимава на вистинскиот контекст. Пример за тоа е свастиката[78], која била употребувана во индиската култура како знак за мир, како свет симбол во хиндуизмот и будизмот,[79] па и во раните фази на христијанството, а од Втората светска војна има значење на национализам како резултат на неговото користење од страна на Национал-социјалистичката партија на Германија. За да може подобро да се определи значењето на симболот потребно е да се согледаат повеќе сегменти, па така од особено значење е лицето кое го носи, како и неговото опкружување.

Самите бои на логоата имаат исто така свое значење. Црвената боја означува социјализам, комунизам, револуција и крвопролевање. Жолтата пак симболизира либерализам и идеи за слобода и еднаквост. Зелената боја е поврзана со пророкот Мухамед и е синоним за ислам. А црната боја означува религиозен револт и битка, поврзана е со знамето на пророкот Мухамед и неговиот калифат. Црната боја е основа на знамето на Џихадот. А белата боја е боја со која се означени лидерите на муслиманските војски и знамињата кои тие ги поставуваат на освоените територии.

Текстовите и броевите исто така имаат свое значење, а тоа е поврзано со името или идеологијата на групата. Знаците со прстите се многу значајни. При проучувањата

---

[78] Свастика или кукаст крст е симболотот на Национал-социјалистичката партија на Германија, потекнува од индиската култура а денес е најпознат како нацистички симбол (Заб. на прев.)

[79] Beer, Robert (1 January 2003), "The Handbook of Tibetan Buddhist Symbols". Serindia Publications, Inc. – via Google Books.

на проблематиката со терористите самоубијци особено значење треба да се даде на знакот каде што показалецот е исправен нагоре кон небото а останатите прсти се стегнати во тупаница. Овој знак е познат како „Прстот на Тавид“ и ја претставува единственоста на Господ, а е најчесто практикуван од салафистите и џихадистите.[80]

Симболите кои ги гледаме на знамињата на терористичките организации исто така си имаат свое значење и симболика. Коранот го истакнува потеклото на идеологијата на групата и нејзината посветеност кон Исламот. Воедно служи како потсетник за муслиманите да ги исполнуваат своите религиозни обврски. Сонцето служи да го осветли Коранот и да му даде божествена моќ. Земјината топка се прикажува сакајќи да се глобализира одредено прашање и да ја изрази глобалната цел на групата. Мечевите ја отелотворуваат чистотата и благородништвото и се поврзани со раните исламски херои и џихадистичките кампањи, а современите оружја се илустрација на потребата од насилен џихад. Камената куполата од Ал Акса џамијата во Ерусалим, го покажува третото најсвето место за муслиманите, местотот од каде се верува дека пророкот се качил на небото.[81] Овој симбол ја означува потребата од ослободување и чистење на светото место од неверниците.

Терористите самоубијци на себе имаат симболи, потребно е будно следење, пронаоѓање и идентификување на симболите. Што порано се открие одреден симбол и неговотот значење а со тоа се идентификува потенцијален терорист се зголемуваат шансите за негово спречување и избегнување на евентуалните штети кои истиот би ги причинил.

#### 3.1.5.2. Предности на самоубиствените напади

Во средината на дваесеттиот век, самоубиствените напади биле поредок феномен, за разлика од употребата на однапред поставените експлозиви и експлозивите со далечинско управување, како и атентатите. Но, брзиот развој на технологијата, подобрувањето на антитерористичките методи, измислувањето на подобри метал детектори предизвикало и правопропорционално подобрување на терористичките тактики и методи. Еден од тие револуционерни терористички методи е и употребата на бомбаши-самоубијци.

Експанзијата која за многу краток временски период ги направи самоубиствените напади, најчесто употребуваниот терористички метод се должи на

[80] "Allah". *Encyclopædia Britannica Online*. Retrieved,2008-05-28.
[81] "Al-Aqsa Mosque, Jerusalem". Atlas Travel and Tourist Agency. Archived from the original on 26 July 2008. Retrieved 29 June 2008.

големиот број на предности кој ги има во однос на другите појавни облици на тероризам.

Голем број на жртви – самоубиствените напади резултираат со многу жртви, чија бројка е поголема од десетици па и од стотици, а паралелно со тоа предизвикува и големи материјални штети. Само за илустрација, Ал Каеда во периодот 2001-2016 има изведено 20 самоубиствени напади при кои загинале повеќе од 3390 луѓе, Исламската држава во 424 напади предизвикала смрт на повеќе од 4950 луѓе, а Тамислките тигри за либерација во 82 напади убиле 961 лице.[82] Како изолиран случај да го споменеме и нападот на 11 септември 2001 година кога Пентагон беше тешко оштетен а Светскиот трговски центар беше разрушен. Бројот на жртвите во четирите авиони изнесуваше 266, бројот на жртви во Њујорк беше преку 2800, а во Пентагон тој изнесуваше 184. Со вкупна бројка од повеќе од 3250 жртви, овој напад претставува најголемиот терористички напад случен досега.[83] Сепак, бројот на жртви во самоубиствените напади не е толку голем секогаш, иако во просек бројот на жртви е многу поголем од тој што го имаме кај било кој друг вид терористички напад.

-Оптималната ефикасност - дополнителна тактичка предност која ја имаат самоубиствените напади во однос на другите појавни облици на тероризмот, е можноста напаѓачот да го пресмета времето на нападот за да нанесе максимален број на жртви. Воедно, многу е тешко да се спречи самоубиствен напад откако терористот е на пат кон целта, вооружен и со намера да го изврши нападот. Во случај да биде забележан, тој порано ќе ја активира направата и пак ќе изведе напад. Па дури и да биде уапсен, сеуште постои можност експлозивната направа да биде активирана.[84]

- Медиумско покривање – заради тоа што ужасниот ефект од насилството е со намера да направи впечаток на луѓето, шокантната природа на самоубиствениот напад е дел од пресметката. Самоубиствените напади привлекуваат поголемо внимание и публицитет во медиумите. Овие напади влеваат дополнителен страв и создаваат дополнително чувство на немоќ на популацијата, која добива чувство на беспомошност. Самоубиствените напади се пред се несфатливи за поширокитe маси, но истите делуваат премногу професионални, организирани, дисциплинирани, софистицирани, со што го мултиплицираат својот ефект.

---

[82] HOFFMAN, B., , "The Logic of Suicide Terrorism", June 2003,*The Atlantic*. Retrieved13 October 2015.

[83] Lewis, J. W., "The Human Use of Human Beings: A Brief History of Suicide Bombing".,(April 2013), *Origins*. **6** (7). Retrieved 21 October 2015.

[84] Димовски, З., Меѓународен тероризам, Скопје, 2011 год., стр.143

-Не е потребен план за бегство – еден од најтешките и најкомплицирани делови за изведбите на останатите видви напади е планот за бегство. Кај самоубиствените напади, тој план е непотребен поради смртта на извршителот. Отсуството на овој план штеди време и ресурси, а овозможува и повисок степен на конспирација на целата организација и ќелијата која го врши нападот.

- Добивка – придобивките за терористичките организации во однос на трошоците се значително поголеми. Изведувањето на еден самоубиствен напад не е финансиски многу скап, но истиот тој може да резултира со нови симпатии и спонзори. Единствената загуба е бомбашот самоубиец, кој и не е значителна загуба ако се знае. дека бројот на следбениците кои чекаат ред да изведат таков напад е значително голем.

Лични мотиви на извршителите – голем е дијапазонот на личните мотиви кои можат да се сретнат кај одредени лица, кои сакат да се стават во функција на извршител на самоубиствен напад. Почнувајќи од лични психолошки проблеми, очај, желба за одмазда, чест за семејството, враќање на својата чест, постојат и ситуации каде извршителите сметаат дека единствено со акт на самоубиствен напад можат да се избават од своите гревови и др. Самоубиствените напади не се извршуваат само од пореметени фанатици и лица без иднина. Напротив, анализите на самоубиствените напади, даваат информации дека помеѓу извршителите има и лица од благородни семејства, лица со добра кариера, богати и со одлично образование. Најголемиот дел од самоубијците се психолошко-психички нормални лица, кои во даден момент се радикализирале и стапиле во терористичка организација. А, потоа секој од свои лични мотиви извршува акт на самоубиствен напад.

### 3.1.6. Идеологија и обука на терористите самоубијци

Жртвувањето како чин, не е типично за сите човечки општества, но секако е составен дел од воената тактика низ вековите. Тоа е составен дел од војувањето, а со тоа и од човековата историја. Многу често воини загинувале за да ги спасат своите другари. Доброволно се пријавувале за одредени акции од кои знаеле дека немале речиси никаква шанса да се вратат.[85] Одбивале да се предадат на непријателот.[86]

[85] Добар пример е епот на Хомер, Илијада. Тројанскиот принц Хектор го прифаќа предизвикот да се бори со елинскиот полубог Ахил, свесен дека неговите шанси за победа се рчиси никакви. Тоа го прави со цел да го заштити својот брат Парис и своето општество.
[86] Македонските револуционери кои се бореле за ослободување од османското владеење најчесто завршувале на овој начин.

Кралот Леонида со неговите 300 спартанци останува да ги брани Термопилите од многуилјадната персиска војска и одлучуваат да загинат сите до еден. Римските легионери изведувале акт познат како децимирање или десеткување. Десеткувањето се изведувало на тој начин што од построената војска преку ждребка или пребројување истапувал секој десетти војник и истиот бил погубуван. Била првично применувана кога некој од војниците ќе извршел казниво дело и останувал непознат. Потоа се користел за одржување строгост и хиерархија во војничките редови, но познато е дека е употребуван и како окултен чин со цел давање жртва во замена за победа во престојната битка. Според Плутарх, прв десеткувањето го вовел конзулот Апиј Клаудиј во 471 г.п.н.е. за време на војната против Волска.[87]

Денес на бојните полиња исто така се познати случаеви на жртвувања на војници за време на операциите кои ги изведуваат. Како составен дел на обуките на специјалните полициски и воени единици е и делот „реакција при контакт со бомба". При здогледување на бомба во ходник, соба или друга затворена просторија, првиот припадник кој ќе ја здогледа бомбата се фрла врз истата. Со овој чин тој загинува, но ги спасува од смрт своите соборци и ја минимализира штетата која би настанала доколку не го изврши овој чин.

Но, за разлика од овие жртвувања, жртвите кои ги прават терористите самоубијци подлежат на еден друг контекст и поинаква логика. Терористите самоубијци прифаќаат да се претворат во оружје или поточно во експлозивна направа со која управува некој друг. Со прифаќањето тие веќа се откажуваат од својот живот и се ставени на располагање. Тие фактички почнуваат со одбројување. Прашање на време е само во кој момент и каде истите ќе бидат употребени. Воедно, тие не му даваат човечки карактер на непријателот, едноставно тие него го третираат како предмет, а тоа го изведуваат со голема рамнодушност. Едноставно, тие се рамнодушни и кон третманот кон својот живот, дејствувајќи по правилата на една едноставна девиза „мојот живот во замена за нивните животи"! Таа рамнодушност оддава застрашувачки ефект.

Оваа своја саможртва терористите самоубијци ја прават во името на својот народ, етничка група, татковината, револуцијата, водачот, царот или како што е тоа најчесто случај од 1979 година, во името на Алах. Нападите пред сѐ се базираат на омразата која се има кон непријателот и високата потреба за одмазда кон него.

[87] http://www.macedonium.org/Macedonium.aspx?jazik=2&kid=9&pid=33&ppid=277&tid=1719

Мотивацијата која ја имаат одредени лица, вешто е одржувана и дури зголемена преку посебни техники кои ги имаат терористичките организации. Извршителот се јавува во улога на трагичен играч кој е трогнат од убеденоста дека од неговото жтвување ќе излезе некоја подобра ситуација за каузата и заедницата на која и припаѓа.[88]

Водачите на организациите, водачите на деловите на организациите па и оние на ќелиите имаат клучна улога. Тие се доживувани, пред се водачите на организациите, како митски и култни личности. Во нивно име доволно мотивираните и индоктринираните членови се спремни на секаков потег. Заради тоа водачите се личности кои можат да делуваат како инспиратори и како инструктори.

Голем дел од терористичките организации кои применуваат самоубиствен тероризам ја употребуваат и заклетвата. Заклетвата е многу значаен елемент од индоктринацијата и има голем психолошки удел на членовите. Кеппанот[89] е уште една практика преземана од страна на јапонците т.е. самураите. Заклетвата игра двојна улога. Од една страна, со потпишувањето на заклетва лицето си потпишува смртна пресуда и се нафаќа да се претвори во оружје. Додека од друга страна, таа нуди конспирација за целиот период до извршувањето на актот.

Терористите самоубијци не се раѓаат, тие се создаваат. За да се создаде терорист самоубиец потребен е долготраен тренажен процес и квалитетна обука. Секоја воена обука има за цел да се создаде што е можно поголема контрола над умот и над телото. При оваа обука потребно е да се надминат неколку пречки а тие се човечкото тело, човечката свест за себе, стравот, создавањето на убиствен карактер и способност кај идните извршители.

За да се премостат пречките и идните извршители бидат што подобро обучени, истите се изолираат и затвораат во таканаречените воени тренинг кампови. За време на тамошниот престој групата постојано мисли и живее за тоа како да изврши напад, каде да го изврши, како да избегне полициски контроли, да се убијат повеќе непријатели, да се причини поголема материјална штета итн. Живеејќи и спиејќи со мислите на

[88] Шалијен, Ж., Блин,А., Историја на тероризмот од антиката до Ал-Каеда, Табернакул, Скопје, 2009, стр.448

[89] Кеппанот е една од најстарите документирани акти на давање на заклетва. Се применувал во феудална Јапонија од страна на самураите пред да почнат со практикување на боречки вештини од даден клан. За да можат да им бидат пренесени вештините, а истовремено се заштитат од нивно изнесување од кланот, новите ученици морале да дадат заклетва. Заклетвата се изведувале со мало засекување на прст и пуштање на крв на пергмент. Симболично, доколку лицето издаде тајна на кланот, тоа ќе биде убиено од припадниците на кланот. Припадниците на Катори Шинто Рју и нивниот учител Сенсеи Отаке и денес го практикуваат Кеппанот.

извршувањето на самоубиствен чин, кај групата се создава нестрпливост и желба да се изврши нападот. Кај одредени екстремни  случаи се постигнува и чувството на психолошко оптоварување, па така тие не можат да спијат мирно додека не го извршат нападот.

Откако лицето го изгуби чувството за припаднст кон човечкиот род, потребно е да го надмине стравот. Стравот најлесно се надминува со давање на медикаменти и наркотични средства со кои лицето се доведува до смирена состојба. Согледувајќи го и фактот дека најверојатно ќе треба извршителот да биде под овие средства и за време на нападот, за време на обуката само се проверува кој медикамент односно наркотично средство, колку и во која количина, како влијае на лицето.

Не секое лице е способно да убие. Уште потешко е да се убие лице кое не се знае и леце против кое се нема никакви чувства на омраза.За време на тренингот преку одредени методи се постигнува тој убиствен ефект, а кај извршителите се создава омраза против лицата против кои се дејствува. Идните извршители се трујат со омраза кон непријателот, кон неговите дела, злосторствата кои тој ги направил врз нивната групација. Па така за краток период тие се веќе полни со омраза.

Поттикнувањето на мачеништво, славата и јунаштвото која ќе ги следи, големите благодети кои ќе ги имаат во задгробниот живот како борци во име на Алах, уште толку ги зголемуваат убедувањата и ја зацврстува верата во извршувањето. Религијата и нејзиното практикување за време на обуката го имаат можеби и решавачкиот збор.

Водачите успеваат да создадат и посебни гробишта на кои можат да се слават терористите самоубијци. Така заедницата живее со своите мртви, а секој пат присутни, во некој вид дотерана болка, која станува нешто што се трпи. Децата се горди на својот татко, брат, а можеби и сестра или мајка. Со овој акт од мали нозе тие стануваат потенцијални членови на терористичка организација и идни терористи самоубијци. Се создава една култура за која западните општества не знаат ништо.[90]

### 3.1.7. Терористички организации кои практикуваат самоубиствен тероризам

[90] Шалијен, Ж., Блин,А., Историја на тероризмот од антиката до Ал-Каеда, Табернакул, Скопје, 2009, стр.450

Како резултат на ширењето на исламските фундаменталисти и формирањето на многу фундаменталистички организации, многу организации останале во сенка, некои исчезнуваат, но значителен број преживеале и продолжуваат да бидат закана за населението, со цел загрозување и уништување на разни земји во светот.

Како најпознати терористичкиорганизации кои извршувале поголеми напади низ светот се:

1. Абу Нидал Организација (Abu Nidal Organization), со седиште во Палестина– формирана е од страна на Сабри Ал-Бана (Абу Нидал),како резултат нафронтот на отпоротод 1974 година.Оваа организација не ги определува и прецизира идеолошките цели, но јасно е дека таа се спротивставувана сите форми на компромис и формални преговори со Израел. Станува збор заорганизација која има спроведено терористички напади во 20 земји, при што загинале повеќе, а повредени се околу 900 луѓе. Главните напади се извршени на аеродромите во Рим и Виена во 1985 година.

2. Абу Сајаф групацијата (Abu Sayyaf Group) е мала муслиманска терористичка група, но многу насилна, а делува во јужниот дел на Филипините. Од нејзиното формирање во 1991 година, групата имала извршено бомбардирање, киндапирање и разни убиства. Некои од нејзините лидери, како Абдураџик Абубакар Џанџалани (Abdurajik Abubakar Janjalani), Кадафи Џанџалани (Khadaffy Janjalani), Радулан Сахирон (Radullan Sahiron), Иснилон Тотони Хапилон (Isnilon Totoni Hapilon) и Махмур Џапури (Mahmur Japuri) се бореле во Авганистан за време на советската војна, кои се студенти и поборници на наставата по исламски радикализам. Оваа група делува со бомбашки напади, убиства, тортура итн. Со акција на високо ниво, групата извршува напад во градот Ипил во Минданао, Филипини во април 1995.

3. Ал Акса–(Al-Aqsa Martyrs' Brigades) била формирана во 2000 година од страна наЈасер Арафат, Марван Баргути, Закарија Зубеиди, Наиф Абу Шара и Фади Кафиша (Yasser Arafat, Marwan Barghouti, ZakariaZubeidi, NaifAbuSharah, Fadi Kafisha). Се состои од непознат број терористички мрежи поврзани со организацијата Фатах од Палестина. Ал Акса извршила убиства и самоубиства против израелски граѓани, воени и безбедносни структури.

4. Ансар ал-Ислам–(Ansar al-Islam) е исламска радикална група на ирачките Курди кои сакаат да ја создадат Курдистан како независна исламска држава од Ирак. Оваа група била формирана восептември 2001 година, под раководство на Мула Крекар, Абу Абдула ал Шафи и Абу Хашим ал Ибрахим (Mullah Krekar, Abu Abdullah al-Shafi, Abu Hashim al Ibrahim). Ансар ал-Ислам е тесно поврзана со Ал-Каеда. Таа станува една од

водечките групи вклучени во антикоалициските напади во Ирак, која спроведува голема пропагандна кампања. Ансар ал-Ислам продолжува дадејствува врз коалиционите сили, ирачките владини претставници и безбедносните сили.

5. Вооруженаисламска група на Алжир(Armed Islamic Group of Algeria) е формирана во 1993 година од страна на мали вооружени групи,по воениот удар од 1992 година. Тоа е исламска екстремистичка група која се обидува да го собори алжирскиот режим и да го замени со исламско фундаменталистичка власт. ВИГА е вклучен во нападите врз граѓаните и вработените во владиниот сектор. Од 1992 година ВИГА има развиено терористички кампањи и масакрирање на граѓани, понекогаш уништување цели села,при што гинат илјадници Алжирци.

6. Осбат Ал-Ансар–(Osbat Al-Ansar) била формирана во почетокот на 1990-тите од страна на Хишам Шериди (1986-1991), Ахмад Абд ал-Карим ал-Саади (1991 − 1999) и Абу Тарек ал-Саади (од 1999 до денес).Се работи залибанска сунитска екстремистичка група, формирана главно од страна на Палестинците, која има врска со Ал-Каеда идруги екстремистички сунитски групи. Оваа група извршува многу терористички напади во Либан од својата прва акција од 1990 година. Таквите активности продолжуваат понатаму, при што гинат многу луѓе.

7. ХАМАС (HAMAS) е формирана во 1987 година како огранок на палестинскиот дел на Муслиманското братство на Шеик Ахмед Јасин, Абдел Азиз ал-Рантиси и Махмуд Маршал(Sheikh Ahmed Yassin, Abdel Aziz al-Rantissi dhe Mahmoud Mashal). Оваа организација користиполитички и насилни методи, вклучувајќи го и тероризмот, за постигнување на својата цел да се создаде исламска палестинска држава во Израел. Членовите на оваа организација се исто така вклучени во многу напади, самоубиствени бомбашки напади против граѓаните и безбедносните структури на Израел.

8. Харакат Ул-Муџахедин(Harakat Ul-Mujahideen) –формирана е во 1985 година, под раководство на Фазлур Реман Калил(Fazlur Rehman Khalil), којае исламска фундаменталистичка група во Пакистан што делува првенствено во Кашмир. Има извршено многу операции против индиските безбедносни структури.

9. Исламското движење на Узбекистан (Islamic Movement of Uzbekistan) – формирано е во 1998 година, под раководство на Јума Касимов, Тохир Јодош, Абу Усман Адил, Усман Гази(Jumma Kasimov, Tohir Yoidosh, Abu Usman Adil dhe Usman Gazi). Тоае исламска милитантна група од Узбекистан. Последно ИДУ учествуваше во нападите врз американските војници и коалицијата во Авганистан и Пакистан. ИДУ е

одговорно за експлозијата во јужен Киргистани, експлозијата во Бишкек каде загинаа 8 луѓе.

10. Џаиш-е-Мухамед (Jaish-e-Mohammed) беше формирана во 2000 година од страна на Масуд Азар по неговото ослободување од затвор во Индија. Целта на оваа група е обединување на Кашмир со Пакистан. Џаиш-е-Мухамед го изврши нападот на Индискиот парламент во 2001 година, во кој загинаа девет лица, а повредени беа 18 лица.

11. Унија наисламски џихад–формирана е во 2002 година од страна на Неџмедин Џалолов (Najmiddin Jalolov). Оваа организација имаше неуспешни напади во Узбекистан во 2004 и 2005. Заради оваа причина организацијата го промени името од Џихадска исламистичка група во Унија на исламски џихад. По тој период тие се тесно поврзани со Ал Каеда. Од нивното пренасочување во фокусот на оваа организација се промени и насоката со нападите од Пакистан на Западна Европа, главно во Германија.

12. Муџахедин-е Калк организација (Mujahedin-e Khalq Organization −People's Mujahedin of Iran) формирана во 1965 година од страна на нејзиниот претседател Мариам Рајави (MaryamRajavi).Филозофијата на организацијата ја меша меѓусебната идеологија на марксизмот и исламот. Муџахедин-е Кхалк организацијата извршува напади против Западот пред исламската револуција. Потоа изврши терористички напади против интересите на свештеничкиот режим во Иран, па и во странство.

13. Хезболах (Hezbollah) − формирана во 1982 годинаод страна на Хасан Насралах како одговор на инвазијата над Либан од страна на Израел. Тоа е радикална група инспирирана од Иранската револуција. Познато е дека е вклучена во терористички напади против САДи Израел, вклучувајќи самоубиствени бомбашки напади над амбасадата на САД и американските маринци во Бејрут во 1983 година. Исто така, вклучени се во нападите околу границата со Израел, што резултира со смрт на многу израелски војници.

Ал- Каида е една од најголемите и најопасните организации во светот, заради тоа ќе биде дискутирана и анализирана подолу поопширно.

6.4.1. Ал-Каеда (al- Qa'ida)

Ал-Каеда е формирана од страна наАбдулах Азам и Осама бин Ладен,во август 1988 година,од Арапи кои се бореле во Авганистан против Советскиот Сојуз. Нивната цел е да се обединат сите муслимани низ целиот свет и да се борат против САД, а нивната крајна цел е да се формира исламски калифат.Абдулах Азам е роден во Палестина во 1941 година и е убиен во бомбашки напад во автомобил, во близина на градот

Пешавар, во Пакистан. Азам важел како „татко на глобалниот џихад“ и е главниот ментор на Оасама бин Ладен, кој стана главниот терорист на светот. Осама бин Ладен е роден во 1957година во Риад, Саудитска Арабија.

Ал-Каедасвоите корени ги има во востанието против советската окупација на Авганистан. Илјадници доброволци од целиот Блиски Исток пристигнуваат во Авганистан како муџахедини, борци што се борат за одбрана на муслиманите. Во средината на 1980-тите, Осама бин Ладен стана главен финансиер на организацијата што регрутира муслимани од џамиите ширум арапскиот свет. Овие „арапско-авганистански муџахедини“, кои се илјадници на број, се одлучувачкиза победата над советските сили.

Откако Советите се повлекуваат од Авганистан, Бин Ладен се враќа во родната Саудиска Арабија. Таму основа една организација за да им помага на ветераните од војната во Авганистан, од кои многумина заминуваат да се борат во други земји (вклучувајќи ја и Босна).

Бин Ладен е разгневен кога владата им дозволува на американските војници да се стационират во Саудиска Арабија, родното место на исламот. Во 1991 година тој е протеран од Саудиска Арабија заради антивладини активности. По неговото протерување од Саудиска Арабија, Бин Ладен гоорганизира седиштето на Ал-Каеда во Картум, Судан. Првите дејствија на Ал-Каеда против американските интереси биле нападите врз американските војници во Сомалија. Подоцна се случуваат низа други терористички акции, а за нив паѓа сомнеж дека биле организирани од страна на Ал Каеда. Во август 1996 година Бин Ладен„објави света војна“ против САД. Ал Каеда исто така работина воспоставување сојузништва со други радикални групи. Во февруари 1998 година Бин Ладен објавува алијанса со терористичките организации, меѓу кои и со Меѓународниот исламски фронт, за џихад против Евреите и крстоносците. Во оваа алијанса се вклучени и Ал Гама, Ал Исламија, Египетскиот исламски џихад, Харакат ул-Ансар и други групи.

Во 1994 година, под притисок на Саудиска Арабија и САД, Бин Ладен бил протеран и од Судан се преселува во неговите бази на операции во Авганистан. Бин Ладен е „гостин“ на Талибанците додека САД не ги разрешија од власт во ноември 2001 година.

Иако Ал-Каеда и Осама бин Ладенстанаа синоним, Осама бин Ладен не ја управува организацијата сам. Негов висок советник бил Ајман Ал Завахири, наследник на Бин Ладен. Ал Завахири е египетски хирург од семејство од висока класа. Тој се приклучил

на радикалното исламско движење на земјата во доцните 1970-ти и поминал три години во затвор, под обвинение за врска со атентатот на Анвар ел Садат, за кое време бил малтретиран. По неговото ослободување, тој заминал во Авганистан, каде што се сретналсо Бин Ладен и станал негов личен лекар и советник. Ал Завахири наводно помогнал да се организира масакрот на 67 странски туристи во 1997 година, во египетскиот град Луксор и е обвинет во врска со бомбашкиот напад на американските амбасади во Танзанија и Кенија. Во 1998 година тој бил еден од петте исламски лидери, потписник на Декларацијата на Бин Ладен, која повикува на напади врз американски граѓани. Тој се бара од страна на ФБИ и е осуденна смрт од страна на Египет во случај на пронаоѓање. Во март 2004 година пакистанската армија започнала со напад врз Ал Каеда по должината на границата Пакистан − Авганистан. Се верува дека овие сили гозаштитиле Ал Завахири, кој успеал да се спаси.

Лидерството на Ал Каеда ја надгледува мрежата организирано. Тоа може да регрутира илјадници радикалничленовиво Авганистан. Нејзината инфраструктура е мала, мобилна и децентрализирана, секоја клетка функционира независно со своите членови, а не се знае идентитетот на другите клетки. Локалните оперативци ретко познаваат некое лице погоре во хиерархијата на организацијата. Ал Каеда значително се разликува од традиционалните терористички организации. Таа не е зависна од спонзорство од некоја држава и, за разлика од ЕТА или ИРА, не е дефинирана од страна на одредени конфликти. Наместо тоа Ал Каеда работи како франшиза. Таа обезбедува финансиска и логистичка поддршка од терористичките групи кои работат во различни земји, како што се Филипини, Алжир, Еритреја, Авганистан, Чеченија, Сомалија, Таџикистан, Јемен, и Кашмир. Освен тоа, локалните групи можат да делуваат во име на Ал Каеда, со цел зајакнување на угледот, дури и ако тие не добиваат поддршка од организацијата.

Главните цели на Ал Каеда се да ги протера Американците и американското влијание од сите муслимански земји, особено од Саудиска Арабија, уништување на Израел и соборување на прозападните диктатури ширум Блискиот Исток. Бин Ладен, исто така, има за цел да ги обедини сите муслимани, ако е потребно и со сила, за да се создаде исламска нација со почитување на правилата на првите калифи.

Според фатвата (fetva), религиозен декрет на Бин Ладен од 1998 година, должност на муслиманите во светот е да се обединат во света војна против САД, американските граѓани и против Евреите. Муслиманите кои нема да го послушаат овој повик сеозначени како отпадници (луѓе кои ја напуштиле својата вера).

Како одговор на настаните од 11 септември 2001 година, нападите врз Светскиот трговски центар и Пентагон, САД извршуваат инвазија врз Авганистан во октомври 2001 година, со намера да се уништи Ал Каеда и Талибанците. Инфраструктурата на Ал Каеда во земјата била уништена, а нивниот воен командант, Мухамед Атеф, еубиен. Абу Зубајдах, друг висок оперативец, е уапсен во Пакистан. Бин Ладен и Ал Завахири сепак, избегале. Тие, одвреме-навреме, издаваат аудио и видео пораки во арапските медиуми. Во март 2003 година САД ја прошируваат борбата против тероризмот од инвазијата врз Ирак и соборувањето на Садам Хусеин и неговата партија Баат. Одлуката за вклучување на Ирак во „војната против тероризмот“ беше многу контраверзна. Американскиот претседател Џорџ Буш изјави дека постоизаемен однос помеѓу Садам Хусеин и Ал Каеда, иако нема докази за нивната соработка.

На 11 март 2004 година најлошото се случи воШпанија, кога во терористички напад 202 лица загинаа, а 1.400 се повредени во бомбашки напади на железничка станица во Мадрид. Доказите упатуваат на тоа дека одговорна е Ал Каеда. До април десетина осомничени, повеќето од нив Мароканци, се уапсени под обвинение за подметнување на експлозиите. На 4 април неколкумина осомничени се самоубиваат за време на полициската рација за да го избегнат апсењето. Многу Шпанци го обвинуваат својот премиер за неговата поддршка над САД и за војната во Ирак, по што Шпанија стана цел на Ал Каеда.

На 7 јули 2005 година Лондон доживеа терористички бомбашки напад, најсвирепнапад по Втората светска војна. Четири бомби експлодираат во три метро-станици и една во двокатен автобус во утринските часови, при што загинаа најмалку 52 граѓани, а беа повредени повеќе од 700 лица. Групата, наречена Тајната организација на Ал-Каеда во Европа, ја презема одговорноста на еден веб-сајт, тврдејќи дека нападите се одмазда за вмешаноста на Велика Британија во текот на војните во Авганистан и Ирак.Една година по бомбардирањето, британските истражни органиги маргинализираатврските помеѓу самоубијците и Ал Каеда. Четворицата самоубијци, сите родени во Велика Британија, исто така билепосетители на Пакистан, но нема конкретен доказ за каква било поврзаност и поддршка од страна на Ал Каеда.

Иако ирачкиот бунт продолжува, сепак осомничените терористи на Ал Каеда се преселуваат во таа земја и се одговорни за серијата киднапирања и самоубиствени бомбашки напади. Во февруари 2004 година американските сили откриваат писмо, кое се верува дека е напишано од Абу Мусаб Ал Заркави, радикалист од Јордан. Писмото се состои одпланови за дестабилизација на Ирак, преку создавање секташки конфликт

помеѓу шиитските и сунитските муслимани. Се верува дека Ал Заркави бил организатор на регрути, од 1.000 до 3.000 странски бунтовници, кои се бореле во Ирак. Со текот на времетоЈорданецот Ал Заркави бил позициониран како ривал на Бин Ладен, но во октомври 2004 година тој и формално прогласи алианса на Ал-Каеда, која го промени името на својата организација од Унија и џихадвоАл Каеда во Ирак. Во аудио снимка, неколку месеци подоцна, Бин Ладен изјавува дека „саканиот брат Муџахид Абу Мусаб Ал Заркави е принцот на Ал-Каеда во Ирак и најави дека организацијата Ал Каеда го поздравува неговото приклучување.

И покрај „војната против тероризмот", организирана од страна на САД, Ал Каеда и натаму е закана за целиот свет. Се регистрираат постојани напади од страна на Ал-Каеда и по 11 септември 2001. До неговата смрт Осама бин Ладен одигра силна улога во формирањето на мисијата на организацијата, улога која моментално му припаѓа на Ајман Ал Завахири. Од април 2004 година Бин Ладен нуди примирје во Европа,со ветување дека Ал Каеда нема да нападне нитуедна земја, со исклучок на САД. Европските лидери брзо ја отфрлаат понудата. Во декември 2007 година, генералот Дејвид Петреус, командант на мултинационалните сили во Ирак, објави дека Ал-Каеда во Ирак претставува најголемата закана за безбедноста на Ирак. За волја на вистината, во јануари 2008 година, американската армија објави дека во 2007 година Ал-Каеда во Ирак е одговорна за 4.500 напади во кои загинаа 3.870 цивили, а беа повредени речиси 18.000 луѓе. До септември 2008 година, сепак, Ал-Каеда во Ирак е значително ослабена.Абу Мусаб ал-Заркави, најбараниот терорист во Ирак, е убиен во јуни 2006 година, кога американските воени авиони ја напаѓаат неговата куќа со огромен број бомби.Смртта на Заркави се смета за најголемата победа на Америка по пет годиниборба против исламските терористи. Ал Заркави бил одговорен за многу од најпознатите брутални напади во Ирак.

Во последниве години многу најстрашните случаи ѝ се припишуваатна Ал Каеда, во најголем дел во Бали, Мадрид, Лондон, и Алжир, а се верува дека биле извршени од страна на терористички групи поврзани повеќе во духот отколку во координација со Ал Каеда. Ал Заркави, еден од поактивните терористи во последниве години, на пример, само официјално се приклучил на Ал-Каеда во времето откако започнал да врши терористички акции во Ирак. Ал-Каеда била повеќе од привилегирана кога се земанејзиното име како извршител на различните терористички напади, но се смета дека Ал Каеда понудува само нешто повеќе од филозофска мотивација, а не директна поддршка за извршените злосторства од страна на овие мали групи. И покрај тоа што

Ал-Каеда го поттикнува тероризмот со својата репутација како широка глобална мрежа, многу експерти сметаат дека во оваа фаза извршителитесе само мали ќелии, асамата Ал Каеда им служи како инспирација на насилните исламистички екстремисти. Во пресрет на смртта на Бин Ладен, аналитичарите изразуваат загриженост дека Ал Каеда може да бара одмазда. Американските амбасади ширум светот се ставени во состојба на готовност, аамериканскиот Стејтдепартмент, одвреме-навреме, испраќа предупредувачки писмадосвоите граѓани кои посетуваат, работат или живеат во опасни места, да ги ограничуваат своите патување и да остануваат во своите домови и хотели, да ги избегнуваат масовните собири и демонстрации. Некои авганистански официјални лица изразуваат загриженост по смртта на Бин Ладен, дека на тоа може да се гледа како на причина САД за да се повлечат од Авганистан, со образложение дека тероризмот продолжува да влијае во земјата и во регионот.

Ал Каеда по Осама бин Ладен

Во текот на летото 2012 година, во исламски Магреб, Ансар Дине (огранок на Ал Каеда во Африка), е радикална исламистичка групакоја ја користи предноста на нестабилност и слабата армија на државата Мали, каде оваа група ги окупира Тимбукту, Кидал и Гао, градови на север на Мали. Тие брутално го спроведуваат и егзекутираат шеријатот или исламскиот закон. Тие, исто така, уништуваат многу древни книги и ракописи, уништени се многу културни споменици со образложение дека славењето на светци ги крши принципите на исламот. Исламистите продолжуваат да ја шират нивната област,со тенденцијаисламистичките легии да се собираат и дасе обучуваат во северниот дел на Мали, а во тој случај ќе им се закануваат на големи области на Африка. Во меѓувреме, во септември 2012 година, милитанти вооружени со пушки и противавионски ракети, стрелале врз американскиот конзулат во Бенгази, Либија, при што загинува американскиот амбасадор во Либија, Кристофер Стивенс и тројца други службеници на амбасадата. Американскиот државен секретар Хилари Клинтон изјави дека САД верува дека зад нападот стои една група тесно поврзана со Ал Каеда во исламски Магреб.

Во јануари 2013 година Франција испраќа околу 2.150 војници во Мали за да бидат протерани милитантите дојдени во јужниот дел на Мали, кој станувапредел контролиран од владата. До крајот на јануари француските сили ги протеруваат милитантите од Гао и Тимбукту, принудувајќи ги да се вратат во северниот дел на Мали. Војници и од други африкански земји се распоредени во Мали за да помогнаат

во стабилизирање на ситуацијата. Исто така, во јануари, исламските милитантиод Мали пристигнуваат во Алжир и земаат десетици странски заложници во Аменас. Алжирските официјални лица изјавуваат дека милитантите биле членови на една филијала на Ал Каеда − Ал Мулатамен, која дејствува во знак на одмазда за француската интервенција во Мали. Алжирски војници го напаѓаат комплексот каде се грабнувачите и киднапераните лица. До крајот на битката загинуваат 29 милитанти и 37 заложници. Меѓу загинатите се и тројца Американци.

Воздигнување на ИСИС

Исламската држава во Ирак и Сирија (ИСИС), огранок на Ал Каеда, според авторите Hayes.L, Brunner. B, Rowen.B,ја сочинуваат сунитски милитанти кои се заканаза стабилноста на Ирак и кои ја тестираат силата на ирачките вооружени сили кон крајот на 2013 година и во текот на 2014. Во почетокот на јануари 2014 година ИСИС ја презема контролата врз поголемиот дел од Рамади и Фалуџа. Ал Каеда ги прекинува односите со ИСИС на почетокот на февруари 2014 година, наведувајќи го како причина одбивањето на групата да дејствува во спрега со директивите од лидерите на Ал Каеда и нивното инсистирање да дејствуваат независно од другите бунтовнички групи. Овој проблем започнува со месеци однапред, но конечната причина е предизвикот на ИСИС, кој настојува да ја окупира Сирија, а од друга страна,лидерот на Ал Каеда,Ајман Завахири,посакува ИСИС да се повлече од инвазијата над Сирија.

Покрај овие познати терористички организации, коисе вклучени во различни напади, има и такви фундаменталистички организации кои не се вклучени во криминал и терористички напади. Овие организации се познати како миројубиви исламски фундаменталистички организации. Подолу ќе наведеме некои од овие организации.

1. Групата Хизб-ут-Тахрир (Партија на слободата) − Hizb ut-Tahrir (Party of Liberation) е оформена во 1953 година од страна на Тачиуддин ал-Набхани,Арап од Палестина и нејзина главна цел е да се спаси исламскиот калифат и да се избегне насилството. Оваа организација има ограноци во многу држави, вклучувајќи ја и Америка. Главната порака на оваа организација е владата да ги задржи своите средства и оваа организација да ги зачува своите исламски вредности. Организацијата, исто така, има за цел да го прикаже исламот како одговор на светската економија и социјалните проблеми. Оваа партија денес брои 1 милион членови низ целиот свет.

2. Муслиманското братство(Muslim Brotherhood) е организација основана во Египет во 1928 година од страна на исламскиот научник Хасан ал Бана.Таа започнува да

дејствува како религиозно и социјално пан-исламистичко движење. Оваа организација има околу 2 милиони членови на крајот од Втората светска војна. Нејзините идеи добиваат поддршка во арапскиот свет и имаат влијание врз другите исламистички групи. Во 2012 година таа стана првата партија во Египет избрана на демократски избори, но таа се смета како терористичка организација од страна на владите на Бахреин, Египет, Русија, Сирија, Саудиска Арабија и Обединетите Арапски Емирати и др. Сепак, Муслиманското братство инсистира на тоа дека е мирољубива организација, фокусирајќи се на својот демократски избор и дека секогаш гоизбегнува насилството. Нејзините главни лидери секогашнагласуваат дека оваа група гоосудува насилството и насилничките дела. Според организацијата, нејзината главна цел е даубеди што повеќе луѓе да поверуваат во Куранот, како „точка на повикување за водење на животот на семејствата, поединците и муслиманските заедници". Оваа организација официјално се откажа од политичко насилство во 1949 година, по значителен период исполнет со политичка тензија која заврши со убиство на египетскиот премиер Махмуд ан-Нукраши Паша од страна на еден млад студент кој бил член на Муслиманското братство. Оваа организација е финансирана од страна на своите членови кои се повикани да вложуваатодредена сума на пари.Некои од овие членови −финансиери на организацијата − работат во Саудиска Арабија и другите земји богати со нафта. Муслиманското братство започна како верска општествена организација, настојувајќи исламската религијада вршиописменување на неписмените, да гради болници и џамии и сл.

Во делот 6.1.1 (погоре) даден е подетален описот на Муслиманското братство.

3. Филипински совет на муслиманските жени (ФСМЖ)(The Philippine Muslim Women Council − PMWC) е конфедерација составена од 39 невладини организации од муслимански жени, формирана во 2011 година. На нејзино чело е претседателотХаџа Путри Зорајда Абас Тамано, со седиште во Марави, Филипини. Тоа е заедница со длабока историја на активности против насилството,борбата за човекови права кои се резултат од различните видови оружени судири со големи жртви,како што сежени, мажи и деца. Мирните ненасилни сили, заедно со ФСМЖ, ги прават првите чекори да се организира отворен форум, каде што многу жени во земјата ќе имаат можност да разговараат слободно меѓу себе за работи кои ја поткопуваат нивната безбедност и нивните семејства, како и правото да се зачува и да се шири исламската религија на мирен начин, врз основа на ненасилство.

4. Муслиманско мировно друштво / Ансар ас-Салам– Muslim Peace Fellowship / Ansar as-Salam –создаденое во 1994 годинаво Њујорк. Оваае една од првите исламски организации главно посветена на исламска теорија и ненасилна пракса. Според нив, главната цел е обид да се постигне и да се проширува мудрото мислење на исламската религија, да се биде оригинален и да се поддржи муслиманскиот пророк. ММД собира муслимани кои се ориентирани кон мирот и правдата, кои го посветуваат својот живот за да ги изразат убавината на исламот низ целиот свет.

5. Исламска образовна, научна и култура организација (Islamic Educational, Scientific and Cultural Organization) е формирана од страна на Организацијата на исламската конференција во 1979 година.Главната цел на оваа организација го вклучува зајакнувањето и унапредувањето на многу муслимански членови во областа на образованието, науката, културата и комуникацијата, развива напредна технологија во рамките на исламските вредности и идеали, придонесува кон мирот и безбедноста на исламот преку образованието и културата.

6. Организација за исламска соработка (Organization for Islamic Cooperation)– формирана е во 1969 година од страна на Ијад бин Амин Мадани (Iyad bin Amin Madani).Организацијата е составена од 57 земји-членки. Целта на оваа организација е заедничкиот глас на муслиманскиот свет и работи на заштита на интересите на муслиманскиот свет, преку промоција на мир и хармонија. Од XIX век некои муслимани биле инспирирани од исламската вера за да ги задоволат своите економски, политички и социјални интереси. Распаѓањето на Отоманската Империја и Калифатот по Втората светска војна оставаат простор за панисламска институција. Изгубената 6-дневна војна меѓу Израел и арапските држави Египет, Јордан, Сирија, Либан и Ирак во 1967 година, иницира формирање на оваа институција. Лидерите на муслиманските земји се состануваат во Рабат да ја формираат Организацијата за исламска соработка на 25 септември 1969. Целта на оваа организација е зачувување на социјалните и економските вредности на исламот, промовирање на солидарноста меѓу муслиманите, зголемување на соработката на просторот на социјален, економски, културен и политички план, одржување на меѓународниот мир и безбедност и ширење на исламот низ светот на мирољубив начин. Во 1999 година оваа организација го усвојува законот за борба против тероризмот, истакнувајќи дека „секој чин на насилство или закана од оваа организација, со цел да се наштети на честа на човекот, узурпација на јавни или приватни имоти, загрозување на стабилноста, територијалниот интегритет или ширењето на исламската религија со насилство се туѓи на доктринатана оваа

организација која ги задржува правата за заштита на исламската религија на мирен начин.“

7.Слободна муслиманска коалиција против тероризмот (Free Muslim Coalition Against Terrorism)–формирана е во мај 2004 година од страна на Камал Наваш (Kemal Nawash), адвокат и палестински имигрант. Тоа е непрофитна организација, формирана од страна на муслимански и арапски Американци кои чувствуваат дека насилството и религиозниот тероризам не се целосно сузбиени од страна на муслиманската заедница. Слободнатамуслиманска коалицијае создадена за да се елиминира најголемата база поддржувачи на исламскиот екстремизам и тероризам, како и зајакнување на демократските и верските институции на Блискиот Исток и исламскиот свет. Оваа организација промовира модерна интерпретација на исламот,промовирајќи мир и демократија. Напорите на Слободната муслиманска коалиција се посебнии, тоа е единствената организација на американски муслиманикои ја имаат како цел борбата против тероризмот. Оваа организација ги охрабрува Арапите и другите муслимани да бидат горди на својата вера и да ја шират исламската религија до интелектуалците, кои соодветно треба да ја интерпретират и ценат оваа вера.

8. Муслиманите против тероризмот (MuslimAgainst Terrorism − MAT)е организација основана во Калгари на 11 јануари 1998 година. Главната цел на оваа организација е да се создаде свест за опасностите од тероризмот, а нејзините главни причини се понизност,правда и обединување на луѓето за да се шири религијата, но во исто време да се запре тероризмот. Организацијата, исто така, има за цел да соработува со западните јавни и печатени медиуми, како и соработка со други муслимански организации, со цел да се спречи тероризмот, да им се помогне на младите муслимани во образовните, социјални и економски работи.

### 3. 1.7.3.Хамас

Хамас е палестинска сунитска исламска организација. Името доаѓа од арапскиот акроним Хамас кој значи храброст и ревност, иако неговите припадници денес го преведуваат како храброст и сила. Нејзиното воено крило пак е познато како Бригадите на Изедин ал Касам, по името на палестинскиот свештеник кој во 30-тите години на XX век го организирал фронтот „Црна рака“ и анти-британско и анти-

еврејското движење во мандатна Палестина. Хамас е формиран во 1987 година за време на првата палестинска интифада против Евреите.[91]

Хамас дејствува исклучиво на територијата на Блискиот Исток, поточно на територијата на Израел. За припадниците на Хамас, Палестина е создадена од Алах за муслиманите, таа не може да биде користена од припадниците на други религии. Палестина според нив во моментот е окупирана од Евреите и нивните христијански сојузници и истата треба да биде ослободена. Ослободувањето на Палестина може да дојде само преку света војна Џихад.

Хамас, поточно нивното воено крило дејствива пред се преку изведување на самоубиствени напади на територијата на Израел, особено во појасот Газа и областа Вест Банк. Своите напади Хамас ги насочува како према војници така и спрема цивили, единствено е важно да станува збор за Евреи или христијани.

Своите активности ги изведува самостално или пак во кооперација со групата „Палестински исламски џихад“ со која имаат заеднички главен непријател, Израел. Овие две организации заедно, од 1989 заклучно до средината на 2016 година имаат изведено повеќе од 170 самоубиствени напади и се одговорни за смртта на повеќе од 800 луѓе на територијата на Израел.

### 3. 1.7.4.Хезболах

Хезболах или „партијата на Алах“ е шиитска исламска група, сместена на територијата на Либан. Составена е од милитантно крило „Совет на џихадот“ и политичкото крило „Лојалност кон отпорот„ која партиципира во либанскиот парламент. Групата е основана во 1982 година, а денес нејзин генерален секретар е Хасан Насралах.

На 16 февруари 1985 година, шеикот Ибрахим ал Амин издал манифестот на Хезболах (извадок од манифестот):

Ние сме синови на ума (муслиманската заедница)... ние како муслиманска заедница сме директно поврзани со Алах и со муслиманските браќа од целиот свет, преку една одлична доктрина и религија наречена ислам, исламот е тој кој не поврзува сите во едно... Нашата култура е базирана на Куранот, традиционалните патишта кои

[91] Martha C., John P., *International Encyclopedia of Terrorism*, Routledge. 2015, стр. 415.

треба да ги следиме и од исламските правила, кои се извор и основа на тоа што треба да го следиме...[92]

Гласноговорникот на Хезболах, Хасан Езедин пак на 14 октомври 2002 изјавува: „Нашата цел е да ја ослободиме Палестина и да ја вратиме во границите од пред 1948 година. Евреите кои ќе ја преживеат војната можат да се вратат во Германија или таму од каде што дошле. Како и да е, оние Евреи кои живееле во Палестина пред 1948-та година можат да останат и да живеат како малцинство, тие ќе бидат згрижени од муслиманската заедница.“[93]

Хезболах од своето создавање до денес има изведено голем број на терористички акции, меѓу кои доминантни се бомбардирањата, ракетирањата и самоубиствените напади. Најпознат од тие е оној на 23 Октомври 1983 година, кога камион бомба ја уништи американската касарна во Бејрут, при кој експлозијата убила повеќе од 240 војници и повредила повеќе од 100-тина. Речиси во исто време, сличен камион бомба експлодирал во францускиот камп каде што загинале 58 француски мировници а уште 15 биле повредени.[94]

### 3.1.7.5.Тамилските тигри

Тамилските тигри се милитантска организација која дејствува на територијата на Шри Ланка. Целото име на организацијата е „Ослободителните тигри на Тамил и Елам“. Формирани се во 1976 година од страна на Велупилаи Прабхакаран, а нивната цел била да се изборат за слободна држава Тамил Елам во која би живеел тамилскиот народ. Тие во 1983 година започнале војна со Шри Ланка, која траела до 2009 година, кога армијата на Шри Ланка ги победила тамилите.

Во 2000 година ЛТТЕ држеле под контрола 70% од територијата која им била замислена за освојување. Првичниот успехот на ЛТТЕ почива врз постоењето на една ефикасна организација, која ја вклучува целата тамилска популација, вклучително и дијаспората, која била многу активна во целиот свет. Највисокиот водач на ЛТТЕ, Велупилаи Прабхакаран, за да го држи тамислкиот народ и да ја наметне својата диктаторска власт посегнал по сите инструменти на моќта на ефикасните тирани. На своите сили тој им дал квалитет и технички средства на високо ниво. Подготовките на

---

[92] I., Rabinovich, *Israel in the Middle East*,2010, стр.420
[93] http://www.newyorker.com/magazine/2002/10/14/in-the-party-of-god
[94] Димовски,З., Тероризам, Графотранс, Скопје, 2007, стр.142

минските полиња и зоните на оган на артилеријата биле прецизно пресметани преку ГПС следење со цел да бидат вовлечени непријателите во најопасните зони.

Тамилските тигри употребувале самоубиствени пливачи кои ги пресретнувале бродовите на Шри Ланка и истите ги напаѓале во протокот на Шри Ланка. Тие се прва организација која почнала да ги употребува експлозивните самоубиствени елеци, а воедно се и пионери во употребата на жените самоубијци.

Меѓу позначајните самоубиствени напади кои ги извеле „Тамилските тигри"се убиството на претседателот на Шри Ланка, Ранасинге Премадаса на 1 мај 1993 година, како и убиството на премиерот на Индија, Раџив Ганди на 21 мај 1991 година. Припадничка на Тамилските тигри му пришла на премиерот да се поздрави со него, се наведнала да ги допре неговите нозе и во тој момент го активирала експлозивниот појас со 700 грама експлозив кој се наоѓал под нејзиното здолниште. Освен премиерот Ганди, загинале уште 25 други лица.[95]

„Тамилските Тигри" иако се пасивирани и неактивни по поразот од армијата на Шри Ланка, тврдат дека располагаат со околу 15.000 борци, од кои 2.000 до 3.000 се жени. [96]

### 3.1.7.6. Курдистанската работничка партија

„Курдистанската работничка партија" е основана во 1978 година, како марксистичка-ленинистичка бунтовничка група, првенствено составена од турски курди, кои се помеѓу 18% и 25% од вкупната популација во Турција . Била создадена од група на студенти, предводена од нејзиниот прв лидер Абдула Очалан.

Нејзината главна цел е да воспостави курдска држава во јужна и југоисточна Турција, каде што главно живее курдско население. Курдското население во овие краеви постојано трпи репресија од турските власти (со декади) и сака да се избори за своја автономија и независност. Освен во Турција оваа група е активна и во Сирија, Иран и Ирак, каде исто така има курдско население.

КРП постепено од бунтовнички активности во руралните области преминала на урбан тероризам. Има приближно 10.000 до 15.000 борци и илјадници симпатизери во Турција, Сирија и Европа.

---

[95] Sherman, J., *The Political Economy of Armed Conflict: Beyond Greed and Grievance*,2003, New York: Lynne Rienner Publishers, стр.198.

[96] Шалијен, Ж., Блин,А., Историја на тероризмот од антиката до Ал-Каеда, Табернакул, Скопје, 2009, стр.440

Најчесто користените методи за борба на КПК се вооружените напади врз турските државни објекти, воените бази, како и туристичките места, како и употребата на бомбашите самоубијци. КПК е една од организациите која во своите редови има регрутирано и голем број на жени терористи самоубијци. Самоубиствените напади почнува да ги изведува од 1996 година со цел да го смени текот на битката со турската армија и да го дигне паднатиот морал на своите членови.[97]

### 3.1.8. Експлозивни направи

#### 3.1.8.1.Експлозии и видови експлозивни материи

Постојат голем број нестабилни хемикалии и смеси кои се способни да експлодираат со различен степен и јачина. Поголемиот дел од нив се толку нестабилни и опасни, па истите тие се употребуваат само во лабораториските истражувања. Таква е на пример анти-материјата[98] произведена во лабораторијата на ЦЕРН[99] во Швајцарија, која во контакт со било каква материја дури и во минијатурни количини може да предизвика експлозија од огромни размери.[100]

Првата дефиниција за експлозив во закон била дадена во Обединетото Кралство, во таканаречениот акт за експлозиви во 1875 година и гласела, како експлозив се подразбира супстанција употребена или произведена со цел да создаде практичен ефект со експлозија. Воедно ги набројува материјалите како нитроглицерин, тринитротолуенот и гелингитот во експлозиви.

Според „Актот“ експлозивите мора да се ефикасни за да предизвикаат корист за животната средина т.е. треба да имаат цел. Во воена смисла, експлозивот треба да е способен да ја конвертира енергијата на топлината и компресираниот гас, производ на неговото расложување во кинетичка енергија на воздухот во еден експлозивен бран, ракета, куршум или граната, парчиња итн. Комерцијалниот експлозив пак треба да биде во можност да помести карпа, почва, згради и слично со ефектите од неговата детонација.[101]

---

[97] Димовски, З., Меѓународен тероризам, Скопје, 2011, стр.140.

[98] Антиматерија е супстанција составена од елементарни античестици за разлика од останатите материи кои се составени од елементарни честици.На секоја честица и одговара одредена античестица.Материјата и антиматеријата не можат да функционираат една покрај друга, па кога ќе се најдат во таква ситуација настанува анихилација со ослободување на огромни количини на енергија во вид на гама зрачење.

[99] ЦЕРН-Европска организација за нуклеарно истражување, се наоѓа во близина на Женева, Швајцарија и е местото кое е најголем центар за истражување на елементарните честици.

[100] Baur, G., Production of antihydrogen.Phys.lett, 1996,стр.251-258.

[101] Зукас Џ.А., Волтерс В.П., Експлозивни ефекти и апликации, Нампрес, Скопје, 2009, стр.28

За да еден експлозив биде практичен, тој мора да биде адекватно безбеден и сигурен:

- да биде стабилен под предвидени услови за складирање;
- да гори, експлодира или детонира, само кога тоа е побарано;
- да биде успешно осетлив за да биде иницирани како што се бара и прецизно кога се бара;
- стимулот на иницијацијата треба да биде мал во споредба со резултатот од експлозивот.[102]

### 3.1.8.2. Експлозивни направи за терорист самоубиец

Експлозивните направи кои ги користат терористите самоубијци  не се стандардизирани. Не постои еден единствен вид на направа која тие ја применуваат за извршување на самоубиствените напади. Бројот на разновидните експлозивни направи е голем. Постои широка лепеза на експлозивни направи кои се користат и речиси и е невозможно сите тие да бидат набројани. Но, постојат одредени карактеристики, основни компоненти, хемиски состав , видови на експлозивни материи кои се најчесто употребувани за производството на овие направи.

Направите кои ги користат терористите во своите самоубиствени напади се најчесто импровизирани експлозивни направи, кои се составувани од тимовите на хемичари и физичари кои секако ги има во рамките на организациите. Воедно, не е потребно и да се има големо познавање од овие области. Помеѓу терористите има лица кои имаат посетувано курсеви и обуки за производство на експлозивни направи, но и на интернет порталите постојат голем број на туторијали и текстови со наслов и тематика, сам направи бомба или дома направи експлозив.

Воглавно, импровизираните експлозивни направи се состојат од неколку главни делови: извор на енергија, иницијатор, експлозив, прекинувач и фрагмент или материјал кој врши дистрибуција на шрапнели. Овие направи имаат повеќе варијации, често една направа може да биде иницирана на повеќе од еден начин. Методот на производство кој ќе се употреби за конструкција, зависи од ефектот и целта што треба да се постигне. Компонентите од кои е составена направата можат да се набават легално, а може и да се импровизираат. Нивниот изглед е таков што тој треба да

---

[102] Ибид., стр.28

предизвика залажување т.е. да ја прикрие примарната цел на експлозината направа и да изгледа како некој друг предмет за редовно дневно користење. Така тие можат да бидат сокриени во спортски ранец, акт ташна, алат за работа, а можат да изгледаат (да се наоѓаат во внатрешноста на предмети ) како телефон, кукла, лаптоп, детска играчка и сл.

Многу често терористите самоубијци користат и таканаречени експлозивни елеци. Станува збор за елеци кои се наредени со експлозив и лесно можат да се сокријат под облеката на напаѓачот. Овие елеци се активираат со еден потег и се многу тешки за воочување, што ги прави многу интересни за терористите. Истите се доста често користени и од жените, со елеците тие на прв поглед изгледаат како да се бремени и безбедносно неризични, што на нив им овозможува полесно да стигнат до дестинацијата на која е потребно да го изведат нападот.

Повеќето импровизирани електрични направи имаат електричен иницијатор и според тоа, како извор на енергија е потребен електричен извор на енергија. Батериите се изворот на енергија кој најчесто се користи, а тие одговараат знаејќи дека можат да се произведат во различни облици и големини. Иницијаторите можат да функционираат со поголемиот број на комерцијални батерии.

Иницијаторите се експлозивни railway капсли или компоненти кои предизвикуваат пламен. Постојат повеќе видови на импровизирани иницијатори за нискоексплозивни материјали како и за високоексплозивните материјали. Може да се сретнат модифицирани светилки или каписли на удар. Исто така, постојат и фитили кои даваат пламен како темпиран фитил, но со неконтролирана стапка на горење. Никој, па ни терористот во дадени ситуации не знае колку бргу фитилот ќе гори. Таков е примерот со случајот од Мадрид, при експлозиите на бомби во возовите, една од направите не функционирала поради неправилно наместениот тајмер. Ова им овозможи на техничарите за бомби да ја отклонат оваа бомба и да спречат уште една експлозија. Иницијаторите т.е. детонаторите се многу чувствителни и можат да бидат активирани и од удар на куршум.

Во секоја направа има извесно количество на експлозив. Без експлозив ниту една направа не би можела да се нарече експлозивна. Се користат најразлични стандардни и импровизирани експлозиви. Експлозивот е тој што врши експлозија и кој е одговорен за нанесувањето на штетата. Во одредени ситуации, не е ни потребно експлозивот да е во контакт со другите компоненти. Тој може да биде активиран и под влијание на надворешни фактори.

Прекинувачите се составен дел на направите и служат за активирање на истата. По природа тие може да се прости или сложени. За да се осигура сигурна детонација и активација, најчесто се употребува повеќе од еден прекинувач. Во експлозивните направи најчесто има еден прекинувач за вооружување и еден за активирање. Кога прекинувачот за вооружување е затворен или вклучен, прекинувачот за активирање станува функционален, а колото е отворено. Кога прекинувачот за активирање е активиран, колото се затвора, снагата на батеријата оди до иницијаторот и направата се детонира. Дизајнот на прекинувачите е скоро неограничен.

Голем број од импровизирните експлозивни направи можат да се активираат и со направа за далечинско управување. Далечинските управувачи се резервни компоненти кои служат за две цели. Прво, терористот самоубиец не успее да ја иницира направата со прекинувач, одговорното лице може да ја иницира од безбедно растојание за него, преку трансмитер на далечинско управување. Втората цел е одговорниот да има контрола на ситуацијата и да го осигура активирањето на направата во случај извршителот да се двоуми или да биде фатен.

Заради избегнување на некои безбедносни мерки, терористот самоубиец често со себе носи дополнително оружје, пушка, пиштол, гранати. Истите служат да се спротивстави со безбедносните сили, доколку биде откриен. Со помош на овие оружја се претпоставува дека тој ќе успее да дојде до некоја заклонета позиција од која потоа полесно ќе може да го изведе самоубиствениот бомбашки напад.

Како што кажавме, за да ги избегне контролите и да го отфрли сомнежот, терористот самоубиец својот експлозивен пакет ќе го камуфлира така што тој ќе изгледа нормално во околината. Пакувањето може да биде изработено од метал, пластика, хартија, стакло, дрво или пак да е комбинација од неколку од овие материјали. Во одредени ситуации пакувањата се внимателно одбрани, за да можат истите да го зголемат ефектот на експлозијата и нејзиниот уништувачки потенцијал.

Улогите во модерните терористички организации се точно поделени. Лицата доставувачи на направи се избираат со присила, и се бираат оние кои најлесно можат да подлежат на нејзе. Ракувачите со експлозивните направи се бираат според нивната способност за изведување на прикриени диверзантски акции и способноста за инфилтрирање, додека изработувачите според своето техничко знаење и усовршеност. Тие се одговорни и за дизајнот на направата, како и количината на експлозив која во тој дизајн би направила најголема штета.

Според дизајнот, големината и видот на пакување со експлозив, постојат три вида на самоубиствени напади со бомби:

- Самоубиствен напад при кој терористот самоубиец активира импровизирана експлозивна направа која е во торба, кутија или во друг предмет;
- Самоубиствен напад при кој терористот самоубиец активира импровизирана експлозивна направа која ја носи под својата облека (самоубиствен бомбашки елек);
- Самоубиствен напад при кој терористот самоубиец активира импровизирана експлозивна направа сокриена во возило (автомобил, комбе, камион,авион и др.).

Според експлозивната сила најголема опасност претставуваат нападите со возило, но според нивната прикриеност и безбедносен ризик многу поопасни се останатите два вида, кои многу потешко можат да бидат спречени.

Начинот на кој терористите самоубијците или експлозивот пристигнуваат до местото кое е предвидено за активирање на експлозивот може да биде најразличен, а најчесто се користат прикриен начин, видлив начин, залажувачки и преку наивна достава.

При наивната или несвесната испорака, експлозивот се носи до местото за активирање од страна на курир кој не знае дека носи експлозивна направа. Направата најчесто е со тајмер или пак се активира од страна на раководителот на нападот. Во одредени случаеви куририот се извлекува, а во други загинува и се предизвикува слика како да е извршен класичен самоубиствен бомбашки напад.

Употребата на двојни или секундарни експлозивни направи е многу честа тактика кај самоубиствените напади. Секундарните направи можат да се наоѓаат на местото на експлодирање кога се случила првата експлозија, но можат и доплнително да бидат донесени. Така најчесто станува збор за двајца или повеќе терористи самоубијци, за да се осигура извршувањето на целта. Во најголемиот број на случаеви тие не знаат едниот за другиот, а се пратени со иста цел и од ист авторитет. Но, има и ситуации каде тие знаат еден за друг, а целта која сакаат да ја постигнат е што е можно поголема експлозија, поголем број на жртви и поголема материјална штета.

## ГЛАВА 4

# 4. СТРАТЕГИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ САМОУБИСТВЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ

## 4.1.ЕЛЕМЕНТИ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА БОРБА ПРОТИВ САМОУБИСТВЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ

Тероризмот, како и неговиот подвид самоубиствениот тероризам е сложен феномен. Според неговата природа, ефективен контратероризам не е возможен без прецизни анализи на неговите корени, појавни облици, начини, тактики и методи на дејствување . Самоубистевниот тероризам според анализите е сериозна проблематика и голем глобален безбедносен проблем на целата меѓународна заедница. Оттука за да може да има добар одговор на тероризмот потребна е сеопфатна борба.

Во оваа борба потребно е да се вклучат поединечно сите меѓународни фактори. Така, секоја држава мора на свое индивидуално ниво да преземе одредени мерки, за да може подоцна организирано меѓународната заедница да настапи со мерки кои ќе ги надополнат празнините кои настанале со претходно преземените мерки. Практиките кои секоја земја ќе ги изложи, доколку се прифатливи можат подоцна да влезат во идна конзистентна, сеопфатна стратегија против самоубистевниот тероризам.

Моменталната координација помеѓу државите во сузбивањето на овој вид криминал се наоѓа на многу ниско ниво. Првенствено потребно е подобрување на координацијата, бидејќи самоубистевниот тероризам преставува закана за секоја држава поединечно, но и е перманентна закана за целокупната меѓународна заедница. Самоубистевниот тероризам е присутна и опортунистичка закана која оперира на неочекувани места – географски, политички, тактички и хронолошки, па заради тоа е потребно вклучување во борбата на сите членки на меѓународната заедница. Во борбата со самоубистевниот тероризам мора да се искористат сите ефикасни и ефективни тактики и техники со кои располагаат безбедносно-разузнавачките агенции во државите.

Првенствено, мора да се искористат разузнавачките служби во процесот на добивањето на сигурни информации за потенцијални извршители, присуство на одредени ќелии на дадена територија, движење на нејзините членови, нивното скривалиште, логистиката, плановите и слични информации без кои не би можеле да преминеме кон следните етапи. Борбата со тероризмот, антитероризмот и

контратероризмот започнуваат со процесот наречен разузнавање. Вистинска информација, во прав момент значи спречување на голема катастрофа и чекор напред во борбата со терористите самоубијци.

Познавањето и правилното применување на оперативно-тактичките мерки, истражните дејствија и посебните истражни мерки е следниот чекор. Потребно е нивно целосно искористување и правилно насочување за да се постигне што е можно подобар резултат во оваа борба.

Следењето на финансиите е уште една многу битна мерка при сузбивањето на самоубиствениот тероризам. Без разлика каква и да е мотивацијата, фанатизмот и дисциплината кај терористите, доколку тероростичката организација не располага со финансиски средстава, извршувањето на нападот не би бил изводлив. Потребни се финансиски средства за обука, пропаганда, материјали, логистика, оружје, превозни средства и многу други сегменти. Иако навидум изгледа како ефтин, сепак самоубиствениот тероризам има доста свои трошоци. Подмирувањето на тие трошоци, т.е. каналите преку кои финансиските средства доаѓаат до организациите им овозможуваат на безбедносните структури упад во терористичките организации и нивно следење. Спречувањето на финансирањето (конфискацијата на имот, блокирањето на сметки и сл.) пак ги оневозможува идните самоубиствени напади.

За да нападот на тероризмот биде целосен, потребна е и добра дипломатија. Пред светските лидери е поставен предизвик, да изградат и одржуваат ефикасна и долготрајна антитерористичка коалиција за контратероризам базирана на ефективна дипломатија која би била основа за сите мерки кои ќе се преземат на полето на борба против самоубиствениот тероризам.

Секако, потребна е и офанзивна акција. Доколку се се сведе на дискусии и креирање на политики и стратегии, а не се преземат конкретни чекори, не би се добил никаков придонес во оваа борба. Самото превентивно дејствување нема да ги даде посакуваните одговори, потребна ѐ и активна репресивна борба. Потребно е што е можно побрзо да се преземат акции со кои би се маргинализирале овие групи, да се спречат во организирањето на идни катастрофални напади, да се спречат да дојдат до оружје за масовно уништување или пак да го радикализираат целиот исламски свет. Акциите со употреба на воена сила се и повеќе од потребни, без нивна употреба не би имале ефикасна стратегија за борбата со самоубиствениот тероризам.

## 4.2.РАЗУЗНАВАЊЕ

### 4.2.1.Поим и дефинирање на разузнавањето

Разузнавањето е стара воена техника која ја користеле воените лидери уште во најстарите цивилизации со цел да ги осознаат намерите и тајните на противникот. Со други збороровии, разузнавањето е старо колку и човечката цивилизација.

Голем број на археолошки податоци ни укажуваат на егзистирањето на оваа дејност уште во најстарите времиња. Меѓу најстарите пишани траги за разузнавање е една глинена плоча пронајдена во близина на реката Еуфрат, на територија на денешна Сирија. На плочата стои текст во кој е содржан извештајот, кој лицето по име Банум му го дава на својот претпоставен за ситуацијата во противничките редови и во рамките на истиот му дава совети кои мерки да ги преземе доколку ненадејно биде нападнат.[103]

Во Библијата постојат стихови каде пишува дека Исус Навин и Калеб испратиле 12 шпиони во ветената земја Ханаан со цел да добијат повеќе информации, а тие 12 шпиони не знаеле еден за друг. Едно од најдобрите и најконцизни дела за воената тактика и разузнавањето е секако делото на кинескиот цар Сун Цу, „Уметноста на војувањето". Во ова дело напишано пред повеќе од 2500 години, тој успеал многу добро да ги опише разузнавачите и да направи поделба на шпионите. Препораките и тактиките од оваа книга и ден денес не се застарени. Тие сеуште се учат на воените академии низ светот и се применуваат на борбените полиња.

Како први разузнавачки служби од модерен тип може да ги сметаме разузнавачката служба на Англија од времето на канцеларот Оливер Кромвел и француското воено-политичко разузнавачко биро, формирано од Кардиналот Ришеље за време на владеењето на францускиот крал Луј XIII. Двете се формирани во средината на XVII век, период после кој следи формирање разузнавачки служби во сите развиени држави. Голем број од битките за време на двете светски војни биле решени благодарение на разузнавачките информации кои водачите ги имале.

Според една од најдобрите разузнавачки служби, МИ 5, разузнавањето е процес на добивање на информации кои не можат да се добијат по редовен пат, со употреба на човечки ресурси или технички средства, и истите можат да влијаат врз донесувањето на одлуки или врз стекнувањето на генерална слика за противникот.[104]

Разузнавачката служба т.е. дејност е организирана активност или организација, установа која по барање на водечките сили прибавува, проценува и им презентира на

---

[103] Достапно на http://www.obuch.info/biblejski-sbitiya.html?page=6

[104] https://www.mi5.gov.uk/espionage

водечките структури, класи или држави, одредени податоци за противникот, ги штити сопствените интереси од противниците и се ангажира на други активности со кои допринесува за остварувањето на одредени државни цели.[105]

Според професорот Томе Батковски пак „разузнавањето претставува организирана активност на општествена група, движење, партија и дел од државниот апарат (државата), насочена кон прибирање тајни податоци и информации од потенцијален или актуелен противник од воен, економски и културен карактер, со цел реализирање на сопствените витални интереси."[106]

### 4.2.2. Циклус на разузнавање

Разузнавањето е комплексен процес. Кога зборуваме за разузнавање, ние зборуваме за низа на мерки кои се превземаат во рамките на еден сложен процес, кој што има за цел да произведе производ во вид на потребна информација. Цилусот на разузнавањето е составен од пет главни елементи: барање, доделување на информации, собирање, известување за собирањето и анализа. Тој е како тркало кое штом ќе почне да се врти, со импулс ќе ја води истрагата нанапред.[107]

Секоја разузнавачка активност започнува со барање[108]. Барањата се најчесто итно поставени задачи до тимот задолжен за борба со самоубиствениот тероризам. Нивното исполнување е од круцијално значење за исполнување на дадена операција. Барањето може да биде идентификување на потенцијални скривалишта на терористи на дадена локација, идентификација на потенцијалните терористи самоубијци во дадена област, идентификација на превозните средства со кои се движат објектите на интерес и сл.

Втората етапа од циклусот е доделувањето на задачи. Откако веќе е доставено барањето, најчесто во вид на писмен извештај до одговорниот на тимот кој ќе работи на ова проблематика, потребно е да се поделат задачите на припадниците. При доделувањето на задачите потребно е прецизно, недвосмислено и временски да се определи, што точно е задачата на секој припадник на тимот. Добро испланираната активност, однапред е половина завршена. Затоа, секој припадник на тимот мора точно и без грешка да ја знае својата улога. Доколку добро се поделат задачите, се добива на

[105] Ѓорѓевиќ, О., Основи државни безбедности, Београд, стр.27
[106] Батковски Т., Разузнавачка и безбедносно-контраразузнавачка тактика, Јофи скен, Скопје,2008, стр.17
[107] Малиш-Саздовска, М., Разузнавачки циклус-прирачник, Скопје, 2005
[108] Злате Димовски- Криминалистичко разузнавање, Скопје, 2019

време, а што побрзо се заврши одредена задача, толку се поголеми шансите да се спречи некој иден самоубиствен напад.

Третата етапа е фазата на собирање на информации. При оваа етапа, потребно е собирање на сите постоечки информации за одредена проблематика, со што би се добила поголема база на информации кои би подлежеле на анализирање. Во разузнавањето се користат голем број на извори на информации. Генерално тие се поделени на информации кои се добиваат директно од човечки извор и на информации кои се добиваат преку техничките пронајдоци на човекот.

Хуминт (Human intelligence) или разузнавање од човек, претставува разузнавање при кое информациите се добиени директно од човечки извор. Широка е употребата на човечкото разузнавање. Почнувајќи од набљудување, извидување, употребата на агенти, информатори и соработници, испитување на затвореници, увид во јавни документи и средствата за информирање и сл. Целокупноста на податоци кои се добиваат директно преку човекот може да се поделат на прикриени и отворени човечки разузнавања.

Под прикриени човечки разузнавање се подразбираат: прикриеното опсервирање, прикриеното следење, прикриеното анкетирање и прикриеното научно истражување.

Под прикриеното опсервирање најчесто се подразбира надворешно набљудување на објект, простор и дејствија за кои се претпоставува дека се во врска или можат да се доведат во врска со терористичка организација. Набљудувањето се врши со помош на сетилно запазување, но не е исклучена и можноста да се врши со помош на технички средства и помагала. Така на пример, со цел да може подобро да набљудува објект на интерес а да не биде загрозена неговата безбедност, разузнавачот може од поголема далечина со помош на двоглед да ги забележи надворешните карактеристики на бараниот објект. Разузнавачите кои вршат опсервирање, користат прилики или фингираат прилики да дојдат до овие објекти. Така тие се преправат во комунални работници, водоинсталатери, хотелски работници, бармени во локали, туристи во посета на област и сл.

Прикриеното анкетрирање се врши така што од страна на добро обучени лица во анкетен прашалник се вметнуваат неосетно прашања, чии што одговори се интерес на разузнавачката служба. Таквите анкети се прават со цел да се дознаат ставовите на популацијата во одредена област. Преку анкета може да се дојде до одговор на прашањата, дали популацијата го подржува радикалниот ислам, дали познава лице кое

е радикал, во кои џамии се пропагира радикален ислам, дали лицето чита содржини со радикален ислам и сл. Преку одговорите на овие прашања може да се види дали населението во дадена област ги подржува радикалите и тероризмот воопшто, дали тие имаат намери да посегнат по тероризам, кои се местата на кои се врши пропаганда и регрутации итн.

Третиот вид на прикриено разузнавање е прикриеното научно истражување. Во одредени ситуации, кога некој научник или научна установа вршат анкета согласно своите потреби можно е да дојдат до прибавување на разузнавачки информации. Тоа може да се случи на два начина. Во првиот, информациите од анкетата може да ги искористи разузнавачката агенција за своите цели, без притоа научната установа да знае т.е. без да е претходно нарачано анкетирањето. Вториот случај пак е оној кога разузнавачката агенција нарачува анкетирање. Тогаш научната установа паралелно врши две истражувања, едно јавно и отворено и другото тајно и прикриено. Камуфлирано и неосетно научната установа врши истражување за разузнавачката служба.

Отворените човечки разузнавања се оние при кои луѓето ги користат отворените извори, како деловни книги, списанија, весници, архиви... Користењето на дипломатијата, постоечките законски регулативи, декларациите, конвенциите и протоклите од меѓународен карактер исто така влегуваат во отворените разузнавачки активности. Овие активности можат да се вршат легално и во странска држава, без притоа да се прекршува правото на таа држава или пак меѓународното право.

Испитувањето на заробени терористи може да се искористи како разузнавачка алатка. Од заробените терористи може да се дознаат многу корисни информации за тактиките, техниките, обученоста, составот, вооруженоста и финансиската моќ на терористичката организација чии членови се истите. При овие испитувања мора да се почитуваат правата на затвореникот и притоа не смее да се употребува тортура или пак да се изнудуваат одговори од него на било кој начин. Воедно, испитувачите мора да ги почитуваат женевските и хашките конвенции како и нивните протокли.

Испитувањето исто така може да се одвива врз бегалци.[109]Бегалците се категорија која би требало да има повеќе причини да соработува и да ги објасни состојбите во државата од која доаѓа или барем од регионот што го напушта. Бегалците

[109] Бегалци, претставуваат лица кои поттикнати од разни мотиви-политички, верски, национални, социјални, економски...доброволно или по сила на приликите, ја напуштаат својата држава, најчесто по нелегален пат и преминуваат да живеат во друга држава.

се исто така посигурен извор на информации. Иако и на нив треба да се гледа со доза на резерва, сепак нивните искази се поверодостојни од тие на затворениците, кои и онака тешко се отворени за конверзација. Како пример, многу повеќе информации може да се добијат од лицата кои бегаат од војните во Сирија и Ирак, отколку од заробени терористи на ИСИС или Ал Каеда.

Прибирањето на информации преку псевдодипломатските и дипломатските претставници во другите држава е тактика која ја користат сите разузнавачки служби. Преку работниците свои државјани во другите држави многу лесно се добиваат информации од областа во која тие работат, како и за опкружувањето и околината во која тие живееле. Дипломатските претставници пак се најкористениот легален пат на разузнавање. Тие преку комуникациите со државните органи, со туѓите дипломатски мисии, своите граѓани во земјата на интерес, преку средствата за јавно интересирање во државата каде што се позиционирани можат да дојдат до голем број на корисни информации. Преку амбасадите во Авганистан, Пакистан, Ирак, Турција, Либан, Израел може објективно да се следат настаните во тие држави и до одреден степен да се предвидат идните безбдносни ризици.

Средствата за јавно информирање исто така се солидна база на податоци. Доколку правилно и концизно се истражуваат и анализираат, тие може да се претворат во разузнавачки производ. Денешните терористички организации располагаат и со свои медиуми. Имаат свои списанија, интернет портали и голем број брошури. Доколку тие се следат, може да се добијат многу корисни информации за работата на терористичките организации и за креирањето на стратегија за борбата со нив.

Разузнавачките агенции можат да користат и информации добиени од други разузнавачки служби. Во полињата како тероризмот каде што е потребен заеднички одговор и повеќе од пожелна е соработка и размена на разузнавачките информации.

Технинт (Technical intelligence) претставува разузнавање при кое информациите се добиваат преку техничките пронајдоци на човечката цивилизација. Под него се подразбираат повеќе видови на техничко разузнавање, а најупотребувани се:

-Сигинт (Signal intelligence), претставува следење и собирање на информации преку извидување на радиосообраќајот на противникот, терористите самоубијци во нашиот случај, како и следењето на други извори на електромагнетно зрачење.

-Коминт (Communication intelligence), претставува подсистем на технинт преку кој се пресретнуваат пораките од различен вид преку кои комуницират терористите самоубијци.

-Елинт (Electronic intelligence), претставува техничко прибирање на разузнавачки информации преку снимање на електромагнетни зрачења од различни апарати, особено на оружјето и системите за управување со оружје.

-Телинт (Telemtru intelligence), претставува телеметриско прибирање податоци за разни параметри при тестирање на оружје.

-Радинт (Radar intelligence), претставува користење на радарите за прибирање на разузнавачки информации потребни за службата.

-Иминт (Imagery intelligence), претставува прибирање на разузнавачки информации преку системи за аерофото и сателитско снимање на целните територии.

-Масинт (Measurement and signature intelligence), мерење, димензионирање, идентификување и попишување на вооружени системи, борбени хемиски композиции и содржини на поедини воени материјали кои ги имаат во сопственост терористичките организации.

-Итинт (Information technology intelligence), прибирање на разузнавачки информации преку информатичката технологија.

-Хакинт (Hackers intelligence), претставува неовластено влегување и пробивање на заштитени компјутерски системи, со цел да се добијат информации за терористичките организации , нивните членови и планови.[110]

Четвртата етапа е известувањето за собраните информации. Откако ќе се соберат информациите кои се побарани врз основа на доделените задачи, потребно е да се состави извештај за сработеното. Извештајот се доставува до авторитетите кои го поднеле барањате. Извештајот потоа оди во рацете на аналитичарите, каде ја поминува последната фаза пред да може да биде наречен разузнавачки податок.

Петтата и последна фаза од циклусот на разузнавање е анализата. Најчесто тоа е и најтешкиот дел. Суровите и необработени податоци мора да се анализираат и од нив да се изведат правилни заклучоци. Извештајот мора да даде доволно информации за да се определи дали барањето е исполнето. Доколку барањето не е исполнето, повторно се доделуваат нови задачи со цел да се соберат повеќе информации. На крај, откако ќе заврши анализирањето и се утврди дека барањето е исполнето, производот им се дава на сите авторитети кои треба да се информираат.[111]

---

[110] Батковски Т., Разузнавачка и безбедносно-контраразузнавачка тактика, Јофи скен, Скопје,2008, стр.27

[111] Димовски, З., Меѓународен тероризам, Скопје, 2011, стр.174

### 4.2.3 Пред-индикатори на извршување на самоубиствен напад

Големи се обемот и влијанието на разузнавањето во процесот на борба против самоубиствениот тероризам. Постојат голем број на активности и постапки од страна на разузнавачките агенции на кои мора да се посвети особено внимание. Најголемото влијание треба да биде насочено кон периодот кој што им е потребен да се изведат подготовките за конкретен самоубиствен напад. Потребно е константно следење на тој процес, шансите за спречување на напад се поголеми колку порано биде таргетирано потенцијално жариште.

Времето кое што е потребно за обука на терористот самоубиец и времето кое е потребно за да се направи оперативен план за дејствување се предноста на разузнавачите. Избирањето на безбедна куќа, набавката на оружје, средства за превоз, набавка на експлозив, набавка на средства за експлозив, облека потребна за самоубиецот, контактите со лица од повисоките организациони единици се исто така моментите кои можат да бидат искористени за добивање на информации корисни за службите.

Според досегашните разузнавачки анализи, како и анализите на останатите безбедносни служби, постои една лепеза на индикатори кои укажуваат на лице кое што има намера да изврши самоубиствен напад. За да овие индикатори се препознаат навремено, потребно е будно следење и сериозен пристап не само од разузнавачите и нивните соработници, туку и од униформираните полициски службеници. Униформираните полициски службеници се тие кои во голем број од случаите можат први да забележат некој од следните индикатори:

- Најголемиот дел од терористите самоубијци, пред да го извршат нападот изгледаат нервозно, збунето, преокупирани се и занесени или пак воопшто не реагираат;
- Телото на терористите самоубијци изгледа згрчено, долниот дел на торзото делува неподвижно и нефункционално, причината е најверојатно носењето на експлозивот и стравот да не бидат откриени пред да извршат атак;
- Најчесто имаат скоро избричена глава или пак многу кратка коса која укажува на нивната индоктринација и прочистувањето кое се прави како дел од финалната фаза. Не е тешко да се приметат, очигледни се

разликите кои се појавуваат на тенот на лицето и избричениот дел од главата;

- При фазата на прочистување, терористите самоубијци се мијат со вода која е ароматизирана со тревки и цвеќе за да мирисаат подобро кога ќе стигнат во рајот, па истите вообичаено мирисаат невообичаено;
- Нивното движење е енергично, тие се движат доста брзо и пробивајќи се низ толпата луѓе имаат за цел побрзо да стигнат на местото предвидено за напад;
- На прв поглед изгледаат како да зборуваат сами со себе или како да си шепотат. Тоа всушност претставува длабоко молење, кое не престанува до завршниот чин;
- Како се доближува времето за детонација терористите почнуваат да изгледаат уплашени и вознемирени, поголемиот дел од нив почнуваат да се потат;
- Доколку на нивниот пат приметат полициски службеници или други службеници кои проверуваат багаж, тие навремено ги избегнуваат истите;
- Непосредно пред да извршат детонација, најголем дел од терористите самоубијци ги креваат рацете во воздух, како би овозможиле поголема распрскувачка моќ на експлозивот;
- За да подобро ги сокријат каблите од експлозивните направи, терористите самоубијци се движат со рацете во џеб или пак носат долги ракавици;
- Во ситуациите кога полициските службеници им командуваат, идните самоубијци не одговараат на зададените команди. Овој дел им нуди предност на напаѓачите, тие знаат дека доколку не се потврдена опасност за безбедноста на луѓето во околината или безбедноста на полицискиот службеник, тој нема да пука и ја користат таа предност. Потребно е брзо и конкретно решавање на овој проблем од страна на шефовите на националните полиции ширум светот.[112]

[112] Димовски, З., Меѓународен тероризам, Скопје, 2011, стр.151-153.

Постоењето на само еден од овие индикатори не секогаш значи дека станува збор за терорист самоубиец, но секако претставува аларм и иницијатор на активност по која веднаш треба да се постапува. Постоењето пак на повеќе од овие индикатори со сигурност укажува на постоење на лице кое е потенцијална опасност и на покренување на постапки за негово спречување за најкраток можен рок.

Како надополнување на овие индикатори, може да се споменат и дополнителни индикатори кои се однесуваат на начинот на облекување и облеката која ја користат терористите самоубијци за време на нападите. Терористите самоубијци најчесто носат значително поширока и поголема облека, со цел да го сокријат експлозивот кој го имаат на себе. Воедно, тие можат да се издадат себеси преку облека која не соодветствува на временските прилики на местото каде се извршува нападот. Доколку облеката е во нормална величина, неизбежни се необични и сомнителни испакнувања на истата. Рабовите или затегнувањата на облеката се значително невообичаени. Терористите самоубијци, многу често носат со себе торба или ранец, а нив постојано цврсто ги стегаат и држат до себе.

Значи, многу важен сегмент на кој треба особено да се посвети внимание е облекувањето на лицата. Несоодветната облека дали за дадена средина, дали за временските прилики или пак во однос на величината се голема потенцијална опасност. Надополнета со ранец, кој лицето постојано го затегнува речиси претставува непогрешлива слика за еден терорист самоубиец. Органите задолжени за безбедноста, мора будно и претпазливо да внимаваат на лицата кои се движат во нивна близина и да реагирааат и во ситуации кога има и најмали сомнежи.

Индикаторите кои беа наведени, се однесуваат на последната фаза, фазата за време на која настапува и се извршува самиот напад. Многу малку време им останува на безбедносните служби да успешно реагираат кога ќе заприметат некој од овие индикатори. Поголеми шанси за спречување, а воедно и повеќе време за антитерористичките служби оставаат индикаторите кои укажуваат на подготовка на самоубиствен напад. Овие индиктори исклучиво можат да се добијат како резултат на разузнавачко работење. Како такви индикатори вреди да се споменат:

- Во рамките на своето друштво, семејство, кругот на луѓе што го опкружуваат почнува да зборува за маченииштво и идејата тој да стане мачениk;

- Краток период пред да биде извршен последниот чин, најчесто ден или два пред него, терористот самоубиец составува самоубиствена белешка или пак видео материјал преку кој истиот се простува од своето семејство;
- Терористите самоубијци кратко пред нападот, составуваат тестамент во кој посочуваат на кого ќе му припадне имотот по неговата смрт;
- Купувањето на сомнителни парчиња облека (палто со невообичаени рабови или затегнувања, облека со енормна големина, облека која не одговара на соодветната клима), етерични масла, хемикалии... укажува на подготвителна активност за извршување напад;
- Чуден мирис на хемикалии, изгореници на телото и облеката, дамки и флеки на облеката укажуваат на тоа дека лицето работи на подготовка на експлозивен материјал;
- Лицето почнува да се изолира од општеството, од својата возрасна група или пак од луѓето кои дотогаш го опкружувале и се повлекува во изолација;
- Купува или изнајмува литература со радикална содржина или содржината е од одбласта на подготовка на експлозивни материјали;
- Користи интернет, преписки на интернет и членува во социјални мрежи чија содржина е радикален ислам и поттикнување на тероризам;
- Забележителна е промена во начинот на облекување, личниот изглед, местата каде што патува и зоните кои ги одбира за престој;
- Има значителна промена во начинот на кој го практикува своето верување;
- Учествува во затворени состаноци и бара или има контакт со лидери на радикални групи;
- Поседува голема количина на попаганден материјал, брошури, книги, списанија и сл.
- Почнува да користи псевдоним или пак извршува промена на своето име, првенствено на социјалните мрежи а подоцна и во официјалните документи.

Откривањето на овие индикатори овозможува навремена подготовка, изготвување на план и постапување, како би се спречил извесен иден самоубиствен напад. За да се дојде до овие информации потребно е искористување на целата расположлива мрежа на соработници која ја имаат разузнавачките агенции.

#### 4.2.4. Придонеси и функции на разузнавањето

Контратерористичката улога што разузнавањето треба да ја постигне или се очекува да ја постигне на полето на борба со самоубистveниот тероризам е да успее да ги открие деталите на самоубиствените заговори, така што тие да не можат да бидат изведени или пак да се постигне дислоцирање на истите, да се зголеми безбедноста, да се направи поместување на одредени настани и случувања. Разузнавачките агенции имаат одговорност да ги известат своите потрошувачи, т.е. нарачателите на информации за секоја корисна информација со која располагаат, и да истите тие авторитети ги насочат во правец на обезбедување на информации и за она што е за нив непознато.

Најголемиот бенефит на полето на контратероризам кој го постигнува разузнавањето е собирањето на информации за индивидуални терористи, терористички лидери, терористички ќелии и терористички групи, кои се користат за да се уништат истите. Собраните информации можат да бидат конкретни (имиња, адреси, телефонски броеви итн.), а да не ни откриваат конкретен настан. Терористите се многу претпазливи за нивните терористички напади, но сепак и тие не дејствуваат презаштитено или непогрешливо. И тие имаат идентитети (најчесто и многубројни), и тие се движат, комуницираат, вршат средби. Постојат голем број на информации кои можат за нив да се соберат. Иако делумни и нецелосни, со нив може да се обезбедат докази за локации, активности и намери на осомничени терористи или на терористички организации во целост. Доколку се располага со доволен број на такви информации кои би имале вредност на докази, потенцијалниот терорист самоубиец може да се уапси, испрашува, да биде кривично гонет и депортиран.[113]

Со овие дејствија ќелиите можат да бидат раскинати, а нивните членови оставени да се прашуваат што секој од нив кажал на властите. Секој антитерористички инструмент е корисен, но најпродуктивен е овој, нарушувањето на терористичката инфраструктура со методот на ќелија со челија или терорист со терорист.

[113] Кронин, О., К., Лудс,Џ.,М., Напад на тероризмот,Скопје, Нампрес,2009,стр.117.

Нарушувањето на функционирањето на една организација, може да посее сомневање и недоверба во терористичката организација на која припаѓа а е далеку од ќелијата. Така со уништувањето на една ќелија и конфискацијата на материјалите што се сретнуваат кај нејзе доаѓа до индиректно добивање на информации и за други ќелии, други терористи и корисни информации за нив. Аналогно со тоа доаѓа и до уништување на други ќелии, кои во одредени ситуации можат да бидат и во други далечни земји. Уништувањето на терористичките ќелии се еден од најголемите успеси кои ги нуди разузнавањето како дел од борбата со самоубиствениот тероризам.[114]

Вториот битен придонес, од многуте различни типови на придонеси кои ги нуди разузнавањето се придонесите, предупредувањата и оценувањата на самоубиствените терористички закани во извесен временски период и точно утврдена локација. Овие информации се пред се податоци за присуство на терористички групи и очекувани напади од страна на тие групи т.е. ќелии на даденото подрачја.

Исто така, на планот на поставување на генерална стратегија во борбата со самоубиствениот тероризам, разузнавачката анализа преминува во задача за едуцирање на корисниците на разузнавачките производи за глобалните трендови и модели на дејствување на терористите самоубијци низ светот.

Значи, од постоечките програми, информации и анализи за досега случените терористички самоубиствени напади, потребно е да се изработи солиден материјал, брошури, учебници и правилници за борбата со оваа појава. Разузнавачката заедница има многу важна улога во она што може да се научи за терористичките активности, планови, намери, начини на дејствување, а со самото тоа да издејствува да се случат помалку самоубиствени напади и помалку изгубени животи.

Сепак тероризмот, а особено неговиот подвид самоубиствениот тероризам претставува феномен кој е радикално различен и многу потежок предмет за работа од повеќето други теми кои разузнавачката заедница треба да ги осознае. Потребата да се откријат активностите не само на поединци групи или држави, туку и потенцијалните терористи ги прави одговорите, многу понеодредени за разлика од одговорите на други безбедносни теми. Секако, кај контратерористичкото разузнавање, постојат ограничувања кои се трајни и неискоренливи, тие се нераскинливо врзани за предметот и начинот на кој дејствуваат терористите. Колку и да се трудат, колку извори на информации да имаат и колку напор и да вложуваат разузнавачките агенции, колку сјај

[114] Ибид.,стр.118.

и да имаат релевантните разузнавачки операции и колку агресивно и да е поставена разузнавачката заедница, некој дел од активностите на терористичките организации ќе остане практично непознат. Некои терористички самоубиствени сценарија ќе поминат неоткриени, а некои напади, вклучително и големи ќе се случат.

Значи, потребно е фокусирање на вниманието на одредени области, истовремено и отфрлање на погрешните концепции со што ќе се овозможи посветување повеќе време на поважните области за дејствување. Најважно при користењето на разузнавањето е да се стекне реална проценка за тоа што може а што не да се постигне на полето на самоубиствениот тероризам. Мора да се разбере и да и се посвети внимание на секоја најмала шанса за дејствување, да се остане критичен и објективен во работењето со информациите за секоја следна терористичка закана. И секако, задолжително е да се разбере големата улога која разузнавањето ја има во борбата со самоубиствениот тероризам.[115]

## ГЛАВА 5

### 5.5.1. Финансиски дејства против самоубиствениот тероризам во македонското законодавство

[115] Ибид., стр.137

Република С. Македонија не е членка на ФАТФ, но се труди да го држи чекорот со земјите членки на групата и да ги спроведува препораките кои групата ги налага. Нашата држава има исполнето поголем дел од мерките кои се пропишани во 49-те препораките на ФАТФ и се труди истите да ги исполни во целост.

Како дел од препораките во 2014 година, донесен е Закон за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам, кој влезе во сила на 11 септември 2014 година[116], а согласно со членот 34-а од овој закон е формиран и „Совет за борба против перење пари и финансирање на тероризам". Советот е составен од претставници на Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за финансии, Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Управата за финансиска полиција, Царинска управа, Народна банка на Република С. Македонија, Управа за јавни приходи, Комисија за хартии од вредност, Агенција за супервизија на осигурување, Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, Агенција за пошти, Адвокатска комора и Нотарска комора.

Советот има за цел да ја координира реализацијата на активностите планирани со Националната стратегија, да ја унапредува функционалноста на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и да предлага активности за зголемување на неговата ефикасност и да ја следи реализацијата на заклучоците усвоени од Владата кои се однесуваат на унапредување на политиката за борба против перењето пари и финансирањето на тероризам. Советот, вообичаено се состанува квартално и за своето работење подготвува квартални извештаи, а еднаш годишно доставува извештај и до Владата.[117]

Со измените и дополнувањата на Кривичниот Законик на Република Македонија направени во 2008 година, а во согласност со ФАТФ препораките извршена е инкриминација на финансирањето на тероризмот во членот 394-в именуван како финансирање тероризам.[118] Членот 394-в, гласи:

„(1) Тој што на боло кој начин директно или индиректно дава, обезбедува или собира пари или друг имот, со намера тие да бидат употребени или со знаење дека ќе бидат искористени целосно или делумно заради извршување на кривично дело грабнување на воздухоплов или брод (член 302), загрозување на безбедноста на

[116] Службен весник на Република Македонија-130/2014
[117] www.ufr.gov.mk
[118] Службен весник на Република Македонија, бр.55 од 16.04.2013

воздушниот сообраќај (член 303), терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста (член 313), терористичка организација (член 394-а), тероризам (член 394-б), злосторство против човечноста (член 403-а), меѓународен тероризам (член 419), земање на заложници (член 421) или друго дело на тероризам предвидено со овој закон или друго дејствие сторено со намера да предизвика смрт или тешка телесна повреда на граѓаните или на други лица кои не се вклучени во судир кој има карактер на вооружен судир според меѓународното право со намера да создаде чувство на несигурност или страв кај граѓаните или да се присили државата или некоја меѓународна организација да изврши или да се воздржи од извршување на определени дејствија, ќе се казни со казна затвор од најмалку 8 години.

(2) Тој што на било кој начин директно или индиректно дава, обезбедува или собира пари или друг имот со намератие да бидат употребени за подготвување на делото од став (1) на овој член или на било кој начин обезбедува или собира пари или друг имот свесно со намера тие да бидат употребени или со знаење дека ќе бидат делумно или целосно искористени од страна на терорист или терористичка организација, ќе се казни со казна затвор од најмалку четири години.

(3) Тој што јавно повикува, со ширење или сторување на кој било друг начин достапна на јавноста порака со намера за поттикнување на извршување на некое од дејствијата предвидени во овој член, кога самото повикување создава опасност од извршување на таквото дејствие, ќе се казни со казна затвор од најмалку 3 години.

(4) Со казната од став (3) на овој член, ќе се казни и тој што ќе се договори со друго лице за извршување на дело од овој член или ќе повика друг да се приклучи кон здружение или група со намера за извршување на дело од овој член.

(5) Тој што ќе создаде група или банда што има за цел извршување на кривично дело од овој член, ќе се казни со затвор од најмалку 5 години.

(6) Припадникот на групата или бандата од ставот (5) на овој член, ќе се казни со казна затвор од најмалку 5 години.

(7) Припадникот на групата или бандата, кој ќе ја открие групата, односно бандата пред да стори некое кривично дело во нејзин состав или за неа, може да се ослободи од казната.

(8) Службено лице, одговорно лице во банка или друга финансиска институција или лице кое врши работи од јавен интерес кое според закон е овластен за преземање на мерки и дејствија за спречување на финансирање на тероризам, што свесно ќе

пропушти да ги преземе со закон предвидените мерки и со тоа ќе овозможи извршување на дело од овој член, ќе се казни со казна затвор од најмалку 2 години.

(9) Со казната од став (8) на овој член ќе се казни службено лице или одговорно лице кое неовластено ќе открие на клиент ии на неповикано лице податоци што се однесуваат на постапката на испитување на сомнителни трансакции или на примена на други мерки и дејствија за спречување на финансирање на тероризмот.

(10) Тој што делата од ставовите (8) и (9) на овој член ќе ги стори, иако не бил свесен за можноста од настанување на штетна последица, а според околностите и според своите лични својства бил должен и можел да биде свесен за таа можност ќе се казни со затвор најмалку 3 години.

(11) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна и престанок на правното лице.

(12) Парите и имотот наменети за подготвување и извршување на делата од овој член ќе се одземат.“[119]

Во овој член убаво се објаснети сите ситуации во кои физичките и правните лица можат да бидат санкционирани за финансирање на тероризам, како и својството во кои истите тие можат да бидат казнети. Конфискацијата на стекнатите средства од ова кривично дело е задолжителна, така што не се остава можноста никој да изврши профит кој што не е легален, или пак неговата намена не била легална.

Огромни се средствата кои се заработуваат во организираниот криминал и во криминалот поврзан со финансирање на тероризам, па оттука логично е дека меѓу првите одговори кои е потребно да се направат против тероризмот е спречувањето на финансирањето и одземањето на средствата кои се наменети или потекнуваат од тероризам. Средставата можат да бидат во пари и во стока, материјални или нематеријални, подвижни или пак неподвижни, какви и да се тие подлежат под замрзнување и конфискација.

Замрзнувањето како термин е опфатено во конвенцијата од Палермо и значи времено забранување на трансфер или движење на имот и во оваа смисла конфискувањето е финална мерка изречена од суд, а лицето се лишува од неговиот севкупен имот. Оваа конвенција дава можност за конфискација и запленување на добивките, без да даде препораки како тоа да се стори, таа можност им ја остава на

[119] Закон за изменување и дополнување на кривичниот законик, Службен весник на РМ, бр.55 од 16.04.2013 година

земјите потписнички. И во конвенцијата за перење пари од 1990 година е предвидена мерката конфискација на добивките од нелегалниот бизнис.[120]

Во Кривичниот законик на Република Македонија објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.37/96 и Законот за изменување на Кривичниот законик објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/99, во глава VII (членови 97,98,99,100 и 100-а) предвидено е запленување на имотна корист прибавена со кривично дело, а со посебни одредби е пропишана основата за пленување, начинот на пленување, заштита на оштетените и пленување од правно лице.

Според Кривичниот законик и неговиот член 97, никој не може да ја задржи непосредната или посредната имотна корист прибавена со кривично дело, а конфискацијта ќе се утврди со судска одлука . Доколку е утврдено со меѓународен ратификуван договор имотот кој е конфискуван може да се врати на странска држава.

Предмет на конфискација според членот 98 е имотната корист прибавена со кривично дело што се состои во пари, подвижни или неподвижни предмети од вредност, како и секоја друга сопственст, имот или актива, материјални или нематеријални права. Во случаите кога нивната конфискација не е можна, на сторителот ќе му се конфискува друг имот кој одговара на прибавената имотна корист. Конфискацијата се врши и од трети лица на кои истата е пренесена, ако не знаеле, а можеле или биле должни да знаат дека е прибавена со кривично дело.Доколку станува збор за артефакти или други предмети од културно наследство или природни реткости истите се одземаат независно од тоа што третите лица не знаеле или не можеле ниту биле должни да знаат дека се прибавени со кривично дело, па дури и да третите лица платиле одредена надомест за нив. Конфисканувaниот имот се враќа на оштетеното лица, а доколку нема такво останува во сопственост на државата.[121]

Со цел да можат отворено и подобро да се следат сомнителните трансакции, во 2002 година е донесен Закон за изменување и дополнување на законот за банките („Службен весник на РМ“ бр.37/2002). Во членот 84, став (1) се предвидува, „податоците за штедните влогови и за сите депозити во банката на правните и физичките лица, како и податоците за работење на физичките лица преку жиро-сметки и работење на правните лица преку жиро-сметки се деловна тајна на банката“.

Меѓутоа во ставот (2) од овој член е предвидено дека, „податоците од став (1) на овој член можат да се соопштат во следниве случаи:

[120] Димовски,З., Меѓународен тероризам, Скопје, 2011, стр.215.
[121] Законот за изменување и допонување на Кривичниот законик, Службен весник на РМ-бр.19/2004

- ако комитентот дал писмена согласност за откривање на податоците;
- на писмено барање или налог на надлежен суд;
- по писмено барање на Народна банка за потребите на супервизијата или на друг орган овластен со закон и
- ако податоците се соопштуваат на Дирекцијата за спречување на перење на пари, во согласност со закон.“

Според Законот за банки („Службен весник на РМ“ бр.63/2000) и Законот за изменување и дополнување на законот за банки, отворена е можноста за проверување на сомнителни сметки и сомнителни трансакции. Следењето на овие сметки може да ги одведе органите на гонење до различни видови на криминал, вклучително и тероризам и финансирање на тероризам, како и неговиот подвид кој е цел на интерес во овој труд.

## ГЛАВА 6

## ЗАШТИТА ОД ТЕРОРИСТИЧКИ НАПАДИ

**1. Безбедносен оперативен план**

Во однос на активностите за безбедносна заштита, се подготвуваат безбедносни планови или планови за обезбедување[122]. Секој вид обезбедување има свои особености на кои треба да се посвети посебно внимание, покрај заедничките карактеристики во примената на соодветните мерки дефинирани со безбедносниот оперативен план[123]. Тој е клучен документ во процесот на подготвување и спроведување на сите активности поврзани со обезбедувањето. Ваков документ се составува за сите места кои редовно се користат и континуирано се анализираат и дополнуваат. Сите договорени мерки утврдени со планот се спроведуваат совесно, одговорно и дисциплинирано, без разлика дали станува збор за индивидуални или заеднички активности (кои вклучуваат одредена координација и синхронизација).

Под план за обезбедување се подразбира проценка на безбедносната ситуација за загрозеноста на обезбедуваниот објект, односно личноста и мерките на обезбедување кои се сработуваат и преземаат.

Пред да се започне со процесот на обезбедување на лицето и објектот, мора да се направи реална проценка на податоци за појави и настани поврзани со нивната безбедност. Преку следењето на носителите на загрозувања, нивното влијание, сила и средства кои ги употребуваат, треба да се креираат и да се преземаат мерки за да се елиминираат или да се отстранат околностите во кои се создадени.

Врз основа на набљудувањето и сознанијата од безбедносната претходница, најпрво, се утврдуваат веќе постоечките носители на загрозување на животот, здравјето и делувањето на лицата, а потоа во зависност од работата со која се занимава, политичките ставови и другите карактеристични податоци, се проценува кои форми на загрозувања на безбедноста и нивните носачи би можеле да се појават во иднина.

Во рамките на превентивната дејност влегува и безбедносната проценка на степенот на ранливост на заштитеното лице и објектот и, врз основа на таа проценка и

---

[122] Белић, М., Васић, М., Историјско-правни аспект послова обезбеђење одређених личности и објеката, Безбедност, часопис Министарства унутрашњих послова Републике Србије, Београд, 1-2/2009, стр. 114 и Павловић, Н., Модели праћења и процењивање безбедносне ситуације у функцији обезбеђења и заштите одређене личности, специјалистички рад, Криминалистичко-полицијска академија, Београд, 2013, стр. 19

[123] Jakić, M., Preventivna delatnost u zaštiti lica, 18.01.2012, from http://vipprotection-miloradjakic.blogspot.com/2012/01/

нивото на ранливост, доаѓа до изработка или модификација на постоечкиот безбедносен план.

Безбедносната проценка се определува во форма на пишан документ и е составен дел на планот за обезбедување и ја покажува моменталната безбедносна состојба, предвидување за идните настани и ги прецизира задачите со кои треба да се елиминираат причините, методите на спротивставување, односно превенција со цел да не дојде до загрозување на безбедноста на лицето и објектот.

Безбедносниот план за заштита е сеопфатен и концизен документ кој овозможува и поддржува дистрибуција на информации до сите ангажирани работници за приватно обезбедување.

Информациите содржани во безбедносниот план за заштита се основа за оперативниот план, со кој треба да се намали или да се елиминира опасноста или да се спротивстави на предвидените ризици и да обезбеди упатства за работниците за приватно обезбедување во случај на инцидент.

Видови планови:

- Постојан план;
- Привремен план.

Секој план е различен врз основа на специфичните барања на одредено место. Поради таа причина, планот треба да биде и да остане флексибилен, бидејќи во, речиси, сите случаи може да се случи нешто дополнително и во тој случај одредени мерки и активности ќе треба да се менуваат. Целите на стратешкото планирање се однесуваат на зачувување на безбедноста на заштитеното лице и објектот, а заради подобра превенција се прават планови кои се конкретни.

При изработката на планот за обезбедување секогаш мора да се води сметка дека постојат главни и резервни планови. Планот секогаш треба да е максималистички, односно обезбедувањето да се планира со, колку што е можно, посилни мерки. Во суштина, се тргнува од планот за максимална безбедност, па потоа се коригира во зависност од: материјалните можности, постоечките потреби, слободата на приватниот живот на клиентот, одвивањето на неговите редовни активности, но никогаш не се прилагодува до степен до кој тоа драстично би ја загрозила безбедноста на лицето и објектот.

Планот мора да биде реално остварлив и по можност да е што поедноставен.

Безбедносниот план треба да биде информативен, интегриран и повеќеслоен.[124]

Бизнис компаниите не можат да ги отстранат сите закани со кои можат да се соочат, па затоа треба да имаат план за да ги заштитат своите најценети средства и предвреме да го планираат и да го имаат подготвено нивниот одговор на поголеми инциденти и нарушувања на нивната безбедност и сигурно функционирање.

Безбедносното планирање не смее да се развива на произволен или ад-хок начин, ниту да се развива единствено од претходните грешки и пропусти. За да биде ефективен, безбедносниот план мора да биде изграден врз основа на информации за скоро секој аспект од работното делување во сегашноста, но и во иднината. Мора да биде целосно интегриран со секојдневните операции, синџирите на снабдување и рутините. Тој треба да биде „повеќеслоен“ - каде секоја мерка е засилена од следната.

Структурата и концептот на планот се разликуваат од една до друга организација, но секој план треба генерално да се состои од следниве компоненти:

- Информации: проценка на деловната активност и околината во која се работи - заканите, ризиците, опасностите, ранливостите, најценетите и најкритичните средства.
- Заштитна безбедност: мерки што штитат од идентификувани закани и ранливости.
- Планирање одговор: начинот на кој организацијата ќе реагира во случај на нарушување.
- Безбедносна култура: градење безбедносна свест низ целата организација.




Слика бр. 1. Структура на планот

[124] Centre for the Protection of National Infrastructure, Protecting against terrorism, third edition, 2010, p. 5-6

Големите, мулти-секторски организации може да креираат одделни планови за секоја локација за да ги рефлектираат локалните структури и активности, покрај сеопфатниот план, кој предвидува вообичаени активности и меѓузависности.

Безбедносниот план треба да биде работен документ каде секој аспект постојано се ревидира и ажурира како одговор на организациските промени. За секој план да биде во чекор со предизвиците кои произлегуваат, тој мора да биде официјално во сопственост на член на персоналот кој може да ја преземе одговорноста за надзор над аранжманите и кој има овластување да координира акции.

Во поголемите организации, ваква улога може да му биде доделена на член на персоналот кој е дел од менаџментот на организацијата или кој директно е одговорен пред менаџментот, со поддршка на специјализиран тим. Во помалите организации тоа треба да биде некој со сличен статус и разбирање на бизнисот.

Кој и да управува со планот, ќе треба да биде заинтересиран скоро за секој аспект на бизнисот.

Без оглед на големината на организацијата, клучно е планот да има целосна поддршка од високиот менаџмент и тоа да се комуницира во текот на целиот бизнис, особено кога одредени членови на персоналот носат делегирани одговорности. Во случај на инцидент, надлежноста на одговорните за координирање на одговорот мора да биде јасно разбрана од сите вработени.

Размената на совети и информации е важен дел од сите безбедносни планови. Мислењата на високиот менаџмент и вработените во целата организација се од суштинско значење. Но, исто толку значајни се и придонесите од оние кои се надвор од бизнисот, како што се службите за итни случаи, соседните бизниси и специјалистичките експерти (структурно инженерство, информатичка технологија и сл.).

Безбедносниот план содржи некои од најчувствителните информации што се достапни за бизнисот и затоа е важно да биде јасно кој има целосен пристап и како се дистрибуира.

### 1.1. Идентификување закани

Некои деловни активности се „изложени на поголем ризик“ од другите заради услугите што ги пружаат, нивниот релативно висок процент или бројот на луѓе на кои им се доделени. Организациите треба да го знаат опсегот на закани со кои се соочуваат

– и директните, каде што бизнисот е цел, и индиректните, од релативно слабите, до катастрофалните закани.

Организациите треба постојано да проверуваат што е поврзано со нивното работење или пак кои се околностите што можат да го подложат персоналот или клучните средства директно под влијание од закани. На пример:

- Каква е природата на деловното работење или услугите што ги нуди?
- Дали има нешто на самото место што може да претставува важна цел, на пр. материјали, машини, средства, податоци, планови, техничка експертиза?
- Дали бизнисот е поврзан со високо професионална личност или со спорна област на работа?
- Дали организацијата одржува видливо високи стандарди за безбедност?

Накратко, колку е веројатно дека организацијата/компанијата, или персоналот, би можеле да биде директна цел на претходно планиран напад?

Исто така, можеби постојат и индиректни влијанија што се резултат од напад на друго место – каде самата организација не била цел, туку се соочила со последиците.

На пример, дали деловните простории се наоѓаат во близина на некоја поважна зграда со висок ризик? Ако е така, како би влијаело врз работењето доколку не може да се пристапи до целата површина за неколку дена? Дали персоналот ќе може да патува доколку локалната транспортна мрежа е сериозно нарушена? Дали информатичко-технолошките мрежи можат да реагираат на ненадејната појава на нов вирус или ранливост? Може ли некој инцидент во друг град или друга земја да предизвика значителни проблеми за снабдувачите, клиентите или врз испораката на основните материјали?

Другите социјални фактори исто така можат да ги зголемат заканите по организациите. Дали загриженоста за безбедноста на работното место го зголемува ризикот вработените да крадат или продаваат/оддаваат информации?

### 1.2. Ранливости

Кои области на организацијата/компанијата треба да бидат приоритет за заштита?[i]

Кога се одлучува што треба да се заштити, следниве категории мора да се имаат предвид:

- луѓе - персонал, посетители, изведувачи, клиенти,
- физички средства - згради, содржини, опрема и чувствителни материјали,
- информации - ИТ системи, системи за онлајн трансакции, електронски и хартиени податоци,
- процеси - синџири на снабдување, критични процедури, циклус на производство.

Потоа, на организациите им е потребен јасен консензус за оние средства што тие ги сметаат за вредни и за оние што ги сметаат за суштински.

Највредни средства во организацијата се:

1. Оние средства што организацијата има обврска да ги заштити - персоналот, клиентските услуги, системите за производство и сл.

2. Средства со висока вредност за кои се потребни дополнителни или специфични безбедносни инвестиции.

3. Единствени средства кои, иако не мора да имаат висока монетарна вредност, би било тешко да се заменат.

Некои приоритети ќе бидат очигледни со веќе воспоставените планови и одредби. Но, би било погрешно да се претпоставува дека сѐ е идентификувано и соодветно обезбедено. Како и со заканите, вредностите можат да се променат со тоа што некои средства продолжуваат да бидат вредни за заштитата што им се дава, додека други, во смисла на безбедносни ресурси, можеби се потценети.

Највредните средства не мора да бидат најсуштински.

Најсуштински се оние средства - опрема, информациски системи, транспорт и сл., кои се од витално значење за секојдневното работење на деловните активности кои, доколку се изгубат или компромитираат, би можеле да имаат големи импликации за другите функционални делови на бизнисот.

Задачата за идентификација на средствата кои се најважни не треба да се заврши само преку дискусии меѓу раководството. Персоналот во целата организација треба да биде консултиран за тоа како привременото губење на нивниот оддел и услуги ќе влијаат на деловното функционирање. Иако целиот персонал ќе придонесе за нормално работење, не сите ќе бидат од суштинско значење за реализација на основните услуги.

Покрај заштитата на клучните средства, исто така, треба да се утврди каде треба да се подобрат постојните безбедносни мерки. Ова вклучува искрена проценка за тоа

како се извршуваат тековните безбедносни мерки и дали тие остануваат соодветни или оставаат одредени деловни области на негативна изложеност. Поставените безбедносни мерки сеуште може да им одговараат на нивните спецификации, но едноставно да се надминати од организацијата. Некои од прашањата кои се значајни и кои треба да ги постават организациите се:

- Дали постојат нови методи или технологии кои ќе ја подобрат постојната безбедност?
- Дали постојната безбедност е соодветна за каква било планирана деловна експанзија?
- Дали вработените одговорно ги користат мобилните уреди?
- Дали во сите области на организацијата се преземаат целосни проверки пред вработување?
- Дали има зголемена стапка на обрт на персоналот - се очекува ли да се зголеми?
- Дали персоналот би можел да преземе вредни податоци надвор од организацијата, без одобрение?

Планирањето на безбедноста зависи од чесните проценки. Минатите неуспеси не треба да се тргаат на страна. Треба да се знае дали постоеле претходни нарушувања на безбедноста или евентуални „промашени“ нарушувања? Дали ова открива потенцијални прилики кога безбедносните и деловните процедури не функционирале, но притоа ништо не било направено за тоа?

Може да има и други причини зошто организацијата, или дел од неа, е ранлива, па групите или поединците би можеле да ги искористат. На пример:

- Дали интернет-страницата на организацијата дава премногу детали за функционирањето и работењето?
- Дали постои нешто кое ги открива инсталациите или услугите кои се витални за континуирано работење?
- Дали постои соодветно раздвојување на јавните површини и оперативните области?
- Дали услугите од надвор се во безбедни раце - кои се нивните безбедносни стандарди?
- Дали областите за испорака на стоки се изложени на одредени опасности?
- Дали постои соодветна контрола на тоа кој влегува?

- Дали безбедносните процедури за влез бараат да се вратат картичките за пристап и да се затворат корисничките сметки кога ќе заминат вработените?
- Дали некои надворешни субјекти уживаат привилегиран пристап до имотот или информациите во организацијата?

### 1.3. Безбедносна проценка на ризик

Одлуките за безбедноста треба да ги земат предвид заканите, ранливостите и потенцијалните влијанија. Не е практично да се посвети многу внимание за целосно да се заштити секој аспект од организацијата цело време. Наместо тоа, важни одлуки за заштитните мерки или измени во постапката треба да се донесат само по целосна проценка на ризикот. Ова вклучува стратешка анализа на заканите, ранливостите и потенцијалните последици врз организацијата со цел да се идентификуваат најважните ризици на кои треба да се фокусираат ресурсите.

Проценката на закана не треба да се ограничува само на информациите добиени исклучиво од внатрешните ресурси. Исто така, подеднакво треба да се искористат надворешните извори на информации.

Потребно е да се направат консултации со соседните деловни субјекти и трговските здруженија за да се одредат најголемите ризици за локалната економија. Треба да се побараат детали за безбедносните стандарди што ги применуваат клучните добавувачи на организацијата. Потребно е да се оствари и контакт со локалната власт за какви било планови за вонредни состојби и други релевантни информации за деловните активности од областа.

Процесот на проценка на ризикот вклучува логички претпоставки за веројатноста од постоење на закана и нејзиното потенцијално влијание доколку актуелните безбедносни мерки не успеат да ја заштитат.

Иако не е возможно да се предвидат сите можни закани по бизнисот, преку работење со низа потенцијални сценарија и последици, станува возможно да се донесат релевантни ставови за приоритетите на организацијата.

Областите во ризик можат да бидат утврдени по неколку критериуми: население, пристапност, критичност (кон секојдневниот живот), економско влијание и симболична вредност. Идентификацијата на таквите ранливи области треба да биде координирана со државните безбедносни служби.

Постојат различни начини за да се спроведе проценка на ризикот и секоја организација треба да користи своја методологија како што е соодветно, но процесот најверојатно треба да се заснова на следниве принципи:

1. Идентификување на своите клучни средства.

Првиот чекор за организацијата е да ги користи информациите собрани во проценката на заканите за да ги идентификува можните ризици со кои се соочува, почнувајќи од катастрофалните до релативно ситните:

- Бомба во или во близина на влезот од главната зграда.
- Сомнителен пакет добиен преку пошта.
- Вработен кој го користи својот пристап за издавање и продажба на конкретни доверливи информации.
- Вирус внесен во главниот информатички систем.
- Вработен дискретно префрлува мали средства на неовластена сметка.

2. Составување едноставен показател за да се означи потенцијалното влијание на секој инцидент.

Ваквиот показател треба да се темели на претпоставка последиците, односно за тоа како одреден настан ќе влијае на деловната активност (на пр. дали тоа може да предизвика повреди и жртви, влијание врз продуктивноста, оштетување на угледот и довербата на клиентот итн).

Треба да се користи соодветна скала за организацијата, на пр. од резултат „5“ за најлош можен исход - скоро е сигурно дека животите ќе бидат изгубени или зградите уништени - до резултат „1“ ако е веројатно дека инцидентот може лесно да се исконтролира или да се обнови штетата со малку трошоци и без публицитет.

3. За секое сценарио да се стави втор показател што претставува веројатност инцидентот да се случи на одредената локација.

Треба да се разгледа зошто и како може да се случи и како може да се реализираат постојните безбедносни мерки.

Треба да се примени сличен конзистентен систем на бодување со тој погоре, како што е „1” („исклучително неверојатно“) до „5” („сигурно“). На пример, веројатноста за појава на ситни кражби може да достигне „5”, но шансите да се открие експлозивна направа во зградата може да достигне „1”.

Кога двете оценки за секое сценарио се споредуваат во однос на другите сценарија, започнуваат да се откриваат заканите на кои треба да се фокусира

организацијата. Може да помогне ако се исцртаат точките на 5x5 матрица користејќи влијание и веројатност како оски. Најдобрата практика препорачува да се погледнат резултатите самостојно, за секое сценарио посебно - без да се множат меѓу себе, бидејќи тоа може да ги замагли резултатите (на пр. ситната кражба може да ги носи истите 5x1 поени како и постоењето на бомба 1x5).

Овие резултати се само индикативни и евентуалните претходно планирани активности сè уште може да опфатат повеќе од потенцијалната веројатност или влијание, но овој процес треба да помогне во фокусирањето изнаоѓање конкретни решенија. Оваа вежба треба редовно да се прегледува за да може да се земат предвид сите промени во заканата и ранливоста.

Без оглед кој метод се користи за да се спроведе проценка на ризикот, тоа може да помогне да се категоризираат заканите во „апетит за ризик“, на пример:

- Заштита: области каде што се неопходни промени или подобрувања во тековните мерки, или преку нова опрема или преку процедури.
- Адаптација: ризици што може да се намалат преку оперативни промени, на пр. аутсорсинг, промена на рутини и сл.
- Прифаќање: ризиците се оценети како минимални кога трошоците за ублажување/промена ја надминуваат тежината.
- Непредвидливост: ризици за кои ќе бидат потребни планови за да се обезбеди алтернатива или резерви - особено средства што се сметаат суштински за работењето.

Од оваа гледна точка, организацијата треба да ги разгледа заштитните мерки што можат да ги заштитат нејзините интереси и плановите за одговор за да се осигура дека при појава на какви било инциденти безбедносниот персонал ефикасно ќе се справи.

## 2. Заштитна безбедност

Мерките за физичка, информациона и кадровска безбедност треба да се надополнуваат и поддржуваат едни со други.

Најефективниот безбедносен одговор треба да вклучува комбинација на физички, информациона и мерки за безбедност на персоналот. Заедно, тие се однесуваат на обезбедување на бизнисот, компанијата и органзиацијата преку микс на

одвраќање и откривање, или помагајќи да се минимизираат последиците од каков било напад.

Но, сите организации се различни - како и местата и локациите на кои тие се поставени - па така соодветниот микс на мерки ќе зависи од природата на безбедносната проценка врз основа на заканите и ранливостите на секоја локација.

***Физичка безбедност***

Физичката безбедност[ii] ги опфаќа различните инсталации, мерки и контроли кои штитат од вистински физички напад. На пример:

- Откривање на натрапникот и аларми.
- Системи за контрола на пристап.
- Чуварски места – портирница.
- Безбедносни бариери за возила.
- Заштита од експлозија.

***Информациона безбедност***

Мерките за безбедност на информации имаат за цел да ги заштитат податоците на организацијата и нивните различни форми на складирање и дистрибуција. Ова вклучува заштита на информатичко-технолошките системи од електронски напад, како и мерки за обезбедување на информации зачувани на мобилни уреди или хартија:

- Мерки за контрола на пристапот до мрежата.
- Откривање и спречување на електронски напади на упад.
- Мерки за идентификација и автентикација (на пр. корисничко име/лозинка).

***Безбедност на персоналот***

Безбедноста на персоналот укажува на управување со ризикот од персоналот или изведувачите кои го користат нивниот легитимен пристап до организацијата за неовластени цели:

- Проверка на идентитет и скрининг пред вработување.
- Постапки за проценка на ризик.
- Тековни безбедносни мерки.

Нема никаква вредност во насочувањето на сите ресурси кон само еден аспект на безбедноста - широкиот систем за контрола на пристап ќе има мала корист доколку при процесот на регрутирање не се следи на кого му се дава легитимен пристап.

Наместо тоа, безбедноста треба да се развие како „повеќеслоен“ принцип, каде што секој слој го поддржува следниот и сите заедно работат беспрекорно.

Безбедносните мерки можат да бидат интензивни во однос на ресурсите, скапи и доколку не се управуваат внимателно, можат да ги нарушат рутините и да ги оттуѓат членовите на персоналот. Ова е причината зошто е потребно внимателно размислување и планирање при изборот на вистинскиот одговор и зошто треба да се побара стручен совет.

Како генерален водич, следниве принципи треба да бидат клучни за сите одлуки:

1. Не е можно да се заштити сè, па така треба да се даде приоритет на областите за заштита.
2. Мерките треба да бидат сразмерни со заканата.
3. Не дозволувајте цената да ја надмине вредноста на средството што е заштитено.
4. Безбедноста е поекономична кога е вклучена во напредното планирање.

Воведувањето на некои мерки може да се направи поекономично преку внимателно планирање. На пример, нов систем за контрола на пристап или инсталација на армирано застаклување треба да бидат вклучени уште на почетокот во сите планови за градежни работи или реновирање. Слично на тоа, вклучувањето на соодветна безбедност треба да биде клучен фактор во развојот на сите нови информатичко-технолошки системи.

Во одредени ситуации - згради во кои се сместени повеќе компании, трговски центри или деловни паркови, на пример - можно е да се договорат аранжмани за комунална безбедност, како што се системите за видео-надзор или надворешно осветлување и уредување на земјиштето.

Преку факторите како што се обемот на организацијата, достапните ресурси и видот на задачите што се преземаат на лице место, ќе се диктираат кои се најсоодветните и најефективните безбедносни одговори за организацијата.

## 3. Физичка безбедност

Мерките за физичка безбедност имаат за цел да ги спречат односно одвратат директните напади и да ги намалат потенцијалните штети и повреди.

Физичката безбедност е составен дел на поширокata стратегија за безбедност и во себе вклучува неколку компоненти како: контрола на пристап, надзор и тестирање на безбедноста со цел објектот кој се обезбедува да го направат посигурен.[iii]

Контролата на пристап може да започне на надворешниот раб на безбедносниот периметар. Може да се користи ограда и видео надзор за да се следи пристапот до објектот и да се обезбеди областа на отворено. Сеопфатниот систем за контрола на пристап вклучува и употреба на напредни брави, картички за контрола на пристап или биометриска автентикација и овластување.

Надзорот е уште една важна компонента која треба да се разгледа. Современите безбедносни системи ги користат сензорите за откривање на упад, топлинските сензори и детекторите за чад за заштита од упади и несреќи. Стратегијата за безбедност, исто така, треба да предвиди поставување на камери за набљудување и системи за известување.

Кога ќе се случи одреден инцидент или катастрофа, треба да се дејствува брзо и во согласност со усвоените процедури. Затоа претходно треба да се тестира планот за опоравување при катастрофи на редовна основа. Вежбите треба да ги тестираат способностите на безбедносниот персонал и вработените лица во организацијата/компанијата за начинот на реагирање при природни катастрофи и при итни случаи предизвикани од внатрешни или надворешни закани. Треба да се проверат и слабите точки во врска со пристапот до критичните деловни ресурси, како што се сервер собите, центрите за податоци, производствените линии, опремата за енергија и слично[125].

Физичкиот напад може да вклучува некоја форма на импровизирана експлозивна направа.

### 3.1. Закани од бомби

Повеќето закани за бомби се прават преку телефон, а голем дел од нив се лажни, честопати дело на злонамерни шеги, иако терористите знаат да направат лажни повици со намера да предизвикаат тревога и нарушување. Секое лажно пријавување за бомба е

---

[125] Димовски, З. Илијевски, И. Бабаноски К, заштита при терористички напади, Комора за приватно обезбедување на РМ, 2021

кривично дело и, колку и да е смешно или неубедливо, мора да биде пријавено во полиција.

Повиците можат да бидат од два вида:

1. Лажни закани наменети за нарушување, тестирање на реакции или пренасочување на вниманието.
2. Предупредувачки закани од постоење на вистинска бомба: овие може да бидат обиди да се избегнат жртви или да се овозможи терористот да ги обвинува другите доколку има жртви. Сепак, оригиналните закани можат да обезбедат неточни информации за тоа каде и кога може да експлодира уредот.

Основните процедури за постапување по закана со бомби се според следниве принципи:

- Осигурете се дека целиот персонал кој може да добие закана од бомба е обучен за постапување или има подготвен пристап до инструкциите. Ова особено се однесува на судовите, банките, хотелите, болниците, информативните агенции, организациите за јавен превоз и оние што нудат секаква услуга за итни случаи. Операторите за разводни табли треба да бидат запознаени со процедурите.

- Составете јасен список со активности што ќе следат по приемот на повик. И покрај тоа што персоналот не може да ја процени точноста или потеклото на некоја закана, нивните впечатоци од повикувачот би можеле да бидат важни.

Сметајте дека членот на персоналот кој ја прима заканата можеби не е подготвен - примањето таква закана може да биде најблизу до кое многу луѓе некогаш доаѓаат на акти на тероризам - затоа понудете неколку основни совети за вработените за справување со закана, на пример:

1. Останете смирени и слушајте.
2. Добијте што е можно повеќе информации - обидете се повикувачот да биде прецизен за локацијата и времето на наводната бомба и кого тие ја претставуваат. Ако е можно, одржувајте го повикувачот да зборува.
3. Осигурете се дека е вклучен кој било објект за снимање.
4. Веднаш пријавете го инцидентот до надлежниот менаџер или безбедносниот тим за да одлучите за најдобриот тек на дејствување и да ја известите полицијата. Ако не можете да најдете никого, па дури и ако сметате дека повикот е измама, информирајте ја директно полицијата. Дајте ги вашите впечатоци за повикувачот и точни информации за тоа што беше кажано.

5. Доколку не сте успеале да го снимите повикот, направете белешки за безбедносниот персонал или полицијата. Не оставајте ја вашата објава - освен ако не е наредено да се евакуираат - сè додека не пристигне полицијата или безбедносните тимови.

### 3.1.1. Возила-бомби

Возилото-бомба е едно од најефикасните оружја во арсеналот на терористот, поради потенцијално големите количини на експлозив што може да се насочат кон целта со разумна прецизност. Експлозивната направа обично се подготвува однапред и се крие во возилото.

Безбедносните закани од возилото може да се појават на различни начини:

- Паркирано - таму каде што возилото е поставено близу или под целта (во подземна гаража).
- При движење - кога возилото навлегува преку какви било нецелосни или погрешно распоредени постојни безбедносни бариери или следи легитимно возило па навлегува низ активниот систем на бариери во просториите.
- Преносно - кога возилото е удрено во неговата цел.
- Со измама - кога сторителите се користат со измама, со употреба на подготвена лажна приказна, лажна документација или „тројанско возило".
- Со принуда - кога чуварот што ја контролира контролната точка е принуден да го пушти возилото или возачот на легитимното возило е принуден да носи импровизирана експлозивна направа.

Неколку тони експлозив можат да бидат натоварени во поголеми возила што би се користеле за да предизвикаат жртви и структурни оштетувања во опсег од стотици метри.

Постојат три нивоа на заштита од возила-бомби и тоа: ниско, средно и високо ниво. Примарните разлики помеѓу нивоата на заштита се огледаат во степенот на дозволена штета на објектот што се штити како и степенот на оштетување на средствата во објектот.

- Ниско ниво - Објектот или заштитениот простор ќе претрпи голем степен на оштетување, но нема да се уништи целосно. Можеби нема да биде во можност повторно да се употребува.

- Средно ниво - Објектот или заштитениот простор ќе претрпат значителен степен на оштетување, но структурата ќе биде повторно употреблива.
- Високо ниво - Објектот или заштитениот простор ќе претрпат само површни оштетувања и веднаш ќе може да се користат.[126]

При спротивставувањето на возила-бомби потребно е да се посети внимание на оддалеченоста на возилото-бомба од обезбедуваниот објект, бариерите кои треба да се поставаат за да се спречи возилото-бомба, како и брзината на возилото која мора да се има во предвид.

Во однос на оддалеченоста на возилата од објектот што се обезбедува треба да се утврди периметар кој ќе гарантира заштита на објектот од корисетење на експлозив. За таа цел сите возила треба да бидат паркирани надвор од тој периметар освен неопходните возила кои треба да бидат пропуштени откако врз нив ќе биде извршен преглед и претрес.

Во практиката се користат два типа на препреки, односно бариери кои служат да се заштитат објектите од возила-бомби. Типот на бариера што се користи зависи дали возилото-бомба е во движење или е стационирано (паркирано) во непосредна близина. Бариерите што се користат за стационирани возила-бомби имаат за цел да не дозволат пристап во заштитената зона и да ги регистрираат сите движења во таа зона. Бариерите кои се користат за возилата-бомби во движење треба да го запрат движењето на возилото и тие мора да бидат многу посуштински. Активните бариери најчесто се поставуваат на отворите во периметарот каде возилата треба да влезат или излезат. Овие бариери мора да бидат во можност да се подигнат и спуштат или да се поместуваат на страна.

Од големо значење во спротивставувањето на возилата-бомби има ограничувањето на движење на возилата во периметарот кој се обезбедува. Најдобар начин да се ограничи брзината на приближување на возилото до периметарските бариери е да се поставаат или задржат пречките во можните патеки за пристап. Поставувањето пречки во форма на змија на патот го принудува возилото да ја намали својата брзина. Исто така, може да се предвидат остри свртувања или поставување на кружни текови.

### 3.1.2. Закана од курир

[126] Димовски, З. Илијевски, И. Бабаноски К, заштита при терористички напади, Комора за приватно обезбедување на РМ, 2021,стр 76

Уредот што се носи на лицето/курир обично се сокрива под облеката на лицето или се носи во вреќа, торба или чанта. За да остане преносно, обично тежината му е помалку од 15 кг (количина што е сè уште соодветна за да предизвика сериозни структурни оштетувања).

Овие уреди се користат во самоубиствени мисии, но исто така се дизајнирани да може да бидат оставени без надзор, да бидат сокриени зад мебелот или екраните и да се активираат без предупредување. Во секој од случаите, влијанието се зголемува со пакување на уредот со фрагментациски материјали: завртки, навртки, клинци, штрафови, лагери и слични предмети што делуваат како шрапнели, што може да има разурнувачки ефект на мал простор.

Подметнувачкиот уред - кој е наменет да запалува, а не да експлодира - обично е помал предмет кој, затоа што не бара експлозив, е поедноставен. Обично тие се наменети да предизвикаат оштетување и нарушување, со предизвикување на повторен удар или на пример со активирање на системот за прскање, наместо да предизвикува жртви.

### 3.1.3. Поштенски пратки

Писмата, пратките или пакетите што содржат експлозивно, запалливо или хемиско средство, може да бидат конструирани во најразлични облици и големини. Тие се дизајнирани да изгледаат прилично вообичаено, но, сепак, постојат одредени знаци што сугерираат кога треба да се покаже дополнителна претпазливост при ракувањето со нив:

- Пакетот е од неочекуван или непознат испраќач.
- Слабо е напишано, неточно адресирано или напишано во необичен стил и има повеќе од соодветна вредност на марки за неговата големина и тежина.
- Тоа е обвиткан плик или гломазен предмет кој е невообичаено тежок за неговата големина (повеќето писма тежат до околу 30 грама, додека заканувачките писма тежат 50-100 грама).
- На пликот или пакувањето има една или повеќе дупки направени со игла.

Иако секоја сомнителна пратка треба да се третира сериозно, повеќето случаи се лажни аларми и затоа постапките за ракување со вакви сомнителни предмети треба да се спроведуваат на тој начин да не предизвикаат какво било нарушување.

Некои поголеми приватни компании и корпорации не дозволуваат доставување на лични пратки на вработените на работното место за да се намали бројот на испораки. Исто така, тие практикуваат користење на услуги од една компанија за доставување која ќе биде проверена. Овластените доставувачи на пратки треба да треба да бидат во системот за контрола на пристап за да може да се идентификува лицето и пратката.

Во зависност од проценката на ризик и фреквенцијата на примање на пошта и пратки, а да не влијае на динамиката на работа потребно е пратките да се проверуваат рачно и при тоа да се препознае некој од кчучните знаци при идентификување на сомнителни предмети.

Најчесто треба да се има предвид на следните знаци:[iv]

- Облик на пакетот: Импровизираните експлозивни направи и уреди за запалување може да имаат неправилен облик поради постоење на напојување, експлозив, детонатори, фрагментациски материјал и сл. Исто така и тежината може да предизвика сомневање за содржината на пакетот.
- Мирис: Одредени експлозиви имаат карактеристичен мирис и одредена арома која може да продуцира силен мирис. Таквите миризби треба да се третираат како сомнителни.
- Мрсни дамки: Експлозивите при промена на температурата може да остават мрсни траги и дамки на пакетите во кои се испорачуваат. Доколку се забележат такви знаци треба да се реагира навремено и внимателно.
- Адресирање и печат: Најнапред треба да се провери од каде потекнува пакетот и да се внимава на користењето на марките кои се употребуваат во зависност од тежината. Исто така, треба да се внимава и на оригиналноста и автентичноста на одредени печати и жигови кои постојат на надворешната страна на пратката.

Тука се нагласува и потребата од постоење на пишан акционен план во случај на откривање на импровизирана експлозивна направа. Таквиот план треба да го знаат вработените на сите ниво во случај на потреба од реакција и евакуирање.

## 3.2. Закана од користење на хемиско, биолошко и радиолошко оружје

Оружјето за масовно уништување само по себе претставува закана по глобалната безбедност. Опасноста терористичките групи и нивните приврзаници да добијат пристап до оружје за масовно уништување е сериозен ризик за загрозување на меѓународниот мир и безбедност. Традиционалните методи престанаа да бидат психолошки ефикасни и доволни за да го привлечат вниманието на јавноста, така што новите терористи го препознаваат оружјето за масовно уништување како нова можност и реална закана. Влијанието на напади со користење на хемиско, биолошко, радиолошко и нуклеарно оружје зависи во голема мера од успехот на избраниот метод и временските услови во моментот на нападот.

Поттикнувачките фактори за терористите да употребат оружје за масовно уништување се предизвикување на една или повеќе цели:

- масовни жртви;
- преоптоварување на системите за реагирање во итни случаи;
- нарушување на нормалниот живот во градовите;
- затворање и загадување на објекти;
- паника и збунетост;
- предизвикување губење на довербата во државните органи дека може да го заштити населението и да спречат терористички активности;
- предизвикување губење на довербата во системот за реагирање во итни случаи.

Првите индикатори за напад со оружје за масовно уништување (хемиско, биолошко и радиолошко) може да бидат ненадејно појавување на прав, течности или чудни мириси во објектот, со или без непосреден ефект врз луѓето кои се присутни на местото на инцидентот.

Во случај таквиот напад да доаѓа од надвор потребно е да се преземат следните мерки:[v]

- останете внатре во објектот;
- известете ги и помогнете во евакуација на другите лица во објектот;
- затворете ги и запечатете ги вратите и прозорците со поставување на влажна крпа;
- исклучете ја климатизацијата, вентилацијата и затворете ги другите отвори за воздух.

Заштитата од можноста за користење на хемиско, биолошко и радиолошко оружје во терористички активности[vi] е приоритетна цел на секоја држава. Најголемо внимание треба да се посвети на:

- Превенција: се однесува на разбирање и спроведување на мерки за намалување на потенцијални несреќи или безбедносни инциденти. Тоа подразбира заштита од кражба на хемиски, биолошки и радиолошки агенси како и намерно испуштање во околината.
- Откривање: се однесува на системи и процеси кои овозможуваат рано откривање на одредени загуби во системот или утврдување на степен на сомневање за намерно ослободување на одредени агенси.
- Реагирање: се однесува на навремена реакција на ниво на објектот или на национално ниво по случен инцидент од ваков ранг. Системот за реагирање вклучува ангажирање, опремување и обука на сите засегнати страни кои први реагираат.

## 4. Мерки за физичка безбедност

Обезбедувањето и заштитата на приватните и деловните објекти подразбира преземање на севкупни мерки, активности, задачи и работи кои претходно се планираат и преземаат од надлежните органи и агенциите за приватно обезбедување во насока на отстранување на ризиците, заканите, опасностите и загрозувањата кои постојат кон нив.

Објектите може да бидат загрозени на многу начини, со различни средства и методи, а преземањето на мерките и активностите за нивно обезбедување зависи од повеќе фактори. Најсериозно е загрозувањето од извршување на терористички напади.

Специфична карактеристика кај овој вид обезбедување е тоа што преземените мерки за заштита не се однесуваат само на објектите, туку и на сите лица кои се нивни корисници или престојуваат во овие објекти од различни причини. Затоа ваквите мерки имаат поширок опсег во нивната примена.

Најчестите мерки за заштита кои се применуваат во процесот на обезбедување на приватните и деловните објекти се мерките за физичка, техничка, противпожарна заштита, како и мерки за санитарно-технички, биолошко-хемиски и мерките за здравствена заштита.

Како компаниите се бранат од напад зависи од индивидуалните околности. За повеќето организации одговорот вклучува мешавина на добро раководење заедно со соодветни инвестиции во видео надзор, аларми за натрапници и осветлување што може да ги одврати, но и да ги открие заканите. Всушност, многу препорачани мерки кои се однесуваат против тероризам помагаат компаниите да се заштитат и од други кривични дела како што се кражби и вандализам, а исто така можат да им помогнат на компаниите да се справат со здравствените и безбедносните проблеми на нивните вработени.

Како и да е, одредени ситуации може да бараат повеќе специјализирана опрема (технологија за скенирање на пошта, на пример) и компаниите треба да побараат професионален совет за проценка на нивните барања и опции пред да донесат големи одлуки

## 4.1. Надворешно опкружување

Ако постојат закани и загриженост за евентуални напади со возило-бомба, тогаш, приоритет треба да биде да се осигура сите неовластени и/или непрегледани возила да се чуваат на безбедно растојание, идеално, да се држат возилата на растојание од најмалку 30 метри од зградите, а поголемите комбиња и камиони на растојание од најмалку 90 метри.

Пристапните правци, паркиралиштата и околните отворени области треба да се проценат за нивната пропустливост на непријателски возила. Треба да се инсталираат соодветни мерки за смирување на сообраќајот, како што се свиоци и острови и успешно тестирани безбедносни препреки за возилата, за да се создадат и да се одржуваат соодветни растојанија во случај на експлозија. Овие безбедносни бариери за возила можат да вклучуваат активни (подвижни) мерки, како што се повлечени столбови, растечки бариери за заградување и влезови или лизгачки порти, како и пасивни (статички) мерки како што се структурни ѕидови, препреки и жардинери.

Ако се дозволува влез на возила во рамките на безбедносната зона, тие треба да бидат прегледани на контролниот пункт дизајниран така што неовластените возила да можат да бидат одбиени без да се пуштат да влезат во зоната.

## 4.2. Зајакнување на имотот

*Врати и прозорци*

Надворешните врати треба да бидат цврсти, правилно осветлени и опремени со брави со добар квалитет. Сите врати што ретко се користат треба да бидат внатрешно обезбедени (осигурувајќи почитување на соодветните регулативи за безбедност). Пристапните прозорци исто така треба да бидат обезбедени со брави со добар квалитет.

Ако веќе не постои систем за аларм, тој треба што поскоро да се инсталира на надворешните прозорци и врати.

Квалитетот на заштита со застаклување е важен затоа што до 95% од сите повреди од бомба се предизвикани од летање или паѓање на скршено стакло. Панцирната фолија за стакло е релативно ефтино и брзо подобрување, додека ламинираното стакло треба да се користи доколку прозорците треба да се заменат со нови или кога се работи за нови градби затоа што нуди повисоко ниво на заштита.

*Заштитени простории (области за засолништа при напад со бомба)*

Во одредени ситуации може да биде побезбедно да се премести персоналот на одреден внатрешен заштитен простор наместо да се евакуира зградата. Заштитениот простор треба да биде конструиран од соодветно тестирани материјали и, генерално, да не се наоѓа на приземје или на првите спратови, а исто така да е оддалечен од надворешните ѕидови. Бидејќи можеби е неопходно да се сместат групи на луѓе во неизвесни периоди, овие простории треба да бидат во можност да обезбедат простор за седење, вода за пиење, електрична енергија за итни случаи и надворешни комуникации (процедурите не треба да се потпираат на мобилни телефони), како и пристап до тоалети.

При ваквото сместување може да недостасуваат внатрешни ѕидови што можат да заштитат од експлозија или коридори што можат да обезбедат патеки за евакуација. Во вакви случаи, важни се мерките како што е застаклување отпорно на експлозија и јасно обележани, редовно проверувани излезни правци.

## 4.3. Внатрешни области

*Мерки за внатрешно обезбедување*

Мерките за внатрешно физичко обезбедување ги преземаат работниците за приватно обезбедување во рамките на објектот и тие се состојат од:

- Непосредна заштита, контрола и надзор на објектот, просториите, имотот, уредите, средствата, опремата, ресурсите и инсталацијата во него;
- Спречување на потенцијални напади (физичка сила, закана и сл.) врз вработените лица, клиентите и други лица, кои по различен основ престојуваат во објектот и совладување на напаѓачите;
- Вршење на работи на пријавница и водење уредна евиденција за сите посетители;
- Легитимирање и контрола на сите лица кои доаѓаат во објектот што се обезбедува со користење на расположливи системи за техничка заштита, како што се метал-детекторска врата и рентген апарат;
- Привремено одземање и задржување на предмети кои би можеле да бидат потенцијални загрозувачи на безбедноста на лицата во објектот.

Доброто управување во компанијата може да помогне во намалувањето на можностите за оставените предмети од сомнителните лица и да се олесни забележувањето на персоналот (и дополнително ќе помогне да се намали бројот на лажни аларми). Од персоналот треба да се побара:

- Да ги чуваат надворешните, јавните и комуналните области (излези, влезови, места за прием, скали и ходници, перални и сл.) - чисти и уредни.
- Да се заклучуваат празните канцеларии, простории и шкафови за чување.
- Минимизирање на мебелот и растенијата во влезовите и јавните места за да се намалат местата каде што би можеле да се сокријат сомнителни уреди.
- Отстранување на отпадоците од корпите за време на зголемена закана - користење чисти проѕирни пластични кеси како привремена алтернатива.

***Видео надзор, аларми и осветлување***

Современиот начин на функционирање на приватната безбедност укажува на можноста од вградување на различни безбедносни технички системи и уреди во објектите заради нивна заштита. Видот на системите и уредите, нивниот распоред и местоположба, зависат од видот на обезбедуваниот објект и од безбедносната проценка на ризик.

Алармите за упад може да бидат пречка, како и средство за заштита. Алармните системи за заштита заземаат значајно место во процесот на обезбедувањето на објекти кои може да бидат мета на терористички напади, а нивната основна функција е да

детектираат неовластен пристап во внатрешниот или надворешниот простор на обезбедуваниот објект или присуство на извесни надворешни опасности и да алармираат до конкретниот субјект, кој се грижи за заштита на објектот. Тие може да бидат противпровални системи, противпожарни системи и системи за предупредување. Денес, масовно се применуваат алармните системи за заштита кои се состојат од повеќе подсистеми во одредена меѓусебна корелација и функционална меѓузависност. Тие се состојат од алармни централи, сензори, сирени, магнетни контакти и алармни дојавувачи.[vii]

Техничките системи за снимање од затворен тип се компонента од интегралниот систем за техничка заштита на објектите. Видео надзорот треба редовно да се следи за да се разјасни дали безбедносното предупредување е реално. Снимањето (архивирањето) овозможува репродукција на настаните што е од исклучително значење за дополнителна анализа на информациите од надгледуваниот простор. Честопати, во истрагите за инциденти, од суштинско значење е користењето на снимките, за да се идентификува што и како се случило. Основните елементи на овие системи се камерите, преносните кабли, мониторите и уредите за снимање и репродукција на слика. Видео надзорот, исто така, треба да се испланира заедно со нивото на осветлување што може да се обезбеди.

***Области за прием на странки***

Ефикасна област за прием е неопходна за следење на пристапот во и надвор од просториите. Кога е можно, влезовите и излезите треба да се искористат со квалитетен систем за контрола на пристап кој користи магнетни чипови или контактни картички, поддржани со верификација со ПИН. Посетителите треба да бидат придружувани од членовите на персоналот и исто така да носат јасно обележани беџови за привремени посети што се враќаат при заминување.

Воведувањето на ваквите системи ја зголемува безбедноста на објектот, а воедно го намалува и бројот на ангажирани работници за физичко обезбедување.

Системот за контрола на пристапот го регулира движењето на лицата во рамките на одреден објект, односно во неговата внатрешност, но и во подрачјето околу објектот. Контролата се применува на луѓе, транспортни средства и материјали. Притоа, постојат три видови[viii] системи за идентификација на пристапот (контролата) до одреден објект, и тоа: шифриран (кодиран) влез, влез со идентификациони картички или беџови и биометриски пристап (врз основа на препознавање на некои физички

особености на лицата - папиларни линии од прсти, дланка, лице, мрежница од око и сл.).

Основен начин за контрола на пристапот на лица до објектот е нивно легитимирање. За странки, посетители, новинари, технички персонал итн., се предвидени пропусници, а за одредени моторни возила, за користење на одредени паркинг места, се доделуваат налепници. Посебни значки, беџови се издаваат на лица кои имаат неограничени права во поглед на влезот, движењето и задржувањето во објектот што се обезбедува.

***Преглед и пребарување***

Случајниот преглед на рачниот багаж може да дејствува како спречувач и редовното скенирање на багажот треба да се земе предвид во време на зголемена закана. Компаниите имаат право да одбијат влез на секој што не дозволува да се пребарува неговиот/нејзиниот багаж; но, сепак, претресот може да се изврши само со согласност на поединецот.

Рутинското пребарување и патролирање на просториите, исто така, претставува видлив застој. Затоа, патролите треба да се практикуваат редовно, но, да не бидат премногу предвидливи.

Исто така, потребно е повремено да се прегледува и пребарува и самиот објект. Прегледот на објектот се врши од надворешната и внатрешната страна.

Од надворешна страна прегледот и контролата за овој вид заштита подразбира преглед на објектот, дворот и околниот простор, вклучувајќи ги тука сите подземни и надземни инсталации (електрична инсталација, водоводна мрежа, парно греење, гасна инсталација, канализациона мрежа, телефонски и останати сигнални кабли и инсталации) притоа вршејќи контрола над нив за пронаоѓање и отстранување на можни поставени експлозивни материи.

По извршениот преглед на надворешниот дел од објектот се пристапува кон преглед на внатрешноста на објектот. Прегледот на внатрешниот периметар на објектот се започнува од долу-нагоре или од горе-надолу, почнувајќи со подрумските постории (котлара, гасна станица, резервоари за течно гориво, резервоари за вода, генератори за електрична енергија) и останати делови и предмети во подрумските простории. Потоа се преминува со преглед на приземјето заедно со влезовите и излезите, заради поголема и поефикасна контрола на сите пристапи кон објектот, а ако за тоа постои можност се врши редуцирање на влезовите на главни и споредни (влез за вработени и техничкиот персонал), преглед на под скалишниот простор, скалилата,

лифтовите (нивна исправност и носивоста) и просториите на катовите сè до поткровјето.

Доколку при прегледот се забележат одредени недостатоци, оштетени предмети, прегорени електрични апарати и техника се известува одговорното лице на објектот за благовремено отстранување на недостатоците. Во случај при прегледот да се забележи присуство на експлозивна материја или направа или друг вид на сомнителен предмет, прегледот се прекинува, се известува локалната полициска станица, објектот се напушта и се чекаат понатамошни инструкции.

***Сандачиња за пошта***

Експлозија на бомба во зградата има многу поголеми и потешки ефекти од истата експлозија надвор од зградата. Поради тоа потребно е да се предвиди посебна просторија каде ќе се прима поштата и ќе може да се пребаруваат сомнителни пакувања кои може да имаат експлозивни материи или запаливи уреди. Најчесто таквите простории треба да бидат лоцирани на надворешноста на објектот и да бидат изградени на начин што ќе ги задржат ефектите на експлозијата надвор од објектот.

Дојдовната пошта и испораките треба да бидат обработувани на една локација, идеално надвор од просториите на компанијата или во област што лесно може да се изолира. Испораките треба да се третираат без да се донесат преку други делови од зградата. Треба да се осигура дека сите вработени кои управуваат со поштата (вклучително и персоналот за прием) редовно се брифираат и обучуваат. Треба да се охрабрат редовните дописници да ја стават својата адреса за кореспонденција на секоја пратка.

Откривањето на поштенските пратки зависи од нивото на заштита. На пониските нивоа на заштита се користат едноставни процедури за преглед. Како што расте нивото на заштита, се зголемува софистицираноста на откривањето. На повисоките нивоа на заштита, може да се користи опрема како што се уреди за испитување на x-зраци, детектори за метали и детектори за експлозиви. Кога е неопходно може да се користат и кучиња за откривање на експлозиви.

Ако постои загриженост за примање на сомнителни писма или пратки - особено ако рутински, при работата на компанијата се примаат големи количини секој ден - треба да се побара совет од локалната полициска станица.

Големите компании и корпорации, своите вработени кои работат на прием на пошта и пратки ги праќаат на соодветни акредитирани курсеви за препознавање на

сомнителни пакети. Ваквите обуки треба да се посетуваат редовно со што вработените ќе бидат во тек со најновите уреди и методологии од закани со импровизирани експлозивни направи.

**5. Информациона безбедност**

Во денешното современо општество кога е потребна брза комуникација и размена на информации, сите сфери на живеењето се зафатени од дигитализација и зависат од информатичката технологија. Нејзините предности се огромни и помагаат за висок степен на напредок на човештвото. Но, ниту новите технологии не се имуни од криминалните активности на современите криминалци. Компјутеризацијата и префрлањето на целокупните животни и работни процеси преку интернет техонологијата, истовремено си има и свои негативни страни. Компјутерските напади и компјутерскиот криминал сè повеќе стануваат актуелни и се закануваат во иднина да заземат високо место во рамките на целокупниот криминал, со особено штетните последици кои произлегуваат од нив, по националната и глобална безбедност. Токму затоа, безбедноста и заштитата на компјутерските бази, програми и системи, се наметнува како главен проблем на иднината.[ix]

Во безбедносно-правна смисла, сајбер тероризмот претставува намерна злоупотреба на дигиталниот информациски систем, мрежа или компонента за исполнување на целите за потребите на терористичката борба. Последица од злоупотребата на системот нема да биде директно насилство против луѓето (што не е исклучено, на пример, со паѓање на авиони, хаос во болниците, хаварија во системот за снабдување со електрична енергија и слично), но сепак ќе предизвика страв, зголемување на светскиот криминал со најбрзо темпо, најголема стратешка ранливост на сите витални општествени функции, огромни човечки страдања, но и жртви како „колатерална штета“. Во овој контекст, уште пострашен е и фактот што овие суптилни дејства може да иницираат и кибернетичка војна или да “наместат“ определени држави да отпочнат класична војна, како одговор на сајбер контра-мерките “преземени од другата страна“.

Меѓутоа, и покрај економските и другите штетни консеквенци од компјутерскиот криминал, општеството се потпира на компјутерските системи за, скоро, сè во животот, од воздушна, железничка и автобуска сообраќајна контрола до координација на медицински сервиси и национална безбедност. Потребна е мала

грешка во работењето на овие системи за да се стават човечки животи во опасност. Брзата експанзија на големите компјутерски мрежи и можноста да се пристапи до многу системи преку обична телефонска линија ја зголемуваат ранливоста на овие системи и ја отвораат можноста за злоупотреба и криминална активност, како и нарушување на националната и глобалната безбедност.

Начинот на користење, складирање и дистрибуирање на информациите[x] е голем предизвик за сите организации.

Бидејќи деловните субјекти се потпираат сè повеќе и повеќе на нивните информациско-комуникациски системи за подобрување на ефикасноста и обезбедување поголема функционалност, така и информациите што ги задржуваат стануваат поранливи на намерни и случајни напади.

Без разлика дали се зачувани како хартиена евиденција или во електронски системи, безбедноста на информациите на една организација мора да биде фундаментална за какво било безбедносно планирање и планирање на вонредни состојби. Клучните прашања што треба постојано да се поставуваат се:

- Кој би сакал пристап до нашите информации и како би можеле да ги добијат?
- Каква придобивка може да имаат од нивната употреба?
- Дали можат да ги продадат, да ги изменат, па дури и да спречат пристап на персоналот или клиентите до нив?
- Колку е штетна загубата на податоците? Кој би бил ефектот врз работењето или угледот на компанијата?

Одредени функции, како што се обработка на податоци, администрација на системи или хостинг на сервери, веќе се рутински аутсорсинг и однапред договорени, што значи дека безбедноста и интегритетот на податоците стануваат зависни од стандардите што ги имаат воспоставено другите организации.

Додека инвестициите во софтвер и контроли на пристап помагаат во намалувањето на одредени закани, човечкиот фактор кој е вклучен е исто така многу значаен. Многу инциденти на загуба или злоупотреба на податоците произлегуваат од погрешна проценка или момент на негрижа од страна на член на персоналот.

Без разлика дали некој член од персоналот е принуден да воведува малициозен (злонамерен) софтвер во мрежата, или да поврзе неовластен подвижен медиум, како што се USB стиковите на системи, или да се игнорираат постапките за постапување со доверливи документи надвор од компанијата, најголем предизвик може да биде

обучувањето на персоналот да знае како се појавуваат слабостите и ранливостите и како ставовите и навиките на персоналот прават разлика.

## 5.1. Типични методи на електронски напад

Во суштина постојат два основни методи[xi] преку кои терористите ги извршуваат компјутерските терористички напади.

Првиот метод е кога самата информациска технологија претставува цел на терористичките напади. Со изведување на определени саботажи (електронски и физички) врз информацискиот систем, ќе се обидат да го уништат или да извршат прекин во функционирањето на информацискиот систем и информациската инфраструктура, во зависност од самата конкретна цел.

Вториот метод е кога информацискиот напад преставува средство-чекор за спроведување на поголема операција. Овој чин имплицира дека терористите ќе прават напори за манипулација и експлоатација на информацискиот систем, кражба на информации како алтернатива или принудување – “програмирање“ на системот да врши функција за која не е наменет.

### *Малициозен софтвер*

Малициозен (злонамерен) софтвер се однесува на која било датотека или програма која е штетна за компјутерот, како што се вируси, црви, тројански коњи и шпионски софтвер (програма што собира информации на корисникот без дозвола). Обично се шири преку е-пошта или компромитирани веб-страници, па заразениот компјутер има потенцијал да му овозможи на напаѓачот да собира лозинки, да скенира дискови, да испраќа и да презема податоци или да шири нарушувања низ целата мрежа.

Овој софтвер испратен како прилог на е-пошта директно до примателот, се чини дека потекнува од легитимен испраќач. Предметот на е-поштата и прилогот ќе имаат за цел да го привлечат интересот на примателот и при отворањето на ваквиот малициозен софтвер тој да навлезе во компјутерот и мрежата на компанијата.

Другите рути во мрежата вклучуваат преносни уреди за складирање и медиуми, како што се ЦД-РОМ, кои жртвата може да ги вметне директно во нејзиниот компјутер - особено прашање за организации со голем број на персонал што работат од далечина и соработуваат преку мрежни системи.

*Хакирање*

Хакирањето се однесува на секој обид да се добие неовластен пристап во компјутерски систем. Постојат голем број на можни мотивации кои се движат од нарушувачка или криминална намера до поединци кои покажуваат техничка моќ. Хакерите може да имаат техничка експертиза, но достапноста на „алатките за хакерство“ го направи хакерството помалку специјализирана активност.

Покрај вообичаените напади врз поединци, софистицираните координирани хакерски напади се насочени кон владите и високо-професионалните деловни организации.

*Фишинг*

Нападите со фишинг користат мешавина од техничка измама и социјален инженеринг за да ги стават во искушение жртвите да вршат серија активности што ќе овозможат пристап до конкретни или чувствителни информации.

Во повеќето случаи, напаѓачот имитира доверлив извор, како што е банка или доставувач на информатичка технологија, во форма на официјална порака преку е-пошта, веб-страница или поп-ап реклама за да привлече внимание кон некоја итна случка за која примателот е притиснат да обезбеди одредени чувствителни податоци како повратен одговор.

Нападите со фишинг стануваат пософистицирани и заштитата од нив, исто како и кај малициозниот софтвер за е-пошта, се однесува повеќе кон свеста на поединецот отколку кон безбедноста на централната мрежа.

*Одбивање на услугата*

Станува збор за обиди со кои се оптоварува системот со тоа што се натрупува со несакани податоци. Некои вакви напади се дистрибуирани, во кои голем број на необезбедени, „невини“ компјутери/машини (познати како „зомби“) се регрутираат за да извршат понатамошни поголеми напади.

**6. Мерки за информациона безбедност**

Генералните совети кои организациите треба да ги земат предвид при работењето заради зајакнување на безбедноста на информациите и базите на податоци со кои располагаат се:

- Набавете ги сите информатичко-комуникациски системи од реномирани производители и добавувачи.
- Сите компјутери поврзани на интернет треба да бидат опремени со антивирусен и анти-шпионски софтвер и да бидат заштитени со т.н. заштитен ѕид. Новите компјутерски вируси се испуштаат во интернет просторот секојдневно, па анти-вирусните компании постојано ги детектираат слабите страни на компјутерските софтвери и изработуваат надградби за нивните клиенти, па затоа често проверувајте ја оваа корисна алатка.
- Информации за резервна копија - по можност чувајте безбедна копија од сите податоци на друга локација и проверете дали редовно се тестираат сите постапки за резервна копија и обновување на податоците.
- Осигурете се дека сите изведувачи/трети страни се придржуваат кон истите безбедносни политики и стандарди користени од организацијата.
- Доколку се користат даватели на услуги однадвор, треба да се воспостават договори за зачувување на податоците.
- Размислете за пакетите за криптирање на изваден материјал надвор од локацијата. Кога е можно, заклучете ги или оневозможете ги дисковите, USB портите и безжичните врски.
- Осигурете се дека постојат соодветни стандарди за дигитални медиуми. Било кои дигитални медиуми треба да бидат преснимани неколку пати за да се направат нечитливи и кога ќе стигнат до крајот на својот животен век да се уништат за да не може лесно да се реконструираат.
- Придржувајте се до принципот дека целиот персонал и/или надворешните контакти започнуваат со минимално ниво на пристап. Продолжувањето и проширувањето на правата на пристап треба да се извршат следејќи специфични барања за управување со нив - осигурете се дека истите тие права се укинати во случај на промена на улогата или лицето, за да нема пристап до податоците кога лицето ќе биде преместено на друга работна позиција или ќе го напушти работното место.

- Наметнете политика за задржување и бришење на заштитата на податоците. Постојат законски услови за заштита на податоците што една компанија ги задржува и одговорност е на бизнисот да обезбеди дека ги исполнува своите обврски.
- Чувајте ги сите информации во врска со други компании под постојан преглед. Бидејќи односите со деловните субјекти или клиентите се менуваат, можеби е неопходно да се откажат привилегиите како што се пристапот до екстранет или да се отстранат од конкретните списоци за испраќање.

## 6.1. Едукација на персоналот

- Охрабрете ја безбедносната свест кај вработените. Бидете сигурни дека тие ги разбираат проблемите околу нападите со малициозен софтвер или фишинг или откривање на информации што можат да се користат за да се добие пристап до систем.
- Дајте насоки за безбедно користење на е-пошта на работа. Барајте нивната е-пошта да се користи претежно за кореспонденција поврзана со работата и приватните е-пошти да не се користат за контактирање со клиенти или испраќање/примање на информации.
- Ограничете го пристапот до одредени веб-страници кои не се поврзани со работата; ова вклучува какви било страници за социјално вмрежување и веб-пошта каде безбедносните стандарди не се загарантирани.

## 6.2. Одговорно постапување со документи

Многу приватни или чувствителни записи сепак се чуваат на хартија и затоа е важно да се обезбедат објекти и процедури за нивно безбедно чување и отстранување.

Чувствителните, доверливи или комерцијални документи треба да бидат соодветно обележани со јасни упатства издадени на персоналот за ракување кога се надвор од работното место. Вработените треба да бидат целосно свесни за нивните одговорности кога располагаат со вакви документи, на пример никогаш да не работат на нив јавно, никогаш да не ги оставаат во паркирано возило и да ги чуваат во сефови или други безбедносни кутии кога престојуваат во хотел.

Персоналот треба да биде охрабрен да одржува „чисто биро“ со заклучување на сите документи и преносни медиуми кога се далеку од работните места или кога заминуваат на крајот од работниот ден. Ова треба да вклучува какви било оставени хартии на печатачи, фотокопири или во простории за состаноци. Особено вредните или чувствителни документи не треба да се оставаат наоколу или да се прикажуваат во секое време. Затоа треба да се обезбедат соодветени безбедни ормари или заклучени места за складирање.

### 6.3. Отстранување информации

Некои од материјалите што бизнисите рутински ги фрлаат можат да бидат од корист за различни групи, вклучително и деловни конкуренти, крадци на идентитет, криминалци и терористи. Имињата и адресите на персоналот, телефонските броеви, информациите за производите, техничките спецификации итн., можат да им бидат од корист на одредени луѓе. Хартиените документи треба да бидат уништени со безбедни средства. Персоналот треба да се обезбеди со лесен метод за уништување, согорување или сечење, така што вредните документи нема да се фрлаат со останатото ѓубре.

## 7. Безбедност на персоналот

Безбедноста на персоналот[xii] е систем на политики и процедури кои имаат за цел да го намалат ризикот на вработените кои го искористуваат нивниот легитимен пристап до средствата на една организација за неовластени цели.

Безбедноста на луѓето се однесува на обликување и контролирање на околината за промовирање на будност и ефикасна безбедносна култура и за влијание и одвраќање на оние што сакаат да предизвикаат штета. Пристапот кон подобра безбедност на персоналот и луѓето е насочен кон три главни области на активност околу луѓето како елемент на заштитната безбедност:

- Намалување на ризикот од инсајдери - оваа област им помага на организациите да го намалат ризикот од инсајдери преку преземање на добри практики за безбедност на персоналот, како што се проценка на ризик, скрининг пред вработување и тековно обезбедување на персоналот.

- Оптимизирање на луѓето во безбедноста - како да извлечете максимум од релативно неискористениот безбедносен ресурс - персоналот и посетителите? Оваа област им помага на организациите да ја разберат важноста за градење добра безбедносна култура и како да преземат кампањи за промена на однесувањето на персоналот. Тука се разгледуваа начините за зголемување на можностите на безбедносниот персонал за мотивација и проактивно откривање.
- Нарушување на непријателски извидувања - оваа област разгледува како да се ублажат заканите од надворешните посетители преку разбирање на свеста и активностите на оние што планираат напади и непријателско извидување.

Поставувањето или вработувањето на „инсајдер“ - некој што го искористува, или има намера да го искористи, својот легитимен пристап до една организација за нелегитимни цели - го користеле терористички и криминални мрежи, како и активисти, новинари и конкуренти.

Инсајдер[xiii] е лице кое го искористува или има намера да го искористи неговиот легитимен пристап до средствата на организацијата за неовластени цели, односно да наштети на безбедноста на организацијата, или со намера или несакајќи, преку шпионажа, тероризам, неовластено откривање информации и загуба или деградација на ресурси или капацитети. Тој може да биде постојан, привремен, повлечен од друга организација, ангажиран по договор или работник од агенција. Бидејќи организациите спроведуваат сѐ пософистицирани физички и информациски безбедносни мерки за да ги заштитат своите средства од надворешни закани, регрутирањето инсајдери станува поатрактивна опција за оние кои се обидуваат да добијат пристап до капацитетите и ресурсите во организацијата.

Засега се идентификувани повеќе причини/мотиви и начини поради кои инсајдерот може да ја наруши безбедноста на организацијата.[xiv]

Вообичаените причини/мотиви поради кои инсајдерот може да ја наруши безбедноста се:

- одмазда против работодавецот или колеги,
- неизвесност за неговото континуирано вработување,
- алчност или финансиска добивка,
- политичка или верска идеологија,
- его или озлогласеност,
- принуда, манипулација или експлоатација од надворешна трета страна.

Исто така, постојат примери на постојни вработени кои доброволно се пријавиле да им помагаат на трети лица или да се вклучат во инсајдерски активности за нивна лична корист.

Вообичаени начини на кои инсајдерот може да ја наруши безбедноста:

- неовластено откривање на деловни, приватни или комерцијални информации,
- измама или поттикнување корупција,
- неовластен пристап до информатичко-комуникациските системи во организацијата,
- економска или индустриска шпионажа,
- кражба, насилство или физичко оштетување на објектите, капацитетите или средствата на организацијата.

Затворањето на можностите за оние што сакаат да го злоупотребат својот легитимен пристап е сложен предизвик. Засега не постои точен метод за идентификување на персоналот кој може да претставува закана за безбедноста, прекумерното компензирање со дополнителни мерки може само да троши ресурси, да ги наруши рутините и да ги остави вработените да чувствуваат недоверба.

**8. Мерки за безбедност на персоналот**

Безбедносните мерки за персоналот[xv] им помагаат на организациите да ги намалат можностите персоналот да го злоупотреби нивниот легитимен пристап.

Од процесот на пред селекција за вработување, па сè до финалното интервју, организациите мора да демонстрираат конзистентен, транспарентен и недискриминирачки пристап кон безбедноста на персоналот, кој се однесува на сите членови на персоналот, без разлика дали се постојано или привремено вработени или се изведувачи, без оглед дали се работи за висок менаџмент или асистенти со скратено работно време.

Режимот на ефикасна безбедност на персоналот треба да се смета за континуиран циклус на идентификување и проценка на ризици, селекциона проверка заради вработување, процедури за проценка и подигнување на свеста кај сите вработени (безбедносна култура) и добро управување со безбедноста во организацијата (безбедносен менаџмент).



Слика бр. 2. Режим на ефикасна безбедност

### 8.1. Проценка на ризик

Проценката на ризикот е од клучно значење за формирање на добар режим за безбедност на персоналот, помагајќи им на менаџерите да ги фокусираат ресурсите на области од најголема загриженост, да обезбедат сегашните мерки да бидат пропорционални на заканите и да обезбедат услови за донесување нови мерки, доколку тоа се бара.

При спроведување на проценка на ризик, постојат низа методи кои организациите можат да ги применат и кои во зависност од природата и големината на бизнисот, може да имаат вредност во спроведувањето на ваквите проценки на различни нивоа соодветно, на пример:

- Проценката на ризикот во организацијата го идентификува широкиот спектар на инсајдерски закани со кои се соочува една организација и приоритети во однос на нивната веројатност и влијание.
- Проценката на групно ниво ги идентификува оние групи на вработени со потенцијал да извршат закани од најголемо влијание и утврдува дали тековните контрамерки се соодветни и каде се потребни дополнителни мерки.
- Проценката на индивидуално ниво го испитува ризикот од индивидуалните вработени или малите групи со висок ризик, засновани врз комбинација на нивната улога, нивото на пристап и постојните слабости во работната средина.

### 8.2. Вработување

После процесот на селекција, од сите потенцијални вработени треба да се побара да обезбедат доказ за нивниот идентитет, право на работа, доказ за претходни вработувања и доказ за стекнато образование. Одлуката за барање дополнителни проверки треба да се заснова на специфичностите на индивидуалната улога и одговорности кои се очекува да ги имаат на работното место. Па така, треба да се направи и проверка за претходно изречени санкции и финансиска проверка.

Организациите не треба да прифаќаат дупликати или фотокопирани документи и треба да се проверат очигледните празнини и недоследности во историјата на претходни вработувања или живеалишта на апликантот. Апликантите треба да се потсетат дека доставувањето лажни информации или необјавување на релевантни информации може да биде основа за разрешување и да претставува кривично дело.

Во прилики кога кандидатот треба да биде назначен брзо, треба да биде јасно дека задоволителното завршување на проверките е услов за вработување.

Кога се регрутираат кадри од агенции или изведувачи, треба да се провери дали можат да го потврдат идентитетот на нивниот персонал и да обезбедат автентична фотографија предвреме.

### 8.3. Развивање добра безбедносна пракса на работното место

Персоналот треба да се охрабри да го прифати принципот „безбедноста на прво место“ како навика во и надвор од работното место:

- Кога се издаваат пристапни дозволи во вид на картички, тие треба рутински да се носат од страна на персоналот кога се наоѓаат во просторијата и да ги остават при напуштање на просторијата. Исто така, персоналот треба да се чувствува охрабрен за да реагира кога некој не носи пропусница и да пријавува секаква загриженост.
- Да се одржува политика на „чисто биро“ каде што сите документи, листи, клучеви и сите други подвижни вредни предмети да можат да се заклучат, дури и кога просториите остануваат без надзор. Треба да се обезбедат средства за отстранување/уништување на отпадот (како што се шредерите), така што чувствителните или комерцијалните документи да можат да бидат уништени,

намесτо да се остават за собирање, а печатачите и фотокопирите секогаш да бидат расчистени од хартиите.

- Да се обезбеди пристап до чувствителните области - на пр. серверски простории - само за оние на кои вистински им е потребен, со менаџери одговорни за издавање и отстранување на правата за пристап.
- Да се воспостават јасни правила за прилики кога персоналот може да земе комерцијално чувствителен материјал и да ги изнесе надвор од просториите/канцелариите на организацијата. За највредните предмети може да биде соодветно да се бара претходна согласност од управителите со формален запис за нивното изнесување и враќање назад.
- Воспоставување на доверлива телефонска линија или е-пошта каде вработените можат да известуваат за евентуални загрижености, а во согласност со тоа треба да се понудат и внатрешни и надворешни телефонски броеви за оние кои работат од далечина.
- Да се бара сите посетители да се регистрираат на приемот и да бидат придружени во секое време. Пропусниците издадени на посетителите треба да ги нудат само најосновните права за пристап и мора да бидат вратени на излез. Во зависност од природата на организацијата, можеби е најсоодветно посетителите да ги оставаат мобилните телефони и слични уреди уште на главниот влез.

## 9. Планирање деловен континуитет

Планирањето на деловниот континуитет[xvi] е процес преку кој организацијата/компанијата настојува да создаде систем за превенција и закрепнување од потенцијални закани како што се внатрешни или надворешни напади, функционални пропусти и проблеми, природни непогоди, катастрофи или сајбер напади. Ваквиот процес е дизајниран за да ги заштити персоналот и имотот и да осигури дека тие можат да функционираат повторно ефикасно во случај на катастрофа. Развиените планови треба да се тестираат и ажурираат за да се провери дека немаат слабости и недостатоци, а доколку се утврдат и идентификуваат, истите треба и да се корегираат.




Слика бр. 3. Процес на составување план за деловен континуитет[xvii]

Планот за деловен континуитет[xviii] е всушност план за одржување на операциите и враќање на деловните активности во нормала како резултат на терористички напад или поголемо нарушување.

Планот за деловен континуитет е суштински дел од планирањето на мерките и активностите како одговор при потенцијален напад на организацијата. Во него се утврдува како организацијата ќе продолжи да функционира по некој случен инцидент и како се очекува да се врати во нормала во најбрз можен рок потоа.

Овој план не мора да биде специфичен за терористички инциденти и треба да се однесува на какви било поголеми нарушувања, како што е пожар, поплава или проблем со струјата.

Подготовката на планот бара важни одлуки за средствата во рамките на организацијата кои, без оглед на околностите, не смее да се изгубат и временските рамки во кои операциите мора да продолжат.

Самиот план ги утврдува договорените аранжмани за ставање под контрола на ситуацијата, потребните ресурси за одржување на критичните деловни функции и персоналот потребен за координирање на активностите.

Достапен е широк спектар на совети за развој и одржување на планот, но следните принципи се највообичаени.

Првиот чекор е да се идентификуваат средствата и процесите кои се клучни за деловното работење, со цел полесно да се разбере деловното функционирање:

- Кои улоги и поединци се неопходни за извршување на деловните обврски?
- Каква опрема, транспорт и слично ќе му треба на персоналот за да ги одржува активностите?
- Кои оддели се неопходни за спроведување на активностите и договорните обврски?
- Кои добавувачи и други трети страни се составен дел од секојдневните рутини?

За секое идентификувано средство, треба да се земат предвид три клучни прашања:

1. Кое би било кумулативното влијание врз организацијата доколку ова средство биде нарушено за одредени периоди на време, како што се почетните 24 часа, 48 часа, неколку дена и така натаму?
2. Колку брзо мора да се врати?
3. Кои алтернативни ресурси се достапни?

Процесот на подготовки за континуитет ги потенцира активностите што може да се преземат предвреме за да се подобри отпорноста, како на пример:

- Вкрстена обука за вештини меѓу работната сила.
- Процедури за документирање, така што делегираниот персонал може да изврши непознати задачи.
- Договорена опција за преместување во и надвор од просториите (на пр. простории за состаноци кои можат брзо да се претворат во работни места).
- Далечински пристап до информатичко-комуникациските системи во номинирани локации за резервна копија.
- Алтернативни извори за производство на опрема.
- Безбедно чување на резервни копии на податоци и вредна документација.
- Договорени методи за вонреден контакт со вработените, добавувачите, клиентите итн.

Потоа, планот треба да ги претстави сите чекори што вработените се очекува да ги следат после инцидентот со цел да се одржат основните активности и да се вратат во „нормално деловно работење“ колку што е можно поскоро.

Структурата и деталите на планот варираат од бизнис до бизнис и од локација до локација, но, генерално, треба да ги вклучат:

- Околностите/условите за воспоставување просторија за инциденти и кој треба да го пријави тоа.

- Планови за одговор и комуникација за справување со првичното закрепнување.
- Јасни улоги и делегирани одговорности.
- Фактори кои одредуваат делулна или целосна евакуација на просториите.
- Како ќе се обезбеди прва помош и насочување на толпата.
- Поддршка за лица со посебни потреби, ограничена подвижност или други потреби.
- Кога и како ќе се користат алтернативни сместувачки капацитети и објекти.
- Аранжмани за вонредни состојби за критични трансакции и операции - нарачки за клиенти, прием на испорака, производство и др.
- Договорени процедури за повторно започнување со рутинските операции.

Не сите вработени ќе бидат во можност да добијат нови инструкции среде инцидент. Во одредени ситуации, на некои вработени може да им се доделат одговорности што претходно не ги извршувале. Затоа, планот треба да биде инклузивен и достапен ресурс насочен кон сите страни, вклучително и оние надвор од организацијата. Тој мора да биде јасно претставен, да се избегнуваат нејасни внатрешни референци и кратенки и да се структурираат на таков начин што луѓето можат брзо да најдат и да разберат што се очекува од нив.

Планот треба постојано да се ажурира како одговор на промените во рамките на организацијата. Организирањето на редовни проби и вежби ќе помогне во запознавањето на персоналот со процедурите и доуредување на деталите во рамките на планот. На пример, звукот за алармирање во случај на бомба може да се разликува од звукот на алармот при пожар, па точката на собирање може да биде подалеку за да се избегнат околните оштетени згради и така персоналот треба да ги разбере разликите и зошто е тоа така.

Претходните подготовки, вежби и проби значително може да помогнат во реагирањето на персоналот во организацијата во случај на инцидент.

Среде голем инцидент може да има малку време да се размисли за тоа какви активности е потребно да бидат преземени. Овие моменти може да бидат стресни и напнати, евентуално влошени од недостаток на информации за тоа што се случило и ако се очекува понатамошно нарушување. Медиумите ќе се обидат да го утврдат обемот на инцидентот, додека службите за итни случаи ќе ги следат нивните сопствени процедури додека не добијат дополнителни детали.

Кога планот за деловен континуитет ги утврдува дејствијата, одлуките и аранжманите за вонредни состојби за закрепнување на операциите, планот за одговор помага да се формира првичното постапување сѐ додека не станат достапни следните факти: како ќе се управува со инцидентот, од кого и од каде, и како ресурсите и информациите ќе бидат достапни за оние кои ќе управуваат со ситуацијата.

Аранжманите во планот за деловен континуитет може да бараат одреден персонал да преземе одговорност за првичниот одговор, помогнат од номинираните членови на персоналот со релевантно знаење за производството, односите со засегнатите страни и поддршка за информатичко-комуникациската опрема.

Сепак, мора да има одредена флексибилност - присуството за време на инцидентот може зависи од пристапот, особено ако инцидентот се случи надвор од работните часови, а некои вработени може да бидат номинирани едноставно затоа што живеат доволно блиску за да обезбедат поддршка.

## 9.1. Командна соба за инциденти

Во поголемите организации можно е да се обезбеди област во која просторија за инциденти брзо може да се постави (или, ако просторот дозволува, таа трајно да се одржува). Ова е достапна и сигурна просторија во која номинираниот персонал ќе се состане за да собере информации, да ги следи случувањата и да ги координира упатствата веднаш по настанот. Секундарна локација, идеално надвор од организацијата, исто така може да биде иземена во предвид во случај ако претпочитаната просторија е недостапна.

Меѓу задачите што треба да се извршат во просторијата за инциденти е водењето дневник во кој се евидентираат времето и релевантните активности како што се случуваат. Ова не само што ќе помогне при примопредавањето за да се следи генералниот напредок, туку може да помогне и како информација за анализата после настаните.

Собата за инциденти во случај на вонредна ситуација може да работи 24 часа и затоа треба да биде опремена со соодветен мебел, информатичко-комуникациска технологија, канцелариски материјал, ТВ и радио и, доколку е можно, сместување. Претходно подготвен пакет за одговор, исто така, треба да биде достапен за персоналот во ваквата просторијата за инциденти.

Пакетот за одговор треба да содржи клучни документи и предмети што може да им бидат потребни на оние кои ќе управуваат со просторијата за инциденти или ќе работат со службите за итни случаи. Содржината на овој пакет е дадена во продолжение, но, сепак, овие списоци не се исцрпни и треба да се додадат други предмети по потреба.

*Документи:*

- План за деловен континуитет и планови за комуникација
- Контакт детали на номиниран персонал за одговор, плус список со сите вработени, нивните адреси и мобилни броеви
- Контакт детали на служби за итни случаи
- Детали за какви било локални комунални претпријатија, организации за спасување, градежни изведувачи, локални власти надлежни за планирање на вонредни состојби
- Планови за градење, вклучувајќи ја локацијата на местата каде се складираат енергенси, електричната енергија и водата и контролите за греење и вентилација. Исто така, сите заштитени подрачја каде што ќе биде евакуиран персоналот.
- Ажурирана листа на залихи и опрема
- Финансиски и банкарски информации
- Списоци со производи и спецификации

*Опрема:*

- Самостоен лаптоп компјутер, компатибилен со локалната мрежа
- USB мемориски стикови
- Резервни клучеви / безбедносни шифри
- Факел и резервни батерии
- Лента за опасност и кордонска лента
- Мал паричен ресурс
- Картички и маркери за привремени знаци и друг канцелариски материјал (пенкала, хартија, итн.)
- Активен мобилен телефон со полнач.

## 10. Комуникациски планови

Комуникациите[xix] се од суштинско значење при случен инцидент. Со цел пораките да бидат точни - и да се избегне забуна или ширење на дезинформации - специфичните задачи треба да бидат распределени на релевантен, искусен персонал.

Во случај на сериозен инцидент, ќе има потреба што поскоро да се извести персоналот за тоа што се очекува од секого да направи. Ова треба да биде преку тестирани канали за внатрешна комуникација, како што се системот за јавни адреси, сигнали за е-пошта, интранет или какви било табли/патокази за известување во комуналните области.

Сите пораки треба да бидат јасни и содржајни. Ако има какви било упатства за персоналот да ги следи, важно е да не се бараат премногу активности одеднаш. Луѓето со поголема веројатност ќе одговорат на едно или две упатства отколку на цел список.

Брзиот одговор може да биде од суштинско значење (особено ако персоналот ги следи медиумските извештаи), затоа треба да се постават претходно подготвени обрасци за соопштенија на персоналот.

Треба да се искористат целосно внатрешните комуникации за да се информираат вработените за каква било истрага која е во тек, како и за евентуални застои и блокади на локалните патишта и јавниот превоз.

Во случај на целосна или делумна евакуација, во одредена фаза ќе има потреба да се ажурираат оние што се собрани во заштитените подрачја или местата за евакуирање, па затоа е неопходно да се има соодветна комуникација до овие точки.

Доколку веќе не е вклучен во плановите за вонредни состојби, треба да се размисли за уредување на договорен модел за вонредни каскадни пораки кај вработените. Каскадата подразбира секој менаџер на тимот да биде одговорен за контактирање со неговите директни вработени. Персоналот треба да биде запознаен со тоа како ќе работи каскадата и како ќе се обезбедува редовно ажурирање на нивните контакт детали.

Планот за деловен континуитет и планот за одговор го идентификуваат водечкиот контакт за службите за итни случаи, но може да има потреба да се контактира со други надворешни чинители за да се понудат ажурирања, на пример:

- Централна и/или друга локација во рамките на деловното работење.
- Просторија за планирање за вонредни состојби.
- Соседни организации.
- Комунални компании.

- Друштво за осигурување.
- Клиенти и добавувачи.
- Големи акционери.

Во секој случај, комуникацискиот план треба да даде до знаење кој е одговорен за одржување контакт. Во некои случаи, тие ќе бидат координатори на просторијата за инциденти, но во други може да биде посоодветно тоа да бидат вработените со релевантни работни односи, знаење или овластување. Контакт деталите треба да се чуваат во кутијата за итни случаи.

Целокупната координација со службите за итни случаи треба да оди преку претходно номинирани лица со соодветна надлежност во рамките на организацијата. Службите за итни случаи може да бараат детали од плановите за пребарување и детали за какви било познати жртви или области на локацијата што може да станат опасни. Исто така, треба да се прифати како практика дека на местото на настанот се следат упатствата на службите за итни случаи.

Доколку самата организација е вклучена директно или се наоѓа во близина на голем инцидент, разбирливо е дека ќе има загрижени роднини и пријатели кои бараат информации. При големи инциденти, може да се постави телефонска линија за врска со службите за итни случаи и секоја јавна веб-страница треба да се ажурира со детали за овие броеви.

Можеби е соодветно да се обезбеди листа со овие телефонски броеви за вработените.

Во зависност од сериозноста на инцидентот, можеби е неопходно да се биде во контакт со локалните или дури и националните медиуми кои можат да вршат притисок за итна информација и реакција.

Доколку одредени вработени во организацијата се запознаени со односите со медиумите, сите вакви прашања треба да продолжат да бидат насочени кон нив за да се избегне ризикот од објавување и пренесување на неточни детали. Можеби е тешко да се спречи персоналот или заинтересираните за настанот да даваат коментари или да користат мобилни уреди да споделуваат слики, но, што се однесува до сопствениот официјален одговор на организацијата, информациите треба да бидат точни и соодветни колку што дозволува ситуацијата.

Треба да се дистрибуираат низа одобрени одговори на медиумите со релевантни надворешни страни за да помогнат во координирањето на пораките. Доколку е

потребно, формална изјава треба да се даде за медиумите за да се обелоденат фактичките информации и за да се разјасни што е можно повеќе што се случило, што се прави за тоа и кога ќе бидат достапни дополнителни информации.

## 11. Индикатори за подготвување или постоење на терористички активности

Како и организираните криминални групи, така и терористичките организации треба да планираат и подготвуваат, купуваат и складираат материјали и да најдат начини за финансирање на нивните активности. Голем дел од овие активности се прави пред очите на јавноста. Затоа, доколку работниците за приватно обезбедување забележат или слушнат нешто невообичаено и сомнително, потребно е да го пријават и да ја известат локалната полициска станица. Секоја информација што може да биде директно или индиректно поврзана со одредени терористички активности може да им помогне на безбедносните органи да спречат извршување на терористички акт и да спасат одредени животи.

За таа цел, постојат одредени индикатори за препознавање знаци и однесување на сомнителни лица кои може да бидат поврзани со терористички активности:[xx]

- Складирање: Одредени објекти како што се гаражи, бараки, подруми и сл. може да бидат искористени од страна на терористите за складирање на оружје и опрема. Доколку се сомневате и забележите некој да изнајмува вакви објекти потребно е да се пријави.
- Хемикалии: Доколку некој купува специфични хемикалии во поголеми количини во одреден временски интервал без некоја очигледна причина тогаш тој може да биде на листата на сомнителни лица.
- Заштитна опрема: При ракување со хемикалии или изработка на импровизирани експлозивни направи е опасно без заштитна опрема. Доколку забележите оставена или расфрлана заштитна опрема може да биде користена токму за таква намена.
- Финансирање: За извршување на терористичките напади потребни се финансиски средства кои терористичките организации ги обезбедуваат на различни начини. Измамата со кредитни картички е еден од тие начини. Во случај да забележите сомнителни трансакции од страна на одредени лица потребно е да го пријавите.

- Документи за идентификација: Терористите најчесто користат лажни лични документи. Доколку познавате некого кој има повеќе лични документи со различни имиња и фотографии автоматски влегува во кругот на сомнителни лица.
- Надзор: При планирање и подготовка на терористичките напади, терористите често вршат надзор над потенцијалните објекти на напад. Доколку забележите некој да фотографира одредени заштитени објекти или објекти од критичната инфраструктура потребно е да го пријавите.
- Патување: Состаноците, обуката и планирањето на некој терористички напад може да бидат на различни локации во една држава или во повеќе држави. Од таа причина доколку воочите некого кој патува често, а има сомнителна работа и остварување на приходи може да предизвика одредено сомневање.
- Комуникација: Комуницирањето помеѓу членовите на некоја терористичка организација најчесто се врши телефонски, но често тоа се при-пејд телефонски броеви или украдени телефонски уреди. Во случај некој често да го менува неговиот телефонски број или да поседува повеќе телефонски апарати без некоја посебна причина влегува во сомнителна активност. Исто така ако некој често посетува веб-страни кои се поврзани или споделуваат одредени содржини со тероризам или активно промовираат или воздигнуваат терористички активности постои опасност да западне под одредени влијанија.

Исто така, при извршување на секојдневните рутински задачи, работниците за приватно обезбедување треба да забележуваат одредени сомнителни однесувања како:

- Луѓе во стационирани возила што набљудуваат одредени објекти од критична инфраструктура.
- Возила што се движат полека во близина на одредени објекти и се паркираат во сомнителни околности.
- Луѓе што користат опрема за фотографирање и снимање или прават одредени белешки или скици за одредени безбедносни детали на некој објект.
- Луѓе кои се сомнителни, а користат специфични места за влез и излез како скали, ходници или места за евакуација.
- Луѓе кои подолго време се задржуваат во определен објект без некоја причина и евидентираат персонал, посетители, испораки и сл.

- Луѓе кои што поставуваат детални или невообичаени прашања во врска со распоред на објекти, безбедносни планови, користење на паркинг и сл.

ГЛАВА 7

# 7. ИСТРАЖУВАЊЕ И АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 7.1.Тек на истражувањето

Со ова истражување може да се дојде до информации и податоци со кои би ги потврдиле или пак би ги отфрлиле досега постоечките ставови и мислења за самоубиствениот тероризам во целост. За да може да се дојде до поголем број на валидни податоци, потребно е да се примени историско-компаративниот метод со кој најлесно може да се дојде до информации за досегашните појавни облици и вкупниот досегашен број на самоубиствени напади. Откако ќе се согледаат и приберат првичните информации, потребно е преку методот на студија на случај да се прегледаат засебностите на секој поединечен самоубиствен напад, како после тоа би можеле да составиме и генерална слика за проблемот наречен самоубиствен тероризам. Компарацијата е следниот метод кој се врзува на претходните два, а по него следуваат методите на анализа и синтеза и методот на дескрипција.

Со цел да се добијат точни и сигурни податоци потребни за понатамошната борба со самоубиствениот тероризам, потребно е детално да се раздлабочат и проучат досегашните самоубиствени напади во светски рамки. Заради таа цел, во ова истражување првенствено ќе биде даден преглед на самоубиствените напади на териториите на Пакистан, Израел, Турција, Египет, Авганистан, Сирија, Ирак и Европа, почнувајќи од 2010 до 2016 година. Териториите на Авганистан, Сирија, Пакистан и Ирак се избрани заради тоа што статистички тие се државите со најголем број на терористички напади и држави во кои егзистираат, и во кои свои упоришта имаат најголемите и најмоќните терористички организации. Египет, Турција и Израел се избрани заради специфичностите на функционирањето, сплетот на околности и спецификите на тероризмот кој функционира во овие држави. Европскиот континент е избран поради фактот што Р.Македонија се наоѓа на него, и случувањата на континентот можат многу да влијаат и да укажат на безбедносната ситуацијата во нашата држава.

Откако ќе се согледа прегледот на самоубиствените напади, потребно е да се направи солидна анализа, и преку статистичкиот метод да се дадат прецизни податоци за вкупноста на случени напади во таргетираниот период, заеднички и поединечно за

секоја наведена држава. Бројот на загинати и на повредени лица по година, територија и вкупно, како и разликите во однос на цивили и лица од безбедносните служби, начинот на кој е извршен нападот (бомбаш самоубиец, автомобил-бомба, камион-бомба и сл), како и местото (касарна, воен пункт, плоштад, џамија и сл) на кое е извршен, вклучувајќи го тука и мотивот (одмазда, религиозна борба и сл.) за изведување на нападот се исто така интерес на истражувањето. Како и претходните податоци, исто така важна е и информацијата за групата која ја преземала одговорноста за нападот или која е осомничена за неговата изведба.

Со внимателно користење на податоците добиени од ова истражување може да се добијат нови знаења за самоубиствените напади, терористите самоубијци, начините на кои тие дејствуваат, техниките кои ги користат... Па така би се олеснило подготвувањето на стратегија за превенција, рано откривање и спречување на самоубиствениот тероризам, како и за директна конфронтација со овој феномен, со цел негово сведување на минимум, како чекор кон негово евентуално искоренување.

## 7. 2.Преглед - статистичка анализа на самоубиствените напади во периодот од 2010 година до 2016

### 7.2.1 Статистичка анализа на самоубиствените напади во Турција

На територијата на Турција во периодот од 2010 до јуни 2016 година се изведени 22 самоубиствени напади во кои животот го загубиле 292 лица, додека 1155 лица биле ранети, со просек на 13.3 жртви и 52.5 ранети лица по напад. Нападите се изведувани како дел од војната која Работничката курдистанска партија ја води со Турција (13), битки на бунтовници против Сирија во пограничниот појас (7) и како изолирани самоубиствени напади (2).

Нападите доминантно се изведени од страна на курдите и нивните групи кои се борат за отцепување од Турција и формирање на своја независна држава, па тука партиципираат Курдистанската работничка партија (4 напади), Курдистанските ослободителни соколи (4 напади) и Револуционерната партија за ослободување (2 напади), додека 12 напади се изведени од страна на непознати групи.

Со самоубиствен бомбашки елек се изведени 13 напади, а билансот од нив е 206 загинати и 794 ранети лица или 15.8 жртви по напад. Вториот начин на извршување кој егзистира во Турција е употребата на автомобил бомби, начин на кој се извршени 8 напади, при кои загинале 86, а биле ранети 329 лица со биланс од 10.8 жртви по напад.

Како цел на напад во Турција доминираат безбедносните мети, па така при 13 напади загинало 61 лице а ранети биле 212 лица. При 6-те напади на цивилни мети загинале 124 лица, а ранети биле 520, додека кај 3-те напади врз политички цели загинале 107 лица и биле ранети 423.

Од идентификуваните напаѓачи утврден е бројот на неколку напаѓачи. Според таа идентификација утврдени се 14 напаѓачи од машки пол и 3 напаѓачи од женски, додека полот на 9 напаѓачи сеуште не е утврден.

Анализата по години е дадена во табелата која следува.

| Година | Број на самоубиствени напади | Број на жртви | Број на ранети лица |
|---|---|---|---|
| 2010 | 1 | / | 32 |
| 2011 | 2 | 5 | 22 |
| 2012 | 3 | 10 | 21 |
| 2013 | 1 | 1 | 3 |
| 2014 | / | / | / |
| 2015 | 6 | 137 | 537 |
| 2016 | 9 | 139 | 540 |

### 7.2.2. Статистичка анализа на самоубиствените напади во Израел

На територијата на Израел, која се наоѓа во постојани конфликти со палестинските радикални групи особено во појасот Газа идентификувани се 8 самоубиствени напади и обиди за истите, при што животот го загубиле 13 лица, додека 64 лица биле ранети. Нападите се дел од бунтот кој палестинците со години го имаат кон Израел и најчесто се изведувани од Хамас (3) и останатите палестински терористички групи кои соработуваат со Хамас (5).

Во Израел нападите се поделени на напади према безбедносните сили (4) при кои загинале 2 а 4 лица биле ранети и напади кон цивилни цели (4) при кои 11 лица загинале а 27 биле повредени. Како начин на извршување се јавуваат нападите со ладно и огнено оружје во присуство на безбедносни сили (4), напад со бомбашки самоубиствен елек (2) и напад со возило кон целта (2).

Според полот на извршителите утврден е полот на 1 напаѓач од женски пол, додека сите останати (12) се припадници на машкиот пол.

Нападите се извршени само во две години 2014-та и 2016-та. Во 2014 се изведени 3 напади со биланс од 11 жртви и 31 рането лице, додека во 2016 во 5 самоубиствени напади загинале 2 лица, а ранети биле 17 лица.

### 7.2.3. Статистичка анализа на самоубиствените напади во Авганистан

Голем е бројот на самоубиствените терористички напади во Авганистан, така за периодот на обработка идентификувани се вкупно 648 самоубиствени напади при кои животот го загубиле 3205 лица, додека 8732 биле ранети, со биланс од 4.9 жртви по напад.

Најголемиот број од нападите во Авганистан се изведени од талибанските бунтовници против воените објекти и мисии на САД, НАТО и нивните сојузници. Авганистанските талибанци се одговорни за 377 од нападите, Исламската држава извршила 2 напада, Хизб и Ислами извршила 4 напади, Исламското движење на Узбекистан извршил 1 напад, додека 266 од извршените самоубиствени напади се дело на непознати групи или станува збор за напади за кои никоја група не преземала одговорност.

Најчеста цел на напад на оваа територија се безбедносните цели (470) при кои загинале 2001 лице, па следуваат нападите врз политичките цели (114) кои однеле 654 жртви и нападите над цивилни цели (64) со 550 жртви.

Според начинот на извршување, егзистираат самоубиствените напади со употреба на самоубиствен бомбашки елек (255), самоубиствени напади со употреба на автомобил бомби (283) и други начини (90).

Според полот на напаѓачите досега се идентификувани 5 напаѓачи од женскиот пол и 298 напаѓачи од машкиот, додека полот на 462 други напаѓачи не може со сигурност да биде утврден.

Статистиката по години е дадена во табелата која што следува.

| Година | Број на самоубиствени напади | Број на жртви | Број на ранети лица |
|---|---|---|---|
| 2010 | 110 | 449 | 1187 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2011 | 112 | 651 | 1659 |
| 2012 | 92 | 514 | 1258 |
| 2013 | 93 | 388 | 1106 |
| 2014 | 131 | 544 | 1488 |
| 2015 | 83 | 400 | 1253 |
| 2016 | 27 | 459 | 781 |

#### 7.2.4. Статистичка анализа на самоубиствените напади на територијата на Европа

Периодот од почетокот на 2010 година до крајот на месец јуни 2016 година, на територијата на Европа се имаат случено 51 самоубиствен напад, во кои животот го загубиле 379 лица, додека 1450 лица биле ранети. Статистички, секој самоубиствен напад на европско тло резултирал со 7.4 жртви и 28.4 ранети лица.

Според територијата, самоубиствените напади се случиле во вкупно седум држави, и тоа Белгија, Бугарија, Србија, Украина, Шведска, Русија и Франција. Доминираат самоубиствените напади кои се случил во Русија или вкупно 38 со биланс од 242 жртви и 945 ранети лица. Франција е втора со 4 напади кои резултирале со 94 жртви и 123 ранети лица. По нејзе следуваат Белгија со 3 самоубиствени напади со биланс од 32 жртви и 340 ранети лица, како и Украина со 3 напади и резултат од 5 жртви и 7 ранети лица. Балканските држави Србија и Бугарија биле сведоци на по еден напад, при кои во Србија имало само едно повредено лице, додека во Бугарија загинале 6 лица и имало 32 ранети лица. Списокот на држави во кои се случиле самоубиствени напади го заокружуваме со Шведска во која имало само еден напад со 2 повредени лица.

Самоубиствените терористички напади во Европа се изведени од страна на ќелии на источните терористички организации во земјите на стариот континент. Според преземената одговорност за нападите Кавкаскиот емират е одговорен за 7 самоубиствени напади, за колку е одговорна и Исламската држава, Ријадус Саликин е одговорна за 2 напада, Шумкур ал Ислам за еден напад, а за 34 напади не е преземена одговорноста.

Нападите на територијата на Русија се преземени како резултат на конфликтите кои руските власти ги имаат со чеченските бунтовници, додека на територијата на

Украина нападите се изведени од страна на проруските сепаратистички трупи. На сите останати територии станува збор за напади од страна на Исламската држава и нејзините противници против НАТО силите и нивните европски сојузници.

На европско тло најчесто напаѓани биле безбедносните цели, поточно 30 напади резултирале со смрт на 91 лице, но најсмртоносни биле нападите над цивилните цели, каде во 18 напади загинале 276 лица. Нападите над политичките цели (3) резултирале со смрт на 12 лица.

Напаѓачите низ Европа најчесто употребувале самоубиствен бомбашки појас и тоа во 34 од нападите, кои однеле 306 жртви, додека во 17 други напади бил употребен методот на автомобил бомба, со резултат од 65 жртви.

Непознат останува полот на 15 напаѓачи, додека утврден е полот и идентитетот на 35 машки и 9 женски напаѓачи.

Статистичката анализа по години е дадена во табелата што следува.

| Година | Број на самоубиствени напади | Број на жртви | Број на ранети лица |
|---|---|---|---|
| 2010 | 15 | 90 | 382 |
| 2011 | 8 | 57 | 224 |
| 2012 | 7 | 43 | 162 |
| 2013 | 8 | 50 | 176 |
| 2014 | 2 | 9 | 12 |
| 2015 | 5 | 95 | 128 |
| 2016 | 6 | 35 | 366 |

### 7.2.5. Заедничка статистичка анализа на посочените територии во периодот 2010 година до 2016 година

Ако севкупно и заеднички се анализираат статистичките податоци кои ни се достапни за самоубиствените терористички напади на териториите на Азија- Африка како континенти на државите- Авганистан, Египет, Пакистан, Ирак, Сирија, Турција, Израел, Ирак и Европа можеме да добие и еден вид на глобална слика на самоубиствениот тероризам.

Согласно податоците кои стојат на располагање во периодот од 2010 година до јуни 2016 на овие територии извршени се вкупно 2215 самоубиствени напади, кои

резултирале со 19.187 жртви и 43.905 ранети лица. Сумарно по години истото може да се види во следната табела.

| Година | Број на самоубиствени напади | Број на жртви | Број на ранети лица |
|---|---|---|---|
| 2010 | 265 | 2449 | 6590 |
| 2011 | 231 | 2103 | 5587 |
| 2012 | 222 | 1743 | 4809 |
| 2013 | 423 | 3822 | 8881 |
| 2014 | 488 | 3638 | 6937 |
| 2015 | 427 | 3629 | 6516 |
| 2016 | 153 | 1744 | 4585 |

Најголемиот дел од нападите на сите овие територии е изведен од страна на борците на Исламската држава и од страна на Талибаните, сите останати групи партиципираат со незначителен број на напади.

Бројот на напади врз политички цели изнесува 269, нападите врз цивилни цели се вкупно 436, додека нападите врз безбедносните сили изнесуваат 1493. Нивната процентуална застапеност е дадена подолу.

Генерализирано почест метод на извршување на самоубиствените напади е употребата на автомобил бомби која опфаќа вкупно 1186 напади, за разлика од активирањето на експлозивен самоубиствен елек кој опфаќа 793 напади. [127]

Во функција на поврзување со актуелните состојби со тероризмот и самоубиствениот тероризам како надополна на овој магистерски труд ќе изнесам одредени констатации за актуелните состојби и во временска рамка од неколку години. Преку тоа ќе се потврдат, прошират и потенцираат трендовите, видовите и методите на делување на терористичките групи широм светот.

Во текот на изминатите пет години имаше јасен тренд на намалување на бројот на самоубиствени напади ширум светот, со особено остар пад во 2021 година. Овој тренд очигледно е комбиниран резултат на значителното слабеење на Исламската држава по нејзиниот воен пораз во Сирија и Ирак и повлекување или значително

[127] Сите статистички податоци се земени од http://cpostdata.uchicago.edu/search_results_new.php

намалување на западните воени сили во борбените области на Блискиот Исток и јужна Азија. Во 2021 година имало околу 42 отсто помалку самоубиствени напади од претходната година, со 48,5 отсто намалување на бројот на самоубиствените напаѓачи и намалување за 69 отсто на бројот на жени кои учествуваат во такви напади. Остар пад од 44,5 отсто е забележан во бројот на нападите извршени од ИСИС и нејзините филијали и за околу 35 отсто во бројот на нападите извршени од поддржувачите на Ал Каеда. Генерално, имаше намалување за околу 44 отсто на бројот на напади поврзани со салафистичко-џихадскиот тек на исламот, иако организациите поврзани со него продолжија да доминираат како поттикнувачи на самоубиствени напади.

Како заклучок, континуираниот пад на бројот на самоубиствени напади е дополнителен израз на моменталната слабост на салафистичко-џихадските организации ширум светот. Иако овие терористички организации вршат десетици напади секој месец, нивната употреба на тактиката на самоубиство значително се намали. Сепак, малку е веројатно дека овој вид на ефективни и смртоносни акции, кои долги години имаа верско-етичка и организациска вредност за нив, ќе бидат целосно напуштени. Промените во внатрешните, регионалните и глобалните геополитички околности би можеле уште еднаш да поттикнат поголема употреба на оваа тактика од страна на организациите, за промовирање на нивните цели и конкретно за утврдување на нивната заканувачка слика.

Иако постојат голем број на индикатори, сепак ние не можеме да зборуваме за профил на терорист самоубиец и за негово генерализирање. Самоубиствени терористички напад вршат: лица со високо образование и лица без образование, млади и стари, богати и сиромашни, мажи и жени, тие се припадници на најразлични професии, така да меѓу нив може да се најдат и правници, адвокати, доктори, војници, полицајци, математичари, новинари итн. Иако најголемиот број на терористи самоубијци се припадници на муслиманска религија, сепак не сите терористи самоубијци се муслимани. Терористите самоубијци не се раѓаат, тие се создаваат. За да одредено лице стане терорист самоубиец, потребно е да помине период на обука, кој што го вршат терористичките организации. За време на обуката, потенцијалните самоубијци прифаќаат да го отфрлат својот живот и да се претворат во оружје во рацете на организацијата. Со прифаќањето тие индиректно се откажуваат од својот живот и почнува процесот на одбројување, прашање на време е само моментот кога истите тие ќе бидат употребени. Рамнодушноста којашто тие ја покажуваат е зачудувачка. Својот живот и животот на непријателите, тие ги третираат како предмет,

според едноставната девиза, мојот живот во замена за нивните животи. Оваа рамнодушност оддава застрашувачки ефект. За време на обуката инструкторите ги убедуваат потенцијалните самоубијци дека саможртвата ја прават во името на Алах, водачот, татковината, етничката група или својот народ. Низ целиот процес на обука, се врши сеење и десиминација на омраза кон непријателот. Доколку мотивацијата е на високо ниво и се зголеми желбата за одмазда, поголеми се шансите лицето да го изврши нападот кој е предодреден за него. Лидерите во организациите имаат клучни улоги, тие се доживувани како митски и култни личности, а во нивно име индоктринираните членови се спремни да извршат секаков подвиг.

Еден од главните елементи на процесот на обука е употребата на заклетва. Заклетвата најчесто доаѓа откако веќе лицето е индоктринирано и радикализирано, и има голем психолошки удел во извршувањето. Со потпишување на заклетвата лицето си потпишува смртна пресуда и истовремено нуди конспирација на целиот период до извршувањето на нападот.

# ГЛАВА 8

## 8. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Денес во современиот свет, како резултат на брзиот развој на науката и технолошката револуција, покрај поголемиот број на позитивни придобивки, сведоци сме и на голем број негативни општествени појави и опасности. Некои од овие

опасности претставуваат глобални безбедносни закани. Како една од најголемите глобални безбедносни закани се јавува тероризмот, со сите негови појавни облици и форми. Сепак, како најсериозна закана од сите подвидови на тероризмот се јавуваат самоубиствените терористички напади, т.е. самоубиствениот тероризам. Самоубиствениот тероризам иако е феномен, којшто не е карактеристичен само за современото живеење, својот најголем подем го доживува во XX век и почетокот на XXI век. Методите коишто ги користи денес, се далеку поразорни, пософистицирани, со поголема уништувачка моќ и предизикуваат поголема опасност од тероризмот во било која претходна епоха.

Самоубиствениот тероризам е познат уште од античките времиња, почнувајќи од зеалотите и асасините, продолжувајќи преку анархистите и револуционерите, се до радикалните религиозни борци. Денеска најголемиот дел самоубиствени напади во светот ги вршат радикаланите исламистички групи, оперирајќи првенствено на териториите на Ирак, Авганистан, Пакистан и Сирија, но и преку своите ќелии во западноевропските земји и во САД. Самоубиствените напади, денес се превземаат со цел да се победат непријателите, т.е. неверниците (Евреите и крстоносците).

Самоубиствениот тероризам, дефинитивно е еден од најопасните и најупотребуваните појавни облици на тероризмот во последните неколку децении. Моќта и влијанието кои тие ги имаат делуваат застрашувачки. Никој не е имун на овој вид тероризам. Неговата зачестена употреба се должи на големиот број предности кои ги има во однос на другите облици на тероризам: предизвикуваат голем број на жртви, имаат големо покритије од мас-медиумите, не е потребен план за бегство, економични се, даваат оптимална ефикасност, не постои опасност за откривање на другите членови во ќелијата, па и на организацијата.

Како и кај сите терористи, така и во случајот со терористите самоубијци, постојат спротивставени гледишта. Додека за едната страна тие се: злосторници, крвопролевници, фанатици, за другата страна тие се: хери, борци за слободи и права, легални борци кои го користат своето право за одбрана, против далеку посилен непријател, применувајќи свои сопствени методи. Гледиштата и сликата која што се добива за терористите самоубијци, првенствено зависи од тоа на која религиозна група припаѓаат луѓето, од која држава се луѓето или пак од која етничка група доаѓаат. Едноставно, бомбата претставена од ИРА во Лондон, за англиската популација претставува терористички чин, истиот тој потег за припадниците на ирската популација претставува патриотски и херојски чин. За остатокот од светот, станува

збор за бомбашки напад, но дали истиот тој ќе биде карактеризиран како терористички, зависи од многу фактори.

Масовната појава на самоубиствените напади во последните години е поврзана со појавата на радикалниот ислам. Иако исламот првенствено претставува мирољубива религија, сепак водачите на радикалните исламистички групи, одредени недоволни јасни „сури“ ги покажуваат како насилни и како дозвола од Бога, да се води борба против „неверниците“. Како неверници освен евреите и крстоносците, според припадниците на радикалниот ислам, се сметаат и оние муслимани коишто не се поклонуваат на правилата и принципите на радикалниот ислам.

Целта која што сакаат да ја постигнат радикалите е зајакнување на верата помеѓу муслиманската популација, придобивање на масата, како и добивање на нови членови на терористичките организации. Преку постојаното ширење на радикалниот ислам, тие сакаат да воведат една единствена светска религија(радикалниот ислам), а истото тоа е возможно, само со убивање на неверниците. Водачите на радикалните групи, западните сили ги прикажуваат како окупатори, грабачи, експлоататори, кои треба да бидат казнети и тоа со цената на нивните животи. Џихадот, за нив е света војна, преку која треба насекаде во светот да завладее исламскиот калифат.

Процесот на радикализација на одредено лице е долг процес којшто нема точно утврдена временска рамка ниту прецизно определени фази на развивање, но и покрај тоа можеме да зборуваме за најчестиот модел и неговите фази. Постојат повеќе фактори кои влијаат на лицата во процесот на радикализација. Истите тие фактори можат да се поделат на надворешни и внатрешни. Најбитни од надворешните фактори се: културниот, образовниот и економскиот статус на поединецот, влијанието на медиумите, дисфункционално семејство и сл. Додека како најчесто сретнувани внатрешни фактори се: личните трауми, фрустрација, дискриминација, смрт на блиско лице, претерана употреба на наркотични сретства и сл. Присуството само на еден фактор не би го започнало процесот на радикализација, но комбинација од повеќе фактори ги зголемува шансите повеќекратно. Радикализацијата се случува секаде, како во муслиманските земји, така и во високо развиените држави од западна Европа и САД.

Дека одредено лице е навлезено во процес на радикализација, можат да ни покажат низа на индикатори: промена на името, употреба на псевдоним, промена на стилот на облекување, промена на физичкиот изглед, сокриени тетоважи, контакти со лидери на радикални групи, поседување на пропаганден радикален материјал, промена

на религиозната практика, објавување статуси со радикална содржина, го слави маченииштвото како елемент на џихадот, гласно говори за екстремистичките ставови, општествена изолација и уште многу други.

При обуката на терористите самоубијци, најбитно е да се надминат неколку пречки, а тие се: стравот, создавањето на убиствен карактер, уништувањето на човечката свест за себе и др. Премостувањето на овие пречки најчесто се изведува во изолирани и затворени тренинг кампови. Додека идниот терорист самоубиец се наоѓа во кампот, постојано мисли, живее и диши за тоа како да изврши напад, каде да го изврши, како да убие повеќе непријатели, како да ги избегне безбедносните контроли пред нападот итн. Постојаното живеење со овие мисли, кај личноста создава психолошко оптоварување, голема нестрпливост и желба што побрзо да се изврши нападот. Иако, голем број на лица ја поминуваат обуката, не секое лице е способно да убие, а уште помалку лесно е да се убие лице кое не се знае, и лице против кое се нема никакво чувство на омраза. За да се постигнат овие ефекти, најчесто на лицето му се даваат одредени медикаменти и наркотични сретства со кои лицето се доведува до смирена и бесчувствителна состојба. На крај религијата го има клучниот збор. Поттикнувањето на маченииштво, постигнувањето на слава, која ќе го следи и големите благодети кои лицето ќе ги има во задгробниот живот, како борец на Алах, најмногу ги зголемува убедувањата и ја зацврстува верата во извршувањето.

Не е мал бројот на терористичките организации кои егзистираат, а го користат самоубиствениот тероризам како своја алатка. Според достапните податоци и анализи, како извршители на самоубиствени напади се јавуваат припадниците на: Хамас, Хезболах, Курдистанската работничка партија, Гама ал Исламија, Ослободителните тигри на тамилски Елам на Шри Ланка, Талибаните во Пакистан, Боко Харам, Ал Каеда и ИСИС. Овие организации ги имаат извршено најголемиот број од терористичките самоубиствени напади во последните 15 години.

Самоубиствените напади, се лесно изводливи и поради лесната достапност на експлозивни материјали и средства кои можат да се искористат за прозиводство на експлозиви. На интернет порталите, постојат голем број на информации, статии, па дури и видеа кои покажуваат како лесно и самостојно да се изработат експлозиви, со што дури и лицата кои немаат никаква обука и знаење околу експлозивите, можат сами да изготват експлозивен материјал. Покрај овакивите портали, постојат и одредени интернет страници, како што е на пример страницата: http://inertproducts.com преку која може да се изврши нарачка на одредени продукти коишто можат директно да

бидат користени од страна на терористите самоубијци. Благодетите на современото живеење, во голема мера се искористуваат од страна на вештите лидери во терористичките организации.

Експлозивните направи којшто ги користат терористите самоубијци не се стандарднизирани. Најголемиот дел од нив се импровизирани експлозивни направи, коишто имаат повеќе варијации и различни начини на иницирање. Нивниот надворешен изглед, секогаш е во склад со средината или лицето коешто ги носи, преку изглед на некој друг предмет на редовно секојдневно користење, така што успешно може да предизвикаат залажување и прикривање на експлозивот. Тие најчесто изгледаат како телефон, кукла, детска играчка, портабал компјутер, а истите може да бидат скриени во: спортски ранец, акт ташна или алат за работа. Најчесто користени се така наречените експлозивни елеци. Истите тие, лесно може да бидат сокриени под облеката на напаѓачот, а воедно да бидат активирани со само еден потег, многу тежок за воочување.

Согледувајќи го истражувањето и неговите резултати за државите од интерес се доаѓа до заклучок дека во последните неколку години или поточно од јануари 2010 година до крајот на јуни 2016 година, на просторите опфатени со истражувањето се случиле 2215 напади во кои животот го загубиле 19.187 лица, додека 43.905 биле ранети. Со други зборови, во вкупно 2373 денови се случиле 2215 самоубиствени терористички напади или околу еден напад на ден во просек, при што секој ден животот го губеле 8 лица додека ранети биле 18.5 лица во просек по ден.

Согледувајќи ги овие статистички податоци не е тешко да се увиди влијанието и ефектот кој што денес го имаат самоубиствените терористички напади во светски рамки. Според истражувањето, нивното користење и појава не се намалува, напротив се зголемува. Во 2010, 2011 и 2012 година бројот на самоубиствените терористички напади се движел нешто над 200 напади годишно, додека во следните три години (2013,2014,2015), овој број е дуплиран, па така имаме повеќе од 400 самоубиствени напади годишно. Минимално но значително е намален бројот на напади во првата половина на 2016-та година, каде до крајот на јуни имаме 153 напади, што ни дава индикатор дека доколку продолжи  ова темпо до крајот на годината би имале нешто над 300 напади годишно. Но тоа се само претпоставки.

Самоубиствениот тероризам е еден од најчесто употребуваните облици на терористичките организации низ светот ѝ не постои тенденција тоа лесно да се смени во блиско идно време. Постојат голем број на предности и олеснителни околности кои

го прават овој вид на тероризам лесно употреблив од страна на терористичките организации. Почнувајќи од неговата економичност и ефикаснот, преку лесниот начин на пронаоѓање на извршители и гарантирањето на нивната дискреција (според истражувањето голем е процентот на напаѓачите чиј идентитет не е утврден со сигурност), како и дискрецијата на ќелијата во која работи сѐ до лесната достапност за материјали за подготовка на експлозиви и импровизирани експлозивни направи наменети за извршување на самоубиствените терористички напади.

Во справувањето со овој негативен општествен феномен потребна е кооперативна работа од страна на сите меѓународни фактори, вклучувајќи ги тука сите независни држави, Организацијата на Обединетите Нации, НАТО, Европската унија и сите надвладини меѓународни институции.

Индивидуалното справување со самоубистениот тероризам не е возможно, т.е. не би вродило со посакуваниот резултат, а тоа е сведување на минимум на самоубистениот тероризам како преоден чекор кон негова незначајна улога во редот на негативните општествени појави кои го загрозуваат светскиот поредок и се сериозна глобална безбедносна закана.

Потребна е единствена и официјална глобална стратегија за справување и спречување на самоубистениот тероризам во светски рамки. Една таква стратегија мора да ги опфаќа сите сегменти почнувајќи од разузнавањето, примената на конвенционалните мерки за справување на криминалитетот, посебните истражни мерки, дипломатијата, офанзивните воени акции и превентивното работење на сите безбедносни служби и институции.

Првенствено потребно е да постои добра дипломатија, членките на меѓународната заедница, мораат отворено и заеднички да изградат и одржуваат ефикасна и долготрајна контратерористички сојуз, дипломатија која била основа за сите мерки кои би се превземале во борбата против самоубиствените напади.

Првиот чекор во борбата против самоубистениот тероризам е редовното работење на полициските службеници. При вршењето на патролна и позорна дејност, на својот реон на дејствување, полициските службеници први можат да забележат сомнителни движења, сомнителни лица, возила, и други сомнителни ситуации. Но само со редовното полициско работење не може да се спречи извршување на самоубиствените напади, туку само можат да се увидат одредени индиции и индикатори на евентуално егзистирање или подготовка на самоубиствен напад.

Првата конкретна активност која се превзема на полето на антитероризмот е разузнавањето. Разузнавачките служби преку својата дејност, вршат прибавување, проценување, анализа и презентација на информации коишто се потребни за остварување на успешната борба против самоубиствениот тероризам. Разузнавањето е комплексен процес, кој всушност претставува циклус од неколку главни елементи: барање, доделување на информации, собирање, известување за собирањето и анализа. Штом почне тркалото да се врти, тоа продолжува да се врти во правец на разоткривање на истрагата. Постојат повеќе видови на разузнавање, кои воглавно се делат на два вида, разузнавање од страна на човек или познато уште како Хуминт (human intelligence) и разузнавање преку техничките пронајдоци на човечката цивилизација, познато уште по името Технинт (technical intelligence). Според достапноста и целокупноста на податоците кои се добиваат директно преку човекот, разузнавањето може да се подели на: прикриено и отворено разузнавање. Најголемото внимание на разузнавањето треба да биде насочено кон временскиот интервал којшто е потребен за изведување на подготвителните активности. Потребно е внимателно следење на процесот на подготовка, бидејќи шансите за спречување на нападот, се поголеми доколку порано се открие ваквата активност. Не е кратко времето кое што е потребно за да се изврши пропаганда, да се пронајде терорист, да се изврши обука, да се избере безбедна куќа, да се набави оружје и експлозив и друго. Овој временски период е шансата за разузнавачите, подготвителниот период на самоубиствениот напад е можеби најзгодниот момент за да се изврши напад против терористичките организации. За да успешно се следи овој период, од досегашните анализи утврдени се голем број на прединдикатори и индикатори, коишто укажуваат на подготовка на самоубиствен напад или на одредно лице, како иден терорист самоубиец. Потребно е добро проучување на овие индикатори. Постоењето на индикатор не мора да значи дека станува збор за ситуација за дејствување, но секако претставува аларм и иницијатор на активност, по која треба да се постапува. Постоењето пак на повеќе индикатори, со многу поголема сигурност укажува на постоење на потенцијална опасност и за итно превземање постапки за негово спречување во најкраток можен рок. Со разузнавањето се добиваат конкретни информации за контакти, лични податоци за лица, адреси, финансиски средства, трансакциони сметки, канали на набавка, соработнички мрежи, контакти со повисоките слоеви на ќелиите и со врвот на терористичките организации. Овие информации можат повеќекратно да бидат искористени. При откривањето на одредено терористичко жариште при заплената на

документи и материјали, може да се дојде до корисни информации за други терористички ќелии, како и за терористичката организација на која тие ќелии припаѓаат. Па така, последователно може да се изврши сузбивање на ќелија по ќелија, што би резултирало со сузбивање на цела една терористичка организација. При разузнавањето, вниманието е потребно да се фокусира на точно одредени области, при што истовремено треба да се изврши и отфрлање на погрешните концепции, со што ќе се овозможи повеќе време посветено на најважните области за дејствување. При користење на разузнавањето, мора да се стекне реална проценка, за тоа што може, а што не може да се постигне на полето на самоубиствениот тероризам.

Откако ќе помине процесот на разузнавање, потребно е да се применат оперативно-тактички мерки, истражни дејствија и посебни истражни мерки, кои претставуваат единствен систем на дејства, кои се насочени кон пронаоѓање, откривање и разјаснување на структурата на самоубиствениот тероризам.

Во светот денес се познати голем број на антитерористички организации кои имаат постигнато исклучителни резултати во уништувањето на терористичките организации, апсења и ликвидации на припадници на терористичките организации. Помеѓу овие единици, најмногу истакнати се САС (В.Британија), Делта Форс, Американските морнарички „Фоки“(САД), Спецназ, ФСБ, Алфа Груп (Русија), Сајарет Маткал (Израел), ГИГН (Франција), САЈ (Србија)... На домашната сцена, на територијата на Република Македонија како антитерористички единици егзистираат Единицата за брзо распоредување и Единицата за специјални задачи од Одделот за специјални операции при централните полициски служби, додека во армијата ги имаме Баталјонот за специјални намени и Ренџерскиот баталјон како делови од Полкот за специјални операции..

На територијата на Република Македонија досега не е евидентиран самоубиствен терористички напад, ниту пак обид за таков случај. Но во соседството и регионот имаме неколку случаи на самоубиствени напади и обиди за такви случаи, што принудува на внимание и следење на актуелните случувања.

Местоположбата на Република Северна Македонија, етничкиот состав, мулти религиозноста, војните при распадот на СФР Југославија, војната на Косово, конфликот од 2001-та година, кумановските настани се индикатори кои укажуваат на шансите за случување на самоубиствен напад. Најголемата опасност сепак е појавата на радикалниот ислам.

Во последните неколку години сведоци сме на информации за борци на Исламската држава кои се македонски жители. Не е мал бројот на државјаните на Р.С.Македонија кои заминале во Сирија и Ирак со цел да се борат на страната на ИСИС. Овие лице можат многукратно да бидат искористени од вештите идеолози на ИСИС. Така освен за извршување на терористички напади, тие можат да бидат користени и како пропагатори во Р.С. Македонија, лица за контакт со организацијата, да бидат поставени за лидери на одредена ќелија која би работела на европска почва, како и да бидат вратени во Р.С. Македонија и тука да извршат евентуални самоубиствени напади.

Радикалните исламистички групи, евентуалните терористи инфилтрирани преку бегалската криза поврзана со војната во Сирија, борците вратените од фронтовите во Сирија и Ирак, како и ветераните од војните во Босна и Косово, како и конфликтот во Македонија се висечка и потенцијална опасност за безбедноста на државата, која не исклучува и преземање на самоубиствени терористички напади од нивна страна.

Заради ова, а и поради сите претходно наведени индикатори, македонските државни власти, а особено безбедносно-разузнавачките агенции мора сериозно и организирано да постапуваат со секоја сомнителна ситуација и првенствено активно да работат на полето на превенција од самоубиствениот тероризам.

Генерално земено, самоубиствениот тероризам е феномен кој може да се случи во секој момент, на сечија територија, во најразличен облик и изведен од страна на најразличен профил на личности. Оттука и произлегува неговата голема опасност. Неговото егзистирање е потешко воочливо за разлика од останатите видови на терористички акции и криминални поведенија во целост. Заради тоа потребна е една официјална заедничка генерална стратегија за борбата со самоубиствениот тероризам во која би влегле законските рамки, мерките и постапките кои треба да бидат преземени со цел минимализирање на оваа општествена негативна појава како преоден стадиум кон нејзино евентуално целосно уништување.

Во функција на превенирање на самоубиствените напади, поради тоа што полицијата не може да е насекаде во секое време, а терористите продолжуваат да развиваат стратегии кои го нарушуваат технолошкото одвраќање, организациите за спроведување на законот треба подобро да ги употребат граѓаните како проактивен ресурс во борба против тероризмот. Наместо да бараат од граѓаните да известуваат за сомнителни активности, силите за спроведување на законот треба да им дадат повеќе информации - тие треба да бидат обучени и научени што да гледаат, што да прават,

што да не прават и кого да повикаат. Граѓаните треба да се многу свесни и будни за сомнителни пакети, лица и акции кои би можеле да претставуваат закана за јавната безбедност.

Бидејќи традиционалното одвраќање - инстинктот за самозаштита - не може да се примени кај бомбаш самоубиец, мора да се развијат нови правила, концепти и парадигми кои ќе бидат успешни. Очигледно, како што се дискутираше во оваа наставна единица, запирањето на терористите пред тие да дојдат до целта е оптимална и најбезбедна цел. Ако не се успее во тоа, силите за спроведување на законот мора да применат неутрализација - едноставно да се обидат да го намалат ударот и опустошувањето предизвикани од бомбашот самоубиец. Во оваа фаза, интервенцијата е поврзана со голема опасност за минувачите и за силите за спроведување на законот. Како што беше кажано порано, повеќето бомбаши самоубијци ќе ја активираат нивната направа, без оглед дали ќе дојдат или не до посакуваното место. Секундарна направа или напад е секогаш можност, затоа секој план или одговор мора да ја земе предвид оваа можност.

Не може да се каже дека бомбашите самоубијци не можат да се запрат. Употребувајќи ги стратегиите дискутирани во оваа наставна единица:

- разузнавање и знаење за растечка закана;
- добро обучени сили за справување со терористи;
- проценка на психолошкиот профил на самоубијците;
- информирана и подготвена јавност; и
- сеопфатно планирана стратегија за итност и секоја случајност може да ја намалат фреквенцијата и ударите на бомбаши самоубијци.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

**Печатена литература:**

-Ангелески,М., Оперативна криминалистика, Скопје, 2005
-Ангелески,М., Криминалистички теории,Скопје, 2014
-Ангелески,М., Криминалистичка тактика I, Графос,Куманово,2007

-Батковски,Т.,Николовски,М., Спасески,Ј., Современи безбедносни системи,Факултет за безбедност,Скопје,2004

-Батковски Т., Разузнавачка и безбедносно-контраразузнавачка тактика, Јофи скен, Скопје,2008,

-Батковски.Т.,Тактика на работа на разузнавачката служба и службата за безбедност и контраразузнавање,Скопје,2008,

- Батиќ, Д. Крстеска, Р., Психопатологија, Факултет за безбедност- Скопје, 2018

-Бошковиќ, М., Криминалистичка методика-1, друго измењено и допуњењо издање, Полициска академија, Београд, 1998

- Белић, М., Васић, М., Историјско-правни аспект послова обезбеђење одређених личности и објеката, Безбедност, часопис Министарства унутрашњих послова Републике Србије, Београд, 1-2/2009, стр. 114

-Водинелиќ, В., Криминалистика, Београд, 1986

-Водинелиќ,В., Криминалистичка тактика, Скопје, 1995

-Георгиева,Л., Менаџирање на ризици,Скопје,2006 година

-Димитриевиќ,В.,Тероризмот во современиот свет-специјална војна психолшко-пропагандни аспекти, СЦЈССНО, Белград,1978

-Димовски, З., Меѓународен тероризам, Скопје, 2011 год

-Димовски,З., Тероризам, Графотранс,Скопје,2007

-Dimovski, Z., Krstevska, K., Ilijevski, I., Babanoski, K., Cyber attacks and their real threat for modern world, International scientific conference: The Balkans between Past and Future: Security, Conflict Resolution and Euro-Atlantic Integration, vol. I, Ohrid, Republic of Macedonia, 05-08.06.2013, pp. 634-648

-Centre for the Protection of National Infrastructure, Protecting against terrorism, third edition, 2010, p. 19-22

-Dimovski, Z., Ilijevski, I., Babanoski, K., Security-criminalistics dimensions of cyber-terrorist attacks, Thematic proceedings, International scientific conference, Preventing crime and European integrations, wth special overview on the hi tech crime, Colege for interior affairs, Department of police education, Ministry of interior of the Republic of Srpska and Hanns Seidel Stiftung, Laktashi, Banja Luka, 28-30.03.2012, pp. 65-77

-Димовски, З. Илијевски, И. Бабаноски К, заштита при терористички напади, Комора за приватно обезбедување на РМ, 2021

-Ѓорѓевиќ, О., Основи државни безбедности, Београд

-Закон за изменување и дополнување на кривичниот законик, Службен весник на РМ, бр.55 од 16.04.2013 година

-Закон за кривична постапка, „Службен весник на РМ“бр.150/2010

-Зукас Џ.А., Волтерс В.П., Експлозивни ефекти и апликации, Нампрес, Скопје, 2009

-Камбовски,В.,Меѓународно казнено право,Просветно дело,Скопје,1998

-Котески,М., Криминалистичка тактика 2, Скопје, 2008,стр.97

-Котески М.,Николовски М., Методика на истражување на општиот криминалитет, Факултет за безбедност, Скопје, 2008

-Котовчевски, М.,Национална безбедност на Република Македонија- III дел,Скопје, 2000

-Котовчевски М.,Современ тероризам, Македонска цивилизација,Скопје,2003

-Кривичен законик на Република Македонија, Службен весник на Република Македонија бр.08-2803/1 од 23.07.1996, Скопје

-Кронин, О., К., Лудс,Џ.,М., Напад на тероризмот,Скопје, Нампрес,2009

-Лабовиќ,М., Николовски, М., Организиран криминал и корупција, Факултет за безбедност, Скопје, 2010,

-Малиш-Саздовска, М., Разузнавачки циклус-прирачник, Скопје, 2005

-Масонско огледало-издание 19,4 јули 1868

-Миќуновиќ,Љ.,Современ лексикон на странски зборови и изрази,Наша книга, Скопје,1995

- Павловић, Н., Модели праћења и процењивање безбедносне ситуације у функцији обезбеђења и заштите одређене личности, специјалистички рад, Криминалистичко-полицијска академија, Београд, 2013, стр. 19

-Петровиќ,Д., Самоубилачки тероризам, Институт за упоредно право, Београд,2009 год.

-Прирачник за обука на тимови за реакција на кризи, Инструктори од САД

-Силјанов, Х., Ослободителните борби во Македониа, Том I

-Сулејманов,З.,Криминологија, Институт за социолошки и политичко правни истражувања, Скопје, 2003

-Смилески, Р., Методика на истражување на пожари и експлозии, Скопје, 2010

-Шалијан, Ж. и Блин,А., Историја на тероризмот од антиката до Ал каеда, табернакул, 2009 год

-Banicevic, N.,Medjunarodno pravni I institucionalni aspekti borbe protiv terorizma, 1.2.Definicija terorizma,

-Baur, G., Production of antihydrogen.Phys.lett, 1996

-"Brutal Efficiency: The Secret to Islamic State's Success". *Wall Street Journal*. 3

-C.Frank, Islamikazes: Manifestations of Islamic Martyrology, London, 2004

- *Definitions of Terrorism, United Nations Office on Drugs and Crime. Archived from the original on 2007-05-27. Retrieved 2007-06-27*

-Gambetta, D., (2005). *Making sense of suicide missions*. Oxford; New York: Oxford University Press

-I., Rabinovich, *Israel in the Middle East*,2010

-Journal of Economic Perspectives,Human Capital and the Productivity of Suicide Bombers ,Volume 21, Number 3, Summer 2007. Pages 223–238Archived January 27, 2013, at the Wayback Machine.

Dimovski, Z., Krstevska, K., Ilijevski, I., Babanoski, K., Cyber attacks and their real threat for modern world, International scientific conference: The Balkans between Past and Future: Security, Conflict Resolution and Euro-Atlantic Integration, vol. I, Ohrid, Republic of Macedonia, 05-08.06.2013, pp. 634-648

[1] Centre for the Protection of National Infrastructure, Protecting against terrorism, third edition, 2010, p. 19-22

[1] Dimovski, Z., Ilijevski, I., Babanoski, K., Security-criminalistics dimensions of cyber-terrorist attacks, Thematic proceedings, International scientific conference, Preventing crime and European integrations, wth special overview on the hi tech crime, Colege for interior affairs, Department of police education, Ministry of interior of the Republic of Srpska and Hanns Seidel Stiftung, Laktashi, Banja Luka, 28-30.03.2012, pp. 65-77

-Димовски, З. Илијевски, И. Бабаноски К, заштита при терористички напади, Комора за приватно обезбедување на РМ, 2021

-John E. *Muslims and the News Media*. 2006

-HOFFMAN, B., , "The Logic of Suicide Terrorism", June 2003,*The Atlantic*. Retrieved13 October 2015

-Lewis, B., The assassins, A radical sect in Islam,Basic books,2003

-Lewis, J. W., "The Human Use of Human Beings: A Brief History of Suicide Bombing".,(April 2013), *Origins*. **6** (7).

Retrieved 21 October 2015.

-Martha C., John P., *International Encyclopedia of Terrorism*, Routledge. 2015,

-Schmidt,A., Political terrorism,Amsterdam, Nort-Holland,1983,p

-S.G.F. Brandon, Jesus and the Zealots, A study of the political factor in primitive Christianity, Manchester, Manchester University press, 1967

- Sherman, J., *The Political Economy of Armed Conflict: Beyond Greed and Grievance*,2003, New York: Lynne Rienner Publishers

-Wentz, G., Jurus, A., Mens with green faces, St.Martin’s press,1993

**Интернет литература:**

-http://www.larousse.fr/dictionnaires/francais/terreur/77456#ZkGSHwrtRehB5mIe.99

-https://www.interpol.int/News-and-media/News/2002/PR010

-http://www.ccvista.taiex.be/showDoc.asp?celex=32001E0930

-http://www.slideshare.net/neebitno/65-terorizam-i-antiterorizam

-https://aoav.org.uk/2013/a-short-history-of-suicide-bombings

-http://okno.mk/node/45572

-http://www.npr.org/sections/thetwo-way/2016/04/12/473920159/boko-haram-increasingly-using-children-in-suicide-attacks-unicef-says

-https://www.quora.com/All-Muslims-are-not-terrorists-but-all-terrorists-are-Muslims-Why-is-it-so-I-am-talking-about-the-major-terrorist-groups

http://www.macedonium.org/Macedonium.aspx?jazik=2&kid=9&pid=33&ppid=277&tid=1719

-http://www.spiegel.de/international/world/islamic-state-how-the-is-trains-child-soldiers-a-1103941.html

-http://tribune.com.pk/story/891121/islamic-state-says-it-could-buy-nuclear-weapon-from-pakistan-within-a-year/

-http://www.newyorker.com/magazine/2002/10/14/in-the-party-of-god

-http://www.obuch.info/biblejski-sbitiya.html?page=6

-https://www.mi5.gov.uk/espionage

-http://www.bbc.com/news/magazine-34312450

-http://www.forbes.com/2001/09/14/0914whoisobl.html

-http://ig.ft.com/sites/2015/isis-oil/

-http://www.fatf-gafi.org/media/fatf/documents/reports/Financing-of-the-terrorist-organisation-ISIL.pdf

-https://web.archive.org/web/20060813235905/http://www.fatf-gafi.org/document/9/0,2340,en_32250379_32236920_34032073_1_1_1_1,00.html

-https://web.archive.org/web/20060814155117/http://www.fatf-gafi.org/document/28/0,2340,en_32250379_32236930_33658140_1_1_1_1,00.html

- http://www.bbc.com/news/magazine-34312450

-http://www.forbes.com/2001/09/14/0914whoisobl.html

-http://ig.ft.com/sites/2015/isis-oil/

-http://www.fatf-gafi.org/media/fatf/documents/reports/Financing-of-the-terrorist-organisation-ISIL.pdf

-https://web.archive.org/web/20060813235905/http://www.fatf-gafi.org/document/9/0,2340,en_32250379_32236920_34032073_1_1_1_1,00.html

-http://www.fatf-gafi.org/publications/high-riskandnon-cooperativejurisdictions/documents/public-statement-february-2016.html

-http://www.ufr.gov.mk

https://en.wikipedia.org/wiki/United_States_Navy_SEALs#cite_note-54

-https://www.washingtonpost.com/blogs/blogpost/post/navy-seals-who-killed-osama-bin-laden-are-from-the-elite-team-6/2011/05/02/AFCC93YF_blog.html

-http://www.inertproducts.com/home

https://www.cpni.gov.uk/personnel-and-people-security

https://www.protectivesecurity.govt.nz/assets/Personnel-security/e63eedae7c/Guide-to-personnel-security-for-your-organisation.pdf

https://www.investopedia.com/terms/b/business-continuity-planning.asp

https://www.icaew.com/about-icaew/regulation-and-the-public-interest/business-continuity-plan

-https://en.wikipedia.org/wiki/Alpha_Group#Operations_2

http://oxfordresearchgroup.org.uk/publications/paul_rogers_monthly_briefing/uk_special_forces_accountability_shadow_war

- http://cpostdata.uchicago.edu/search_results_new.php

-http:// google.com/"Abu Bakr al-Baghdadi: The man who would be caliph". *The Week*. 13 September 2014. Retrieved7 December 2014.

-http://Ibp Usa, *Russia Foreign Policy and Government Guide*.